Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Филозофски факултет**

**Институт за историја**

# МЕМОАРСКАТА ЛИТЕРАТУРА КАКО ИЗВОР ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

**(магистерска теза)**

**Ментор: Проф. д-р. Ванчо Ѓорѓиев**

**Кандидат: Александар Каровски**

**Скопје, 2013 година**

„Мислата дека треба да се напише нешто за Револуционерната организација ми го облева срцето со крв. Да се пишува за една организација, која за резултат го има упропастувањето на Македонија, макар што не е самата организација, туку Софија со својот цар, со своите министри и генерали, со својата државна, а не национална политика, ја погреба Македонија и и причини огромни жртви во луѓе и материјални блага, а јас пак се чувствувам виновен за сите тие злосреќни што со моите другари станавме причина за револуционизирањето и, во последица на тоа, погубувањето на Македонија и Македонците. И јас се чудам на македонскиот дух, како тие луѓе не не убија со камења откако го согледаа грозниот излез на нашата револуционерна иницијатива. Цела Македонија, како еден човек, со трогателна еднодушност тргна по нас, ни ја даде сета своја подршка и својата морална доверба; ние го водиме кон ослободување, а излезе дека сме го воделе кон упропастување и кон ново, уште потешко ропство; и при такви, дијаметрално противположни резултати, пак да не не обвинува, да не не навредува, да не мрмори против нас - создавачите на Револуционерната организација, туку молчаливо и со полна покорност на својата судба, да си го подземе тешкиот голготски крст, - тоа предизвикува во мене адмирација и велам:„ **Македонци, вие не сте само херои, туку и светци. За вас сите жртви се заслужени“.**

***Иван Хаџи Николов***

# СОДРЖИНА


СОДРЖИНА ........................................................................................................ 1
ВОВЕД ................................................................................................................. 2
ГЛАВА I ЗНАЧЕЊЕ НА МЕМОАРСКАТА ЛИТЕРАТУРА КАКО ИЗВОР ........................ 4
I.1. Значење на мемораската литература како извор за Историјата на МРО ............ 4
ГЛАВА II ПРЕГЛЕД НА МЕМОАРСКАТА ЛИТЕРАТУРА КАКО ИЗВОР ЗА МРО...... 11
II. 1. Спомени запишани непосредно по Илинденското востание........................ 11
II. 2. Спомени и мемоари настанати во периодот меѓу двете светски војни ......... 14
II. 3. Спомени и мемоари настанати по Втората светска војна во Македонија....... 17
II. 4. Спомени и мемоари запишани од лица кои не биле членови на МРО ........... 19
ГЛАВА III ПОСТАНОК НА МЕМОАРСКАТА ЛИТЕРАТУРА И ВЛИЈАНИЕТО НА ВРЕМЕТО ВРЗ НЕЈЗИНИОТ КАРАКТЕР ...................................................................... 23
III. 1. Постанок на мемоарската литература и општествено - политички промени во времето кога настанувала.................................................................................... 23
III. 2. Присуството на субјективниот момент во мемоарската литература, погрешната хронологија и влијанието на идеологијата при настананокот на мемоарската литература .. 28
III. 3. Влијанието и искористеноста на мемоарската литература врз историографијата што се занимава со МРО ............................................................................................ 31
ГЛАВА IV КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА МЕМОАРИТЕ................................................... 37
IV.1. Влијанието на местото и улогата на личноста што ја заземал во македонското револуционерно движење врз содржината на спомените........................................ 37
IV.2. Влијанието на образовно ниво на личностите врз содржината и квалитетот на спомените............................................................................................................ 39
ГЛАВА V Вреднување на меоарската литература за МРО........................................ 42
V.1. Содржината и значењето на информациите во мемоарската литература за МРО ......... 42
V. 2. Вреднување на мемоарската литература како извор за МРО ........................ 145
ЗАКЛУЧОК ....................................................................................................... 151
БИБЛИОГРАФИЈА............................................................................................. 158
1. Мемоарска литература.................................................................................... 158
2. Литература.................................................................................................... 162
3. Весници и Списанија ...................................................................................... 164

# ВОВЕД

Македонската револуционерна организација е главниот двигател на македонскиот народ во неговата борба за „политичка автономија“ во рамките на Османлиската држава, како преодна етапа кон независна македонска држава.

Историјата на МРО, во глобала или парцијално на нејзините протагонисти, е една од најистражуваните теми во македонската историографија.[1] Оваа тема е предмет на интерес и во некои од соседните балкански историографии, особено во Бугарија, па и во некои западни земји.[2] Голем дел од изворите за оваа тема имаат мемоарски карактер и врз основа на оваа литература се изградени различни ставови и заклучоци. Оваа констатација особено се однесува на почетниот развоен период на МРО, период во кој поради отсуство на оригинална документација, празнината се пополнува со мемоарската литература. Оттука, мемоарската литература масовно е експлоатирана при проучувањето на историјата на МРО. Секој, дури и помлад проучувач на историјата на МРО, при посериозен обид да навлезе во историографијата која се занимава со оваа прашање, веднаш ќе забележи дека некои автори, критички се однесуваат кон мемоарската литература, додека други, воопшто не обраќаат внимание на недостатоците и контрадикторностите на овој вид литература, кој сепак има ниво на извор. Постојниот критички однос на одделни автори кон оваа литература и податоците во неа не наведе на мисла дека е неопходно посериозно проучување на споменатиов проблем. Со оглед на изнесеново, во консултации со проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, утврдивме дека до сега не постои ниту еден систематски и аналитичен труд кој ја проучуваа оваа проблематика. Оттука е и определбата тоа да биде предмет на нашата магистерска теза. Основна цел на нашево истражување ќе биде мемоарската литература како извор за историјата на МРО.

Најголемиот дел од мемоарската литераура која е предмет на анализа во магистерската теза е запишана од професорот Љубомир Милетич, непосредно по завршување на Илинденското востание. Оттука, овие мемоари се на прво место во нашево истражување.

---

[1] Со оваа проблематика во македонската историографија поконкретно се занимаваат: Љубен Лапе, Христо А. Полјански, Манол Пандевски, Димитар Димевски, Славко Димевски, Иван Катарџиев, Крсте Битовски, Ванчо Ѓорѓиев, Марија Пандевска, Александар Трајановски, и др.

[2] Од бугарските историчари кои посериозно се занимаваат со историјата на МРО ќе ги издвоиме: Христо Силјанов, Константин Пандев, Дино Ќосев, Иван Белев, Дојно Дојнов и др. Во западните земји интерес за оваа проблематика пројавуваат: Данкан Пери, Ханс - Лотар Штепан, Мерсиа Мекдермот, Хенри Брејлсфорд.и др.

Покрај тоа во трудот ќе ја анализираме и останатата мемоарска литература што настанала во подоцнежниот период. Значаен дел од овие спомени биле запишани од Бојан Мирчев. Накратко, во трудот ќе ја анализираме и вреднуваме сета мемоарска литература, која настанала по разни начини.

Се надеваме дека со нашето истражување ќе дадеме скромен придонес при проучувањето на оваа проблематика и ќе укажеме на нејзините пропусти и потребата од сериозен критички пристап при нејзиното користење.

Хронолошката рамка на нашево истражување се однесува на податоците во мемоарската литература која засега прашања од формирањето на МРО (1893 г.) па се до Балканските војни (1912/13 г). Станува збор за период од 20 години низ кој македонското револуционерно движење поминало низ повеќе фази. Тоа е време на воспоставување на базичната мрежа на МРО; изградување на четничкиот институт; судир со Бугарското револуционерно братство; комплицирани, а почесто и непријателски односи со Врховниот македонски комитет; Илинденското востание; како и разногалсијата и кризата во Организацијата по востанието; симнувањето на четите по Младотурската револуција и учеството на членовите на МРО во Балканските војни.

При истражувањето особено внимание ќе обрнеме на обемот на мемоарската литература, времето на настанување и неговото влијание, субјектвивниот момент, идеолошкото влијание, искористеноста на овој вид литература во историографијата и вреднувањето на мемоарската литература како извор за историјата на МРО.

Со истражувањето на Мемоарите и нивната анализа, можат да се добијат одговори на многу сеуште отворени прашања за историјата на МРО и на Македонија. Така, во овој труд големо внимание е посветено на ставовите на револуционерите по прашањето за кревањето на Илинденското востание; за авторитетот на главните раководители во Организацијата, пред се Гоце Делчев и Даме Груев и нивното раководење со Организацијата; за ставот на македонските револуционери за Младотурската револуција и т.н. Особено внимание е посветено на потенцирањето на македонскиот карактер на Организацијата од страна на запишувачите, како и нивното чувство за македонска припадност. Се надевам дека со овој прилог ќе дадеме скромен придонес кон расветлување на овие сеуште горливи прашања.

# ГЛАВА I

# ЗНАЧЕЊЕ НА МЕМОАРСКАТА ЛИТЕРАТУРА КАКО ИЗВОР

## I.1. Значење на мемораската литература како извор за историјата на МРО

1. За значењето на мемоарската литература, на самиот почеток ќе го цитираме нашиот познат и признат историчар, Христо Андонов Полјански кој вели: „Мемоарите и мемоарските материјали како спомени за историските настани претставуваат вид на основни историски извори и со тоа имаат историска и историографска вредност“.[3] Сепак, кога зборуваме за мемоарската литература и нејзиното значење како извор за одредени историски настани, мора да бидеме реални и да кажеме дека спомените не се и не можат да бидат објективна слика за животот, за настаните и за личностите, кои се главни актери во тие настани. Постојат повеќе објективни причини кои не наведуваат на оваа мисла. Прво е несовршеноста на памтењето на запишувачите на спомените; потоа природната пристрасност на авторот кон неговата улога во настаните; притисокот на времето врз неговата објективност и на крајот, настаните кои ги опишува авторот на мемоарите, се гледани низ неговата призма, онака како тие се врежале во неговата меморија. Тоа го истакнува и Х. А. Полјански и предупредува: „Меѓутоа, посебно за некои мемоари е карактеристично тоа што во нив е преувеличана улогата на главната личност, потоа што тие се пишувани за разни цели и потреби ... Од друга страна, во некои од нив свесно или несвесно се премолчувале некои важни факти, кои не одговарале за разбирањето на составувачот“.[4]

Сепак, и во ваква форма, свесни за сите ризици кои ги носи овој вид на литература, таа во светски рамки е многу почитувана и барана. Едноставно, не постои национална литература која не изобилува со ваков вид литература. Во тој контекст и нашата национална литература, може да се пофали со обемна мемораска литература од периодот пред и по завршувањето на Илинденското востание, период које е во доменот на нашата магистерска теза.

---

[3] Х. А. Полјански, Мемоарите и нивната историска вредност, Историја, СИДРМ, год. XIX, број 1, Скопје, 1983, 231.

[4] Исто, 233.

Нашиот познат пистаел, Коле Чашуле, во својата книга „Антимемоари“[5] вели дека „Секој жив човек е приказна“.[6] Сепак, приказната продолжува да живее само ако продолжи да се прераскажува или ако се запише, бидејќи, колку и да се значајни и битни за една историја спомените, тие со тек на времето може да избледат или целосно да исчезнат. Токму затоа, запишувањето на спомените, е многу битна и благотворна работа, посебно за настани за кои немаме обемна оригинална документација.

За значењето на мемоарската литература во нашата историографија, ќе го цитираме и Симо Младеновски кој вели: „Прашањето за користење на мемоарските материјали како историски извори суштински е нераздвоен проблем од општата проблематика на современата историографија. Како историски извори, тие имаат специфичен карактер, давајќи можност на истражувачот за комплексна обработка на историските настани. Во тој однос, секој мемоарски материјал е добредојден и ја збогатува нашата историска и културна ризница, а историксите податоци содржани во нив се од неоценлива научно – историска вредност“.[7]

Јасно е дека несовршеноста на памтењето и пристрасноста на самите запишувачи, се фактори кои ја намалуваат вредноста на мемоарите од научна гледна точка, но од друга страна, тие оставаат простор за живописноста на самите сведочења.

Кога станува збор за квалитетот, а особено за објективноста на мемоарската литература и нејзиното користење за научни цели, постојат различни размислувања и методолошки пристапи. Сепак повеќето научници се сложуваат дека мемоарската литература треба да се користи внимателно и со резерва, особено за настаните за кои постои обемна оригинална документација.

Меѓутоа, еден од главните проблеми при проучувањето на МРО, особено времето на нејзиното создавање и нејзиниот развој во најбурниот период, е токму недостигот на оригинална документација. Оттука, засега како единствени извори за овој период, остануваат мемоарите запишани од современиците и учесниците во самите настани, а некои од нив се со непроценливо значење и како такви се неодминливи. Затоа и Х. А. Полјански потенцира дека: „Во историографијата се повеќе преовладува мислењето дека мемоарите со својот историско -

[5] Коле Чашуле, Антимемоари, МАНУ, Скопје, 2009.

[6] Исто, 17.

[7] Симо Младеновски, Мемоарските материјали како историски извори, Историја, Списание на сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, год.XII, број 1-2, Скопје, 1976, 187.

документарен карактер се значајни историски извори и се користат, во случај кога не постојат никакви други извори, за разработка и разјаснување на историските настани.[8]

Мемоарската литература, засега останува како единствен извор за повеќе настани: за чинот на формирањето на МРО; Ресенското советување; Солунскиот конгрес (1896); Софиското советување и ставот за востанието (1903). Исто така запишувачите на настаните ни даваат и директни сведоштва за целите на Организацијата, како започнало воспоставувањето на нејзината базична мрежа; како функционирале нејзините институции; како течеле настаните во Илинденското востание; каква била ситуцијата и атмосферата по востанието итн.

2. Во други ситуации мемоарската литература пополнува празнини и таму каде што постои оригинална документација. Тука повторно ќе го цитираме Полјански кој вели: „Освен тоа, тие (мемоарите) се користат и како делумно дополнение на документацијата, како спореден извор, како материјал што придонесува за поцелосен опфат на третираниот проблем.[9] Пример за тоа се Солунскиот и Смилевскиот конгрес од 1903 година. Ние ги имаме официјалните протоколи од Солунскиот и Смилевскиот конгрес, меѓутоа од мемеоарската литература дознаваме многу повеќе за ставот на поединици во врска со ова прашање, како и за текот на овој конгрес. Така на пример професорот Ванчо Ѓорѓиев во својата книга „Подземната република“,[10] во врска со Смилевскиот конгрес пишува: „За разлика од протоколот, меморaската литература нуди богати и разновидни информации за текот и работата на Конгресот. Меѓутоа, во неа пак е присутен субјективниот момент“.[11]

Гане Тодоровски во контекст на мемоарската литература во својата книга „Трактати за сонцељубивите“во делот во кој говори за записките на Иван Хаџи Николов вели: „Иако многу што во тие податоци и коментари ќе биде обоено со лесно препознатлива пристрасност, со карактеристична субјективнсот од која болуваат речиси сите мемоари, та затоа и историографијата како наука не инсистира многу на нив, сепак, тие податоци и коментари се јавуваат како вонредна надополна на она што веќе ни е познато, на она што било обилно користено во нашата историска наука...“[12]

---

[8] Х. А. Полјански, Мемоарите..., 231.

[9] Исто.

[10] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Тримакс, Скопје, 2010.

[11] Исто, 291.

[12] Гане Тодоровски, Трактати за сонцељубивите, Култура-Скопје, 1974, 113.

Секако, оригиналната документација не може така описно да ги прикаже настаните како што тоа го опишуваат самите актери во иститe. Затоа и Иван Катарџиев во предговорот на преводот на спомените на Иван Х. Николов, Даме Груев ...,[13] го потенцира тој факт кога вели: „Се разбира, укажувањето на резултатите на научните сознанија во никој случај не значи девалвирање на спомените. Напротив, тие го добиваат она значење што воопшто им припаѓа на кажувањата: на читателот да му ја доловат атмосферата, духот, заблудата, романтизмот, шпекулациите на политиката на времето и просторот".[14] Истиот автор во преводот на спомените за С. Арсов, П. Кљашев ...,[15] повторно ја потенцира важноста на мемоарите за доловување на атмосферата во Организаицјата и вели: „Спомените на учесниците во бурните настани од Илинденското востание што овде се објавуваат не може да ги надомести никаков документ. Тие се извонреден извор кој дава можност пластично и непосредно и сега, скоро сто години по востанието, читателот да ја доживее сета онаа атмосфера што постоела во време на настаните".[16]

3. Поголем проблем настанува кога некој сака со фризирање на запишаните спомени, да даде некое свое гледиште на настаните. Затоа, Ванѓа и Коле Чашуле, во предговорот на Мемоарите на Димитар Влахов, предупредуваат дека: „Секој обид за насилна објективизација на сведочењето низ спомените, бездруго води до нивно изродување, во обиди настаните и луѓето да бидат сведочени не со свеста на запишувачот на спомените, туку со други чинители што се вон од него".[17]

Фактот дека повеќето спомени од актерите во настаните ги раскажувале пред своите запишувачи, остава сомнеж дека постои можност спомените да се фризираат од страна на запишувчите, во зависност од нивните идеолошки определби и притисокот на политиката на државата во која се објавуваат.

Повеќето редактори на преведените спомени во Македонија, во предговорите го критикуваат професорот Милетич дека ги фризирал запишаните спомени, без да наведат некои конкретни примери. Сепак, некои македонски историчари даваат и конкретни примери во кои се гледаат „ненамерните" пропусти од страна на бугарските запишувачи на мемоарите.

---

[13] Спомени на И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков д-р. Х. Татарчев редакција Иван Катарџиев, Култура, Скопје 1995.

[14] Исто, 23.

[15] Спомени на С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г.Папанчев, Л. Димитров, редакција Иван Катарџиев, Култура, Скопје, 1997.

[16] Исто, 21.

[17] Димитар Влахов, Мемоари, второ издание, Издавачка куќа Слово, Скопје, 2003, 13.

Така, професорот Ванчо Ѓорѓиев во книгата „Подземната република", го посочува проблемот во спомените на Даме Груев, кои се запишани од професорот Љубомир Милетич. Во една друга пригода, тој пишува дека спомените на Даме Груев од страна на Љ. Милетич се објавени во две варијанти..[18] Притоа, првата варијанта била објавена во 1907 година во две продолженија во „Македоно-одрински преглед",[19] а втората варијанта во 1927 година заедно со спомените на Борис Сарафов и Иван Гарванов.[20] Професорот В. Ѓорѓиев извршил компаративна анализа меѓу двете варијанти од единствените спомени на Д. Груев и заклучува дека „двата текста на некои места значајно се разликуваат, а одредени делови од едната, воопшто не постојат во другата варијанта".[21] Оттука, В. Ѓорѓиев констатира дека Љ. Милетич при „редактирањето на спомените вршел селекција и изоставање на одредени искажувања од страна на Груев". Поради тоа Ѓорѓиев предупредува, дека спомените треба да се користата со „висока доза на резерва".[22] Своето тврдење професорот Ѓорѓиев го поткрепува со два конкретни примери. Имено во првообјавените спомени на Д. Груев од 1907 година, постои подолго искажување за односите помеѓу МРО и Бугарското револуционерно братство. Меѓутоа во втората варијанта (1927) за тоа постои само една реченица. Од друга страна, во втората варијанта (1927) од спомените на Д. Груев е пренесено неговото искажувањето за Б. Сарафов, кој за време на Смилевскиот конгрес тврдел дека еден бугарски министер ветувал воена помош за востанието со вмешување на Бугарија. Меѓутоа, професорот Ѓорѓиев забележал дека овој дел од искажувањето на Груев, воопшто не постои во првата варијанта од спомените, објавена во 1907 година.[23] Поради тоа В. Ѓорѓиев констатира дека во првата варијанта од спомените на Груев, приредувачот Љ. Милетич свесно ги заштитил, Б. Сарафов и бугарската влада, а во втората варијанта е заштитен Иван Гарванов.[24]

---

[18] Ванчо Ѓорѓиев, Нови моменти од животот и дејноста на Дамјан Груев. Зб. Дамјан Груев (1871-1906), 100 години од неговата смрт (1906-2006), Прилози од научниот собир одржан во Берово на 16 и 17 декември 2006, Скопје, 2007, 32-34.

[19] Македоно-одрински пръегледъ, г. II, бр. 30, 11 март 1907, 467-470, и бр. 31, 18 март 1907, 486-488; Даме Груев-Спомени. Кореспонденция. Предговор, съставителство и бележки Цочо Билярски, София, 1999, 37-47.

[20] Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга V, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1927.

[21] В. Ѓорѓиев, Нови моменти..., 33.

[22] Исто.

[23] Исто, 34.

[24] Исто.

Сомневање во веродостојноста на запишувачите на спомените изнесува и Гане Тодоровски. Имено тој во статијта „Можно ли е и нужно ли е датирањето на македонската нација“,[25] ги анализира спомените на Иван Х. Николов и укажува на некои пропусти од страна на запишувачот Христо Шалдев.

Проучувајки ја ова проблематика се обидовме да направиме споредба на спомените на Х. Татарчев, бидејќи првиот Претседател на МРО, освен првите спомени запишани од Љ. Милетич, во Торино, Италија во периодот од 1934 до 1936 година, запишал многу поопширини спомени на истата тема. Иако станува збор за два различни текста кои настанале во различни места со долга временска дистанца, сепак очигледна е разликата при презентирање на фактите. Тука, оставаме можност дека и самиот Татарчев има направено пропусти, со оглед на временската дистанца во која се пишувани спомените, но не се отфрла ни можноста, истите да се пишувани различно под притисок на времето и општествено - политчките околности.

Во врска со фризирањето на спомените, повторно ќе ги цитирам Ванѓа и Коле Чашуле, кои во предговорот од мемоароите на Влахов ќе напишат: „Наше цврсто верување е дека секој обид да се игнорира неодминливата стварност на несовршеноста на човековото паметење и природната доза на пристрасност (дури и кога тој свесно и најзагрижено ја одбегнува) – неизбежно води кон изродување на самите спомени од автентична визија кон фризирана литература“.[26]

Сепак, мора да се сложиме дека, колку и да се субјективни Љ. Милетич и останатите запишувачи и раскажувачи на спомените во Бугарија и во Македонија, со запишувањето на спомените, тие собрале драгоцен материјал, кој со натамошно критичко проучување, пополнува една значајна празнина од историјата на македонското револуционерно движење. Треба да истакнеме дека благодарение на Љ. Милетич и останатите запишувачи, денес имаме директни сведоштва на повеќето истакнати работници во Организацијата, кои секако даваат непроценлив придонес за историјата на МРО во нејзиниот зародиш и секако за нејзиниот најактивен период. Самиот Љ. Милетич во една од издадените книги вели како проценил дека доколку не ги запише некои од спомените на сеуште живите дејци на МРО, историјата

[25] Гане, Тодоровски, Можно ли е и нужно ли е датирањето на раѓањето на македонската нација. (Уште еднаш над спомените на Иван Х. Николов), Зборник, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Прилози од научен собир, одржан на 21-23. октомври 1993 год. МАНУ, Скопје, 1994.

[26] Д. Влахов, Мемоари ..., 14.

можеби никогаш нема да се запознае со главните протагонисти на Организаицјата која го повела македонскиот народ во општо востание за ослободување на Македонија.

Во овој контекст ќе го цитираме и нашиот историчар Љубен Лапе, кој во предговорот кон книгата „Ѓорче Петров, Спомени, коресподенција“ за заслугите на Љубомир Милетиќ за македонската историографија ќе запише: „негова несомнена заслуга е што самоиницијативно дошол на срећната идеја да ги запише и објави спомените на редица творци и учесници во македонското националноослободително движење, посебно на врвните учесници во Тајната македонско - одринска револуционерна организација (ТМОРО) и по тој начин да зачува од заборавот маса непознати податоци за ова движење и за Организацијата, како и за нивните водачи.[27]

[27] Љубен Лапе, Ѓорче Петров, Спомени, коресподенција, Култура-Скопје, 1984, 9.

# ГЛАВА II

# ПРЕГЛЕД НА МЕМОАРСКАТА ЛИТЕРАТУРА КАКО ИЗВОР ЗА МРО

Мемоарската литература за историјата на МРО е доста обемна. Таа е запишувана и објавувана во различни временски периоди. Во овој труд се обработени над 60 мемоари на членови на МРО, но и на лица кои не биле членови на Организацијата, но по разни основи имале контакти или соработка со неа.

## II. 1. Спомени запишани непосредно по Илинденското востание

1. Првите мемоари ги запишал Љубомир Милетич кој го искористил присуството на поголемиот број истакнати работници на МРО кои по Илинденското востание се засолниле во Софија, каде успеал да ги убеди да му ги соопштат своите спомени. Почнувајќи од крајот на 1903 година, па во наредните неколку години, професорот Милетич ќе ги запише спомените на: Славејко Арсов, Пандо Кљашев, Иван Попов, Смиле Војданов, Дејан Димитров, Никола Митрев, Лука Ѓеров, Ѓорѓи Поп Христов, Анѓел Андреев, Георги Папанчев, Лазар Димитров, Даме Груев, Борис Сарафов, Иван Гарванов, Павел Шатев, Јане Сандански, Христо Чернопеев, Сава Михајлов, Христо Куслев, Иван Анастасов - Грчето, Петар Јуруков, Никола Пушкаров, Ѓорче Петров, Михаил Герџиков и Христо Татарчев.

Јасно е дека професорот Милетич го собрал поголемиот дел од кремот на Организацијата, бидејќи сите запишани спомени се од личности кои биле во самиот врв на Организацијата. Затоа овие спомени изобилуваат со интересни податоци за создавањето и развојот на МРО. Тие се основата на сета подоцнежна литература за историјата на македонското революционерно движење. Од друга страна, овде веднаш ќе додадеме дека овие спомени имаат уште една голема важност. Некои од нив се запишани веднаш по востанието или во временски распон од неколку години потоа. Тоа е време кога природно сеќавањата се свежи, а луѓето сеуште биле под  импресии од настаните и малку воделе сметка за судот на историјата, за угодување на домицилната земја и слично. Оттука вредноста на овие спомени во однос на оние што се запишани 20 - 30 години подоцна е многу поголема.

Инаку Љубомир Милетич е бугарски славист и историчар, кој е роден во Штип, каде татко му бил учител. Мајка му е Македонка и потекнува од Велес. Татко му бил Бугарин со потекло од Австро - Унгарија. Иако ставовите на Љубомир Милетич вообичаено биле пробугарски и крајно националистички, неговиот интерес за истражување на историјата на МРО, остава впечаток дека сепак потајно професорот Милетич не го заборавил македонското потекло од мајка му. Инаку како да се објасни неговата мисла дадена во предговорот на спомените на Павел Шатев: „И додека старите живи борци и после катастрофата во 1903 година продолжија да стојат на функцијата, таа херојска Македонија роди нови херои. И така ќе продолжи се до крајот, до кога ќе се постигне целта, ослободување на Македонија“.[28] Можеби условите и притисокот од бугарското општество не му дозволиле отворено да зборува, но ние мораме да му бидеме благодарни за придонесот кој професорот Милетич го дал за македонската историографија.

Првите спомени што ги објавил професорот Милетич се спомените на Дамјан Груев. Тие се објавени во 1907 година во две продолженија во списанието „Македоно-одрински преглед“, набрзо по убиството на Даме Груев.[29] Во 1922 година, во Зборник - Илинден, професорот Милетич објавил дел од спомените на д-р. Христо Татарчев.[30] Сепак, најколосалното негово дело се спомените објавени во 9 од 11 книги од едицијата „Материјали за историјата на македонското ослободително движење“ во периодот од 1925 до 1928 година. Од оваа едиција, во книга I и II, во 1925 година се објавени спомените на Славејко Арсов[31] и Пандо Кљашев.[32]

Во 1926 година, во книгата III и IV се објавени спомените на Иван Попов, Смиле Војданов, Дејан Димитров, Никола Митрев,[33] Лука Ѓеров, Георги Поп Христов, Анѓел

[28] Солунскиятъ атентатъ и заточеницитѣ във Фезан. По спомени на Павелъ П. Шатевъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга VI. София, 1927, 10.

[29] Македоно - одрински пръегледъ..., 37-47.

[30] Д-р. Христо Татарчевъ, Спомени отъ миналото, Сб. Илинденъ, София, 1922.

[31] Възстаническото движение в Югозападна Македония (до 1904 год.). По спомени на Славейко Арсовъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга I, издава Македонскиятъ наученъ институтъ,София 1925.

[32] Освободителната борба въ Костурско (до 1904 год.). По спомени на Пандо Кляшевъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга II, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1925.

[33] Борбата въ Костурско и Охридско. По спомени на Иванъ Поповъ, Смиле Войдановъ, Деянъ Димитровъ и Никола Митревъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга III, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София 1926.

Андреев, Георги Папанчев и Лазар Димитров.[34] Георги Поп Христов во 1953 година, запишал многу пообемни спомени, кои ги објавил во книгата со наслов „Револуционерните борби во Битолскиот округ“.[35]

Најмногу книги од споменатата едиција се објавени во 1927 година, а тоа се книгите V, VI, VII и VIII. Во нив се објавени спомнеите на Даме Груев, Борис Сарафов, Иван Гарванов,[36] Павел Шатев,[37] Јане Сандански, Христо Чернопеев, Сава Михајлов, Христо Куслев, Иван Анастасов Грчето, Петар Јуруков, Никола Пушкаров[38]и Ѓорче Петров.[39]

Во 1928 година, од печат излегува последната книга на професорот Милетич од оваа едиција, книгата IX, во која се објавени спомените на Михаил Герџиков и д-р. Христо Татарчев.[40] Покрај тоа, Михаил Герџиков во 1925 година, самиот ги запишал своите сеќавања за неговата дејност во Одринско. Истите се објавени во книгата „Придонеси кон историјата на Востаничкото движење во Одринско“.[41]

2. Освен запишаните спомени од професорот Милетич, како што веќе забележавме во меѓувреме своите спомени почнале да ги запишуваат и самите дејци на Организацијата. Такви се спомените на Христо Сиљанов, во кои самиот ги запишал настани во кои учествувал. Тој во 1920 година ги објавува спомените за Балканската војна со наслов „Од Витоша до Грамос“.[42] Веќе во 1927 година, Силјанов ги објавува своите спомени за учеството во македонското революционерно движење под наслов „Писма и исповеди на еден четник“.[43] Спомените за неговото учество во Илинденското востание во Одринско ги објавува во 1934

---

[34] Къмъ борбитѣ в Югозападна Македония (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебърско). По спомени на Лука Джеровъ, Георги поп Христовъ, Ангел Андреевъ, Георги Папанчевъ и Лазар Димитровъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга IV, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1926.

[35] Революционната борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов, София 1953.

[36] Спомени на Дамянъ Груевъ..., София, 1927.

[37] Солунскиятъ атентатъ..., София, 1927.

[38] Движението отсамъ Вардара и борбата с върховиститѣ. По спомени на Яне Сандански, Черньо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга VII, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1927.

[39] Спомени на Гьорчо Петровъ. Съобщава: Л. Милетичъ, Книга VIII, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1927.

[40] Въ Македония и Одринско. Спомени на Михаилъ Герджиковъ. II. Първият централенъ комитетъ на ВМРО. Спомени на Д-р Христо Татарчевъ. Съобщава: Л. Милетичъ, Книга IX, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София 1928.

[41] Приноси към историята на Възстаничкото движение в Одринско (1895-1903) кн. III, Революционното движение в Малкотрновския районъ, Съст. Ив. Орманджиев, София, 1933, 140-151.

[42] Христо Силяновъ, Отъ Витоша до Грамосъ (Походът на една чета през Освободителната война-1912 г.), издание на Костурското благотворително братство, София, 1920.

[43] Христо Силяновъ, Писма и изповеди на един четникъ, Македонски научен иститутъ, София, 1927.

година, под наслов „Спомени од Странџа“.[44] Во 1984 година, тие се преобјавени заедно во една една книга.[45]

Овде би ги додадале и спомени на Васил Чекаларов кои се запишани исто така во форма на дневник. Истиот комплетно е објавен во 2001 година.[46]

### II. 2. Спомени и мемоари настанати во периодот меѓу двете светски војни

1. Во 1922 година, по барање на Тодор Александров, своите спомени ги запишал Стефан Аврамов и истите ги објавил во 1929 година во X книга од едицијата која ја започна професорот Милетич. Во оваа книга, Аврамов ги запишал своите сеќавања за револуционерните борби во Азот (Велешко) и Поречието.[47] Всушност, повеќето информации кои ги запишал Аврамов, се прераскажани од трети лица. Тоа ги прави спорни и самите негови спомени и води кон дилема колку тие треба да се третираат како мемоари. Некако се создава впечаток дека Македонскиот Научен Иснтитут, по исцрпувањето на спомените запишани од Милетич, се обидел да направи едно продолжение во кое ке бидаат презентирани материјали за македонското революционрно движење. Но очигледно оваа книга, од аспект на мемоарска литература во споредба со претходните, е со поинаков квалитет.

2. Во 1931 година е објавена XI книга се објавени спомените на Алексо Стефанов - Демирхисарскиот војвода,[48] кои се запишани од Бојан Мирчев. Последниот исто така има голема заслуга за запишувањето на мемоарската литература за историјата на МРО, бидејќи, по неприкосновениот Љ. Милетич тој е втората личност, што има запишано и редактирано поголем број спомени на истакнати дејци на МРО.

Бојан Мирчев е роден во 1900 година во Битола. По завршувањето на Балканските војни се преселил во Бугарија заедно со неговата фамилија. Во Софија бил избран за претседател на Младата македонска дружина и како нејзин член од 1932 до 1943 година

---

[44] Христо Силяновъ, Спомени от Странджа (Бележки по Преображенското въстание в Одринско-1903 г.), Книгоиздателство Хемус, София, 1934.

[45] Христо Силянов, Писма и исповед на единъ четник, Спомени од Странджа, от Витоша до Грамосъ, Съставителство и редакция - Михаил Неделчев, Български писател, София, 1984.

[46] Васил Чекаларов, Дневник, 1901-1903 г., съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК Синева, София, 2001.

[47] Революционнитѣ борби въ Азотъ (Велешко) и Порѣчието. От Стефанъ Н. Аврамовъ, Книга X, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София 1929.

[48] Революционната дейност въ Демирхисаръ (Битолско). По спомени на Алексо Стефановъ (демирхисарски войвода). Съобщава Боянъ Мирчевъ, Книга XI, издава Македонскиятъ наученъ институтъ, София 1931.

пишува во весниците: Зора, Илустрација Илинден и Родина. Бојан Мирчев запишал спомени од 78 активисти во ослободителното движење, но од нив се објавени помал број.

Во 1956 година, објавени се спомените на Анастас Лозанчев, Григор Попев и Мите Хаџи Мишев.[49] Во 2003 година, постхумно 20 години по неговата смрт, е објавен зборникот на спомени „Македонија во пламен".[50] Притоа, во него се објавени спомените на Андон Ќосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаџимишев, Крсто Лазаров и Екатерина Паница.

Претходно констатиравме, дека професорот Милетич го собрал најдобриот дел од спомените на дејците на МРО, меѓутоа Бојан Мирчев го продолжил неговото дело. Тој практично продолжил да ги запишува спомените од преживеаните дејци. Тоа претежно биле спомени на личности кои не биле интересни за професорот Милетич, или со кои не стастал да стапи во контакт, или пак заради нивната позиција во хиерархијата на МРО. Самиот Мирчев во предговорот на својата книга ќе признае дека имал несериозен пристап при собирањето на спомените. Во врска со тоа пишува: „извесниот учен проф. Л. Милетич, виден учесник во македонското националноослободително движење, запиша и издаде цела редица спомени на видни македонски дејци - револуционери, но за жал малкумина го следеа неговиот пример. Продолжувам да се прекорувам дека ниту јас не бев доволно настојчив и упорен. Направени се многу пропусти, загубеното е неповратно загубено".[51] Б. Мирчев продолжува: „Поттик да ги запишувам спомените ми беше мојот интерес кон историјата на македонското нацоналноослободително движење. Не мислев дека со тоа ќе допринесам за историјата на тоа движење. Таква мисла кај мене се појави покасно, но веќе беше касно".[52]

Фактот што повеќето спомени што ги собрал Мирчев се запишани 30-тина и повеќе години по настаните, за разлика од оние на Милетич кои се запишани непосредно по Илинденското востание, не обврзува да кажеме дека овие спомени се рангираат како второстепени. Како и да е, заслугите на Мирчев за запишувањето на повеќе спомени на македонски револуционери, се неоспорни.

---

[49] Боян Мирчев, Спомени на някои активни дейци в македонското революционо движение (Ан. Лозанчев, Гр. Ст. Попев, М. Хаджи Мишев).- Известия на Института на БАН, София, 1956.

[50] Македония в пламъци, Спомени на Андон Къосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница, Записал Боянъ Мирчев, Съставителство: Ива Бурликова, Цочо Биляски, ИК Синева, София, 2003.

[51] Исто, 7.

[52] Исто.

3. Во 1968 година во Бугарија е издадена книгата Илинденското - преображенско востание 1903-1968 година.[53] Во неа покрај другото има и редактирани спомени или фрагменти од спомените на: Никола Петров Русински, Тома Николов Христов, Смиле Војданов, Михаил Наум Чеков, Васил Чекаларов, Лазар Мишев и Андон Ќосето. Освен спомените на дејци на МРО од Македонија, во истата книга има повеќе редактирани спомени на членови и раководители на Организацијата во Одринско, поточно во Одринскиот, Лозенградскиот, Малотрновскиот и Бунархисарскиот регион. Бидејќи знаеме дека четите на ТМОРО се подготвувале како во Македонија, така и во Одринско за востание, низ спомените се потврдува соработката и активноста на Гоце Делчев, Михаил Герџиков и Лазар Димитров за подготвување на населението во Одринско за востание. Интересно е што членовите на Организацијата во Одринско, прават јасна дистинкција помеѓу Одринско и Македонија, како територии населени со различен народ, но со иста желба, ослободување од османлиското владеење. Тоа особено се забележува во спомените на Герџиков кои се предмет на анализа понатаму во трудот.

4. Спомени за револуционерното минато на Македонија запишал и Кирил Прличев.[54] Тие се објавени во 1999 година од неговиот внук под наслов „36 години во ВМРО". Во 1940 година, Коце Ципушев[55] запишал спомени, кои се објавени во 1943 година. Важни и содржајни спомени се и записите на Иван Хаџи Николов, кои не се објавени во една книга, туку се во неколку продолженија во списанието „Илустрација Илинден" од страна на Христо Шалдев. Истите се уште се предмет на дискусија, дали се објективно преставени од Шалдев и дали се целосни, за што зборувавме во претходната глава. Фрагменти од овие записи објави и Гане Тодоровски во 1969 година,[56] кои се преобјавени повторно во 1974 година во книгата " Трактати за сонцељубивите".[57] Во книгата „ВМОРО преку погледот на нејзините основачи",[58]

---

[53] Илинденско-Преображенското въстание 1903—1968, Отг. редактори: Дино Кьосев и Ламби Данаилов, Редактори на спомените: Йордан Анастасов, Тодор Брянов и Илия Славков, Издателство на Националния съвет на Отечествения фронт, София, 1968.

[54] Спомени на Кирил Пърличев, 36 Години във ВМРО, Съставител и редактор: Кирил Пърличев, издателство ВЕДА - МЖ, София ,1999.

[55] 19 години въ сръбските затвори, Спомени, Коце Ципушевъ, съ предговоръ отъ Симеонъ Радевъ, книжарница Св. Климентъ, София, 1943.

[56] Гане Тодоровски, Формирањето на ВМРО според ракописните мемоари на Иван Хаџи-Николов, Разгледи, г. XI, бр. 10, Скопје, 1969.

[57] Гане Тодоровски, Трактати за сонцељубивите, Култура, Скопје, 1974.

[58] ВМОРО, През погледа на нейните основатели, Спомени на Дамяан Груев, Д-р Христо Татарчев, Иван Хаджиниколов, Антон Димитров, Петър Попарсов, (съставители: д-р Тодор Петров, Цочо Билярски), военно издателство, София, 2002.

покрај веќе познатите спомени на Даме Груев, Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов, објавени се и спомените на Андон Димитров. Во истата книга се објавени и записите на од весници на Петар Поп Арсов, кои според бугарските редактори се претставени како спомени. Петар Поп Арсов за жал, нема запишано спомени. Конкретно станува збор за авторски текст на Петар Поп Арсов објавен во Билтенот на привременото претставништво на бившата ВМРО. Овој авторски текст нема форма на спомени, ниту пак таква намена, иако содржи такви елементи.

Во 1989 година во Софија се објавени спомените на Х. Татарчев во зборникот со наслов „Д-р. Христо Татарчев, Спомени, документи и материјали",[59] а во 1989 година, истите се преобјавени во одделна книга, со наслов „Внатрешната македоно - одринска организација како митологија и реална стварност".[60] Во оваа книга, првиот Претседател на ЦК на МРО, д-р. Христо Татарчев во форма на спомени опширно ги изложува своите видувања за историјата на МРО. Материјалот е запишани лично од д-р Х. Татарчев во периодот од 1934-1936 година. Овие материјали се многу поопширни од спомените на Татарчев кои ги запишал Љ. Милетич многу години претходно.

5. Во поново време во Бугарија повторно е тренд да се објавуваат спомени на членови на МРО, кои биле запишани, но не биле објавени во целина, или пак кои воопшто не биле објавени. Во 2001 се објавени спомените на Георги Баждаров,[61]а во 2004 спомените на Илија Докторов.[62] Во 2005 во книгата со наслов „Борбите во Македонија", повторно се преобјавени спомените на Илија Докторов, заедно со спомените на Отец Герасим, Георги Рајков, Дељо Марковски и Васил Драгомиров.[63] Во 2007 година се објавени спомените на Балевски Васил и Кнев Петко.[64]

## II. 3. Спомени и мемоари настанати по Втората светска војна во Македонија

[59] Д-р. Христо Татарчев, Спомени, документи, материали, (съставител: Цочо Билярски), Наука и изкуство, София, 1989.

[60] Христо д-р. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революциона органиаация като митологична и реална същност, Торино 1934-1936, (съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов), Македония прес, София, 1995.

[61] Георги Баждаров, Моите Спомени, (предговор, съставителство и белешки, Ангел Джонев), Институт-„България – Македония", София, 2001.

[62] Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов, съставител: Кирил Григоров Прличев, издателство Македония прес, София, 2004.

[63] Борбите въ Македония, Спомени на Отец Герсаим, Георги Райков, Делъо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Йордан Николов, И. К. Звезди, София, 2005.

[64] Васил Балевски, Петко Кънев, Спомени на двама четници на ВМОРО 1904-1908, И. К. Акшеана 2007, София, 2008.

Освен во Република Бугарија, спомени на истакнати дејци на МРО се објавени и во Македонија.

1. Првите објавени спомени во Македонија се спомените на Алексо Мартулков,[65] под наслов „Моето учество во револуционерните борби на Македонија“, објавени во Скопје во 1954 година. Во овој период, започнува и трендот на преведување на спомените запишани од Љ. Милетич и нивното преобјавување на македонски јазик. Во тој контекст, најпрво во 1950 година во Скопје се преведени и преобјавени спомените на Славејко Арсов[66] и Ѓорче Петров.[67] Во 1984 година под редакција на Љубен Лапе во потполност на македонски јазик се дадени спомените на Ѓорче Петров.[68]

Во 1951 година, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев се преведени и приредени во една книга спомените на Јане Сандански, Сава Михајлов, Христо Куслев и Иван Анастасов Грчето.[69] Во 1952 година во Скопје, во една книга, се преведени и издадени спомените на Лука Ѓеров и Лазар Димитров.[70]

Христо Андонов Полјански во 1963 година ја објавува книгата „Гоце Делчев во спомените на современиците“.[71] Во неа се собрани и на едно место се дадени фрагменти од спомените на речиси сите дотогаш познати мемоари, кои се однесуваат на Гоце Делчев. Истиот автор, во 1983 година, ги редактира и објавува спомените на Ташко Арсов.[72]

Под редакција на Ванѓа и Коле Чашуле во 1970 година се објавени мемоарите на Димитар Влахов, кои во 2003 година, по повод 100 годишнината од Илинденското востание, се преобјавени како второ издание.[73]

---

[65] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 1954.

[66] Востаничкото движење во Југозападна Македонија во спомените на Славејко Арсов, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев, Институт за национална историја, Скопје, 1950.

[67] Спомени на Ѓорче Петров, Материјали за македонската национално-револуционерна историја, книга 1, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев, Институт за национална историја, Скопје, 1950.

[68] Ѓорче Петров, Спомени. Коресподенција, (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје, 1984.

[69] Спомени на Јане Сандански, Сава Михајлов, Христо Куслев, Иван Анастасов- Грчето, Н. И. П. Илинден, предговор и редакција: Ѓорѓи Абаџиев, Скопје, 1951.

[70] Борбите во Југозападна Македонија по спомените на Лука Ѓеров и Лазар Димитров, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев, Институт за национална историја, Скопје, 1952.

[71] Гоце Делчев во спомените на современиците (избор, редакција и коментари Христо Андонов-Полјански; корица Коста Бојаџиевски), Култура, Скопје, 1963.

[72] Ташко Арсов, Записки, редакција, коментари и поговор: Христо Андонов Полјански, Н.И.О. Студентски збор, Скопје, 1983.

[73] Димитар Влахов, Мемоари, второ издание, предговор и редакција: Ванѓа и Коле Чашуле, Издавачка куќа - Слово, Скопје, 2003.

2. Интересот за спомените на истакнати дејци на МРО продолжува и во независна Македонија. Во 1995 година, под редакција на Иван Катарџиев на македонски јазик се објавени спомените на И. Х. Николов, Д. Груев, Б.Сарафов, Ј. Сандански и М. Герџиков.[74] Под негова редакција во 1997 година се објавени и спомените на С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев и Л. Димитров.[75] На тој начин повеќето спомени запишани од Љ. Милетич на македонската јавност и се достапни на македонски јазик.

Во 1997 година под редакција на проф. д-р. Даринка Пачемска - Петреска и проф. др. Војо Кушевски се објавени спомените на Никола Петров Русински.[76]

3. Во поново време во Македонија почесто се објавуваат необјавени спомени. Во оваа насока, д-р Зоран Тодоровски во соработка со Бугарските архиви во 2001 година, објави збирка на спомени под наслов „Револуционерните борби во Тиквешијата", книга 1[77] и книга 2.[78] Во неа се содржани повеќе спомени на членови на МРО во Тиквешкиот регион. Во првата книга се запишани спомени и автобиографии, а во втората книга се содржани материјали пишувани од повеќе автори, кои се однесуваат на настани и личности од Тиквешијата. Овие спомени се запишани главно од Јордан Анастасов, Тодор Камчев, Благој Видов, браќата Поп Антови и други членови на МРО од Тиквешко.

Под редакција на Зоран Тодоровски во 2002 година се издадени и спомените на Тодор Поп Антов,[79] а во 2010 и спомените на Димитар Мирчев.[80]

## II. 4. Спомени и мемоари запишани од лица кои не биле членови на МРО

[74] Спомени на И.Х.Николов, Д.Груев, Б.Сарафов, Ј.Сандански, М.Герџиков д-р. Х.Татарчев редакција Иван Катарџиев, Култура, Скопје 1995.

[75] Спомени на С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г.Папанчев, Л. Димитров, редакција Иван Катарџиев, Култура, Скопје, 1997.

[76] Никола Петров Русински, Спомени, предговор, редакција и коментар: проф.д-р. Даринка Пачемска-Петреска и проф.др. Војо Кушевски, Институт за национална историја, Скопје, 1997.

[77] Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга.1, избор и редакција: Ц. Биљарски, И. Бурликова, З. Тодоровски, П. Камчевски, заедничко издание на Државниот архив на Македонија и на Главната управа на Архивите при Министерскиот совет на Република Бугарија, Скопје и Софија, 2001.

[78] Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга.2, избор и редакција: Ц. Биљарски, И. Бурликова, З. Тодоровски, П. Камчевски, заедничко издание на Државниот архив на Македонија и на Главната управа на Архивите при Министерскиот совет на Република Бугарија, Скопје и Софија, 2001.

[79] Тодор Поп Антов, Спомени, предговор и редакција: Зоран Тодоровски, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2002.

[80] Димитар Мирчев, Спомени, предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Државен архив на Република Македонија, Скопје 2010.

Освен дејците на МРО, интересни податоци во форма на спомени за активноста на Организацијата, како и за нејзините протагонисти, оставиле и други лица, блиски до МРО, или нејзини опоненти и противници, како и некои новинари, кои по различни основи и мотиви престојувале во Македонија.

1. Такви се спомените на новинарот, а подоцна и бугарски дипломат Симеон Радев од Македонија. Неговите спомени за прв пат се објавени во 1967 година,[81] но неговиот син, ги преобјавил во 1994 година, под иститот наслов „Рани спомени",[82] објаснувајќи во предговорот дека чувствувал должност да ги преобјави спомените на татко му со прочистен текст, бидејќи според него, претходно обајавените спомени биле подложени на цензура од страна на тоталирастичкиот режим во Бугарија.

Американскиот новинар Алберт Сониксен кој специјално престојувал во Македонија, своите впечатоци за МРО ги објавил под наслов „Исповед на еден македонски четник". Со тоа приказната за македонската револуционерна борба била пласирана и на американскиот континент. Првото издание на англиски јазик е објавено во 1909 година во Њујорк,[83] а на бугарски јазик, книгата е издадена три пати. Првиот пат во 1927 година, со превод и предговор на М. А. Мавродиев, вториот пат во 1968 година, во издание на Отчествениот фронт, со предговор напишан од Д. Ризов, а третото издание,[84] со извесни надоплнувања во преводот од страна на Васја Хр. Данова, е отпечатено во 1983 година. Во Македонија, оваа книга е преведена во 1997 година.[85]

Артур Даглас Смит е исто така американски новинар, кој престојувал во Македонија. Своите искуства од престојот во Македонија ги пренел во книгата со наслов „Спомени од Македонија", која на англиски јазик излегла од печат истовремено во Лондон и Њујорк, во 1908 година.[86] На бугарски јазик овие спомени се преведени и издадени во 1983 година.[87]

---

[81] Ранни спомени, Симеон, Радев, Български писател, София, 1967.

[82] Ранни спомени, Радев Симеон, Ново, коригирано и допълнено издание под редакцията на Траян Радев, Изд. къща Стрелец, София, 1994.

[83] Albert Sonnichsen, Confessions of a Macedonian Bandit: A Californian in the Balkan Wars, New York, 1909.

[84] Алберт Сониксен, Изповедта на един македонски четник, Трето издание, Изд. на Отечествения фронт, София, 1983.

[85] Исповед на еден македонски четник, Алберт Сониксен, (превод: Илија Милчин, соработник на преводот Ема Маркоска, стручна редакција и предговор Иван Катарџиев), Култура, Скопје, 1997.

[86] Arthur D. Howden Smith, Fighting the Turk in the Balkans; an American's adventures with the Macedonian revolutionists, New York, London, G. P. Putnam's Sons, 1908.

[87] Артър Смит, Спомени от Македония, превод: Михаил Стоянов, Владимир Желязков. Изд. на Отеч. фронт, София, 1983.

Овде вреди да ги забележиме и записите на австро - унгарскиот генерален конзул во Македонија, Алфред Рапопорт, кој своите искуства ги објавил во делото „Во земјата на мачениците“ во 1927 година во Париз.[88] Овие спомени се преведени на бугарски јазик во 2002 година.[89]

Во овој дел ќе го споменеме и францускиот писател и новинар Пјер Д'Еспања, кој бил присутен на судскиот процес и заминувањето со брод во Анадолија на осудените револуционери на МРО, затворени како последица на Солунската провала од 1900 година. Воодушевен од храброто држење пред суд на револуционери од МРО, Д'Еспања по една година од настаните, објавил роман за македонската борба. Во романот, Пјер Д'Еспања најмногу се задржува на судскиот процес, но и на масакрот кои го извршиле турските власти по Солунската провала. Делови од тој роман се преведени и објавени во Бугарија.[90]

2. Спомени за дејноста на МРО напишал и Тома Николов,[91] попознат како ѓакон Тома. Во овој дел спаѓаат и спомените на грчкиот митрополит Германос Каравангелис,[92] кои се објавени на грчки јазик во 1959 година. Истите во 2000 година се преведени и објавени и на македонски јазик,[93] а во 2001 година се преведни на бугарски јазик и се објавени заедно со дневникот на Васил Чекаларов.[94]

3. Освен членовите на МРО, свои спомени оставиле и повеќе активисти на Врховниот македонски комитет. Со оглед на фактот дека тие биле во постојани контакти (пријатни и непријатни) со активистите на МРО, тие во своите спомени даваат интересни информации за македонското револуционерно движење, а особено за односите меѓу овие две организации. Кога зборуваме за нив, секако треба да се споменат спомените на полковник Анастас Јанков, мајор Димитар Думбалков, поручник Борис Сарафов, Христо Станишев, Георги Белев и

[88] Alfred Rappoport, Au PAYS des MARTYRS, notes et souvenirs d'un ancient consul general d'autriche-hongrie en Macedoine (1904-1909), librairie universitaire j. gamber, Paris, 1927.

[89] Алфред Рапапортъ, Въ страната на мъчениците, Спомени на генералния консул на Австро-Унгария въ Македония (1904-1909), Изд. къща Стрелец, София, 2002.

[90] Pierre d'Espagnat – Avant le massacre (Roman de la Macedoine actuelle) – Македония – политическо и научно литературно списание г. I, кн. VII, София, 1922.

[91] Тома Николов, Спомени от моето минало, Издателство на Отечственя фронт, София, 1989.

[92] Γερμανού, Καραβαγγέλη, Ο Μακεδονικός Αγών (Απομνημονεύματα), Εταιρία Μακεδονικών Σπουδών, Ίδρυμα Μελετών Χερσονήσου του Αίμου, 1959.

[93] Германос Каравангелис, Македонската борба. Мемоари, Превод од грчки: Васко Караџа, Култура, Скопје 2000

[94] Германос Каравангелис, „Македонската борба (спомени)“, в: Васил Чекаларов, Дневник 1901-1903 г., Съставителство Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК „Синева” София, 2001.

Коста Шахов,[95] кои се објавени во една книга од страна на Ива Бурликова и Цочо Биљарски во 2003 година во Софија. Некои од овие записи, немаат карактер на мемоари, затоа не се анализирани во тезата. Тоа се практично објавувани статии, кои редакторите Бурликова и Биљарски ги собрале и ги преставиле како спомени, иако овие текстови намаат таков карактер.

Како спомени може да ги окаректеризираме само мемоарите на Анастас Јанков и Димитар Думбалков, како и оние на Борис Сарафов. Борис Сарафов овде е во двојна улога, прво како член и претседател на ВМК, а потоа како член на ТМОРО. Неговите спомени, своевремено се запишани од професорот Милетич, а за прв пат се објавени заедно со спомените на Д. Груев и И. Гарванов во 1927 година. Во оваа книга само се преиздадени. Од друга страна, истите се повеќе пати објавувани и на други места.

[95] От София до Костур, Спомени, Полковник Анастас Янков, Майор Димитър Думбалков, Поручник Борис Сарафов, Инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов, Съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК Синева, София, 2003.

# ГЛАВА III

# ПОСТАНОК НА МЕМОАРСКАТА ЛИТЕРАТУРА И ВЛИЈАНИЕТО НА ВРЕМЕТО ВРЗ НЕЈЗИНИОТ КАРАКТЕР

Мемоарската литература за МРО настанала во еден подолг временски период, од почетокот на 1903 година, па некаде до педесетите - шеесетите години од XX век, кога се уште можело да има по некој жив актер. Првите мемоари како што споменавме, се настанати веднаш по Илинденското востание. За карактерот на мемоарите како историски извор, интересна мисла напишал Х. А. Полјански кој вели: „Превосходен е и белегот, што тие имаат својствена карактеристична црта. Тоа е субјективноста. Тоа е условено и поврзано со социјалните, идеолошките и политичките позиции на составувачот“.[96]

## III. 1. Постанок на мемоарската литература и општествено - политички промени во времето кога настанувала

Мемоарската литература за историјата на МРО, настанала во различни периоди и на различни начини. Забележливо е дека времето во кое е пишувана мемоарската литература, а особено општествените процеси, имаат силно влијание врз нејзиниот карактер. Спомените запишани од професорот Милетич, непосредно по востанието, се лишени во голема мерка од овие притисоци, но тоа не можеме да го тврдиме за поваќето спомени запишани по поделбата на Македонија.

1. Квалитетот на спомените запишани непосредно по востанието, се гледа од фактот што сеќавањата на протагонистите за самите настани се сеуште свежи, некои раскажувачи дури уште се под импресии од настаните, потоа, Македонија и понатаму е под османлиска власт, а борбата на Организацијата продолжува и понатаму. Многу од актерите на движењето уште биле живи, поради што тешко можело да се подметнуваат шпекулации. Раскажувачите се лишени од надворешните притисоци, бидејќи во тој период, идејата и вербата за

[96] Х. А. Полјански, Мемоарите..., 233.

Автономна Македонија е сеушта активна во мислите на раскажувачите. Во тој период, иако разочарани од поразот во востанието, оддекот на востанието во Европа и во светот, како и најавата за спроведување на реформи од страна на големите сили за подобрување на ситуацијата во Македонија, ја задржала надежта кај револуционерите дека се ближи часот за долгоочекуваното ослободување од османлиска власт. Во мислите на револуционерите, се јавила искра надеж, дека тие сепак се херои на Македонија, а не виновници за последиците од востанието. Во овие спомени не се чуствува некаква поделеност по идеолошка основа.

Тие биле ослободени и од политички притисоци, бидејќи општествено - политичките прилики во Бугарија во тој период, како и властите во Бугарија, ја одобрувале борбата на МРО и им давале прибежиште на нејзините активисти, секако со сопствени сметки за судбината на Македонија. Во овие спомени, не се поштедени актертите од бугарската политика и од ВМК, туку напротив, дури се подложени на критика. На крајот, овие луѓе не водат многу сметка за да го задоволат вкусот на бугарската политика и општество.

2. Од друга страна, мемоарската литература која настанува меѓу двете светски војни, за разлика од претходно запишаните спомени, настанува во многу посложени услови. По Илинденското востание, Организацијата се нашла на крстопат. Во овој период на површина избиле сите недостатоци на централистичкото управување на Организаицјата.[97] На Рилскиот конгрес во 1905 година, се појавиле две групации со различни концепции: „реформско – демократска“ и „конзервативно – централистичка“.[98] На површина избиле несогласувањата во Организацијата, кои по смртта на најавторитетната личност, Даме Груев, довеле до целосно разидување на двете струи на т.н. Ќустендилскиот конгрес во 1908 година. Оваа поларизација уште повеќе дошла до израз за време на Уриетот. Од друга страна во Балканските војни, Македонија била поделена меѓу сојузниците, а најголем дел од протагонистите на македонското револуционерно движење нашле прибежиште на територијата на Бугарија. Во новата „татковина“ тие требало да се прилагодуваат на новите општествено - економски и политички услови во земјата. Дел од нив својата револуционерна активност ја подредиле согласно интересите на бугарската политика. Оваа тенденција уште повеќе ќе дојде до израз по Првата светска војна.

[97] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 347.
[98] Исто, 417.

Кон крајот на 1919 година, Организацијата повторно се возобновила под водство на: Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев. Сепак, поради разните идеолошки влијанија, под кои што во меѓувреме подпаднале некогашните активисти на МРО, оваа организација, не успеала да ги обедини сите македонски сили во една единствена македонска организација. Иако се чинело дека Организацијата повторно зајакнува, по убиството на Тодор Александров, таа повторно влегува во криза, овој пат пропратено со безбројни меѓусебни убиства.

Од друга страна, Серчани, предводени од Сандански и Чернопеев, ја создале организиацијата МОРО,[99] од која по Уриетот, во 1909 година е создадена Народната Федеративна партија. Тие се залагале за соработка со сите прогресивни партии и извојување на слобода по легален пат. Во НФП претежно се нашле дејците на МРО од Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ, делеумно од Солунскиот, а многу помалку од Скопскиот и Битолскиот. На основачкиот конгрес кој е одржан во 1909 година, присуствувале 33 делегати од цела Македонија: Димитар Влахов од Солун, Јане Сандански од Мелник, Коне Самарџиев и Христо Чернопеев од Струмица, Димитар Мирасчиев од Велес, Добри Даскалов од Тиквеш, Иван Манолев од Битола, Јордан Шурков од Скопје, Таската Спасов Серски и други. Конгресот решил да го испрати Димитар Влахов во Османскиот парламент, како преставник на НФП. Сепак, во 1910 година, Чернопеев ја напуштил партијата, а Сандански бил исклучен. Сето ова како и осмаснките реакционарни закони придонеле, за згаснувањето на НФП во 1910 година. Поголем дел од овие дејци подоцна се прегрупирале во левоориентираните партии во Бугарија. Во тој контекст еден дел од нив се престроиле кон Емигрантскиот комунистички сојуз, Илинденската организација и други. Тие подоцна се приклучиле кон ВМРО Обединета, која била формирана во 1925 годиа и чија цел била обединување на сите македонски организации. Сепак, ВМРО на Александар Протоегеров, кој претходно со веќе убиениот Тодор Александров се откажале од масјкиот манифест во август 1924 година, застанале на сосема спротивни позиции и влегле во меѓусебен конфликт. Во 1929 година од оваа органзација се одвоиле неколку групи, со што ја загрозиле нејзината компактност. При крајот на 1934 година, Владата на Бугарија, на чело со Кимон Георгиев, донела одлука за расформирање на ВМРО, при што згаснале сите македонски организации во Бугарија.

[99] Македоно-одринска револуционерна организација, формирана на мајскиот конгрес во Банско, 1908 г.

Сите овие поделби, по идеолошка основа, силно се одразиле врз мемоарската литература. Зависно од своите идеолошки определби, сите дејци кога ги пишувале или диктирале своите спомени, причините за поделбите ги барале назад во едно друго време, кога реално такви поделби не постоеле. На тој начин мемоарската литература настаната меѓу двете светски војни во Бугарија е обременета со идеологија зависно од определбите и наклонетоста на раскажувачот.

Во овој период, повеќето мемоари ги запишал Бојан Мирчев и тоа во периодот од 1930 до 1932 година. Расформирањето на ВМРО и политиката на Бугарија во тој период ја прекинале активноста на Б. Мирчев. Фактот што тие се пишувани во период кога Македонија е поделена меѓу соседните држави, ги обременува спомените со силно политичко влијание. Актерите на спомените во овој период веќе се класични емигранти во Бугарија и тоа им дава поинаква содржина на спомените. Нормално, во овие соседни држави, притисокот да се прифати нивната идеологија е многу агресивен и самите автори, веќе не ги гледаат настаните од аспект на периодот за кој што пишуваат, туку од аспект на моменталната реална ситуација во која биле затекнати.

Приказната во овие спомени, во висок степен е свртена во прилог на бугарската идеја. Затоа во овие мемоари е очигледно застранувањето кон Бугарија и негирањето на секаков македонски предзнак во историјата на МРО, односно, македонското прашање од секој аспект е тесно поврзано со бугарската политика и се претставува како бугарско прашање. Дури и да нема притисок врз авторите, тие веќе неколку години живеат во едно ново општество во кое веќе полека ја губат надежта за Автономна Македонија и нормално идеолошки се приврзуваат кон земјата во која егзистираат, при што свесно или несвесно внесуваат субјективни елементи во нивните раскажувања.

Во ситуација кога идејата за Македонија во нејзините етнички граници се повеќе изгледала **како** утопија, кога во Организиацијата се повеќе се мислело на меѓусебните ликвидации, отколку на обединувањето на Македонија, во постојан страв за сопствениот живот, логично е дека раскажувачите на мемоарите не можеле да размислуваат трезевено и да се концетрираат на настаните од пред и околу Илинденското востание. Фактот што повеќето од поранешните членови на Организаицјата, примале плата или пензија од бугарската држава, е уште една причина повеќе која фрла сомнеж врз објективноста на овие мемоари.

Во таа смисла објективноста во спомените опаѓа и поради фактот што заради настаните во минатото, истите се оптоварени со меѓусебни обвинувања и докажувања на вината за неуспешното востание и поделбите во Организацијата. Неспорно, овие спомени се под силно влијание на поделбите во македонското револуционерно движење и раскажувачите вообичаено заземат пристрасен став кон поединци или групации, при што ги обвинуват или оправдуваат нивните постапки врз идеолошка основа, иако реално времето за кое зборуваат не дозволува такви квалификации. Од друга страна, спомените запишани во овој период се оптеретени и се под влијание на веќе објавените спомени, а делумно и историја, особено оние што се објавени по излегувањето на спомените на Ѓорче Петров и првиот том од Ослободителните борби во Македнија,[100] на Христо Силјанов. Поради тоа повеќемина за да го одбележат своето место во македонското движење, како и да го потенцираат својот придонес, или пак да го оспорат придонесот на личниот или идејен противник, почнале да запишуват спомени. Најдобар пример за тоа е Анастас Лозанчев, кој цело време полемизира со објавените спомени на одамна загинатиот Даме Груев. Х. Татарчев пак, за одредени прашања, очигледно ги користи веќе објавените спомени на Ѓ. Петров. Во исто време врз основа на нив, го критикува самиот Ѓорче Петров.

Во повеќето од овие спомени, протагонистите имаат заземено своја страна во постојните фракции на македонското ослободително движење. Оттука во овие спомени е многу поприсутен субјективниот момент. Сепак, и покрај сите наведени недоследности, при една добра критичка анализа, проучувачите на историјата на МРО во нив може да пронајдат интерсни и корисни информации за историјата на македонското револуционерно движење и за нивните макекедонски идеали.

3. Влијанието на времето врз мемоарска литература е присутна и кај запишувачите во Македонија по Втората Светска војна, кога пред се, се форсира социјалистичката догма. Притоа, револуционерното движење во Македонија првенствено се гледа низ призмата на Социјализмот, иако никој не го негира фактот, дека социјалистите биле активни членови на МРО и дека од нивните редови произлегле истакнатаи раководители на Организацијата. Овие спомени се обременети и со фактот што се запишани по 1948 година и по објавувањето на резолуцијата на информбирото. Во овие спомени, запишувачите ги критикуваат членовите на

---

[100] Христо Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том I, Илинденското възстание, Издателство на Илинденската организация, София, 1933.

МРО дека се бореле само против српската пропаганда во Македонија и дека воопшто не се засегнати од бугарската пропаганда. Најдобар пример за тоа се спомените на Алексо Мартулков. Во тој контекст во своите спомени кога зборува за еден состанок на кој се станало збор за убиство на српскиот крал вели дека на другите им се обратил со зборовите: „Но јас не гледам сега, во таа разгорештена борба против српската пропаганда, ни сенка од обид за борба против великобугарската пропаганда.[101]

За жал, нерешеното македонското прашање, сеуште има консеквенци, па така и во поново време издадените мемоари и спомени во Република Бугарија, се обременети од редакторите со непотребна агресивна и негаторска политика на автохтониот карактер на МРО, при што во предговорите кон нив во игра се внесува и прашањето за македонскиоот идентитет. Затоа во овој труд, се разгледуваат одделно мемоарите настанати во различните временски периоди, со цел да се воочи како и колку разните политички околности влијаеле на квалитетот и објективноста на информациите застапени во истата.

### III. 2. Присуството на субјективниот момент во мемоарската литература, погрешната хронологија и влијанието на идеологијата при настананокот на мемоарската литература

Основни моменти на кои треба да се обрне особено внимание при користењето на мемоарската литература се: присутноста на субјективниот момент, непрецизната хронологија и разните идеолошки примеси, кои не се последица на реалното време за кое се зборува, туку на подоцнежните идеолошки определби на раскасжувачите.

1. Присутноста на субјективниот фактор е неизбежна во сите мемоари, бидејќи, тоа всушност е гледање на раскажувачот од сопствена позиција, кога го апострофира и пренагласува сопстевеното место и значење во движењето. Така многу често, раскажувачот на прво место ги става настаните во кои учествувал тој, притоа занемарувајќи многу многу позначајни настани за кои тој немал информации, или доколку знаел за нив ги игнорира бидејќи не учествувал во истите. Па така во спомените често расправа и за банални работи. На пример, спомените на Д. Мирчев се обременети со неговиот престој во затвор, додека се лишени од поважни настани и информации, иако Д. Мирчев тврди дека постојано бил во врвот на Организацијата. Има и друг момент во субјективноста на раскажувачите, кога тие се

[101] А. Мартулков, Моето учество..., 71.

фалаат дека го виделе Гоце Делчев, Даме Груев и други истакнати раководители на МРО. Многумина тоа го прават со цел преку авторитетот на другите да го поткрепат своето место во движењето. Сепак, последново може да се толкува и од друг аспект, дека тие во нив гледаат идоли и поради тоа и најмалата средба или контакт со нив го потенцираат, некои пак едноставно ги почитувале. На пример, А. Ќосето кога го споменувал Г. Делчев, според зборовите на Б. Мирчев, секогаш се расплакувал. Од друга страна, Х. Силјанов вели дека за нив Г. Делчев бил еден вид полубог итн.

Како и да е, субјективниот момент, било и со каков карактер да е, понекогаш може да на неаведе погрешни заклучоци и ги стави читателите во дилеми и заблуди. Затоа треба внимателно да се пристапува кон литературата, а посебно кон мемоарите кои се однесуваат за историјата на МРО.

Но субјективноста во мемоарската литература е присутна во сите светски историографии. За субјективноста на мемоарската литература, нашиот истакнат писател Коле Чашуле во предговорот за мемоарите на Димитар Влахов, пишува: „По своето битие спомените не се и не можат да бидат објективистичка слика за животот, за настаните и за личностите што се градители и главни актери во тие настани". Понатаму: „Секој обид за насилна објективизација на сведочењето низ спомените бездруго води до нивно изродување, во обиди настаните и луѓето да бидат сведочени не со свеста за запишувачот на спомените, туку со други чинители што се вон него".[102] Сепак субјективноста зависи и од карактерот на самиот раскажувач, и тоа е менлива категорија од личност до личност. Во тој контекст професорот Милетич во предговорот кон спомените на Ѓорче Петров вели: „Ми се чини, дека докрај се обидуваше да биде објективен, доколку тоа е возможно за човек, кој раскажува за настани, во кои тој земал живо учество и од кои не еднаш бил одблизу и чувствително засегнат".[103]

2. Еден од поголемите проблеми кога станува збор за мемоарската литература, секако е непрецизната хронологија, бидејќи, дури и најстарите спомени, запишани непосредно по Илинденското востание од страна на Љубомир Милетич, содржат непрецизна хронологија. Тоа е нормално, бидејќи во нив се опфатени настани од пред десет и повеќе години. Наполно свесен за тоа, професорот Милетич, во предговорот кон спомените на Даме Груев,

[102] Спомени на Димитар Влахов ..., 13.
[103] Спомени на Гьорчо Петров ..., XVI .

предупредува за овој проблем, кога вели: „Тој слабо се сеќаваше на дати, со мака се потсетуваше да ја уточни понекогаш дури и годината, - спомените му беа преплеткани, особено за првите години“.[104]

Сепак, поголемите проблеми во хронологијата доаѓаат во подоцнежните мемоари, кога раскажувачите интепретираат настани кои се случиле пред повеќе од 20 - 30 години. Надвор од умот е да се каже дека некој може и после 20 години да знае кога некој настан се случил. Но вредноста на мемоарите не е во хронолошката рамка на настаните, туку во природата на настаните. Оттука, секој истражувач секогаш со резерва треба да пристапува кон хронолошките податоци од мемоарската литература. Притоа, пожелно е секогаш да се применува компаративна метода со други спомени кои зборуваат за истиот настан, а уште подобро е кога тоа има можност да се спореди низ друга оригинална документација за истиот настан. Овде може да го посочиме фактот што на неколку места во мемоарската литература е запишано дека Револуционерото братство се распуштило во 1900 година, додека вистината е дека тоа се прелеало во редовите на МРО во септември 1899 година, со потпишување на протокол помеѓу Х. Татарчев и И. Гарванов. Еден примерок од протоколот потпишал Камбуров и го испратил до ВМК со датум 16.09.1899 година.[105]

И самите раскажувачи, т.е барем некои од нив, си признаваат дека хронолигијата им преставува проблем во нивните сеќавања. Примерот на Алексо Мартулков, во целост го објаснува овој проблем. Имено, тој во своите спомени ќе истакне: „за жалост, неможам да ги давам точно датите на настаните поради немање на белешките држани од мене, а напамет е невозможно да се запаметат точно датите“.[106]

3. Најзначаен и највпечатлив фактор, кога зборуваме за влијанието врз содржината на мемоарската литература, секако е влијанието кое го имала идеологијата на самите запишувачи и раскажувачи. Ако добро ги анализираме спомените, тие што се запишани од професорот Милетич, непосредно по завршувањето на востанието, ќе видиме дека во тој период сеуште идејата за автономна македонска држава е силно присутна кај авторите на спомените. Мислата за Македонија во своите етнички граници е присутна и по неуспешното востание, бидејќи сепак Организацијата покажала дека може да организира сериозно востание и дека таа е главната водилка на револуционерната борба во Македонија.

---

[104] Спомени на Д. Груев ..., 93.
[105] Види, В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 264.
[106] Мартулков Алексо ..., 128.

Настранувањето на идеолошките мисли кај членовите на МРО започнува во подоцнежниот период, поточно по Балканските војни, кога било јасно дека развојот на настаните околу македонското прашање се насочуваат кон непосакуван правец. Во услови на поделена Македонија, во недостиг на институции и финансиски извори кои ќе ја подржат идеологијата за создавање на самостојна македонска држава, некои од членовите на МРО затекнати во Бугарија, започнале да потпаѓаат под бугарската идеологија во однос на македонското прашање. Во тој период се повеќе се истакнува идејата за обединување на Македонија со Бугарија. Поради ова, повеќето мемоари настанати меѓу двете светски војни, па и потоа имаат бугарски колорит. Во прилог на ова оди и фактот што тие се пишувани во Бугарија и логично е авторите да ја променат нарацијата, доколку сакаат да градат лична кариера, да обезбедат иднина за своите семејства, па на крај дури, доколку сакаат нивните мемоари да бидат објавени и да станат дел од историјата на МРО.

Колку бугарското општество влијаело кон објективноста на мемоарите, може јасно да се види од зборовите на Трајан Радев, во предговорот за новото издание на спомените на неговиот татко, Симеон Радев. Имено, тој кога образложува зошто инсистирал на ново прочистено издание, ги објаснува условите кои му биле наметнати за печатењето на првото издание. Тој вели дека му препорачале да направи две промени и тоа, да го смени насловот и што е уште поинтересно: „внимателно треба да се прегледаат и поправат оние места, кои го засегаат македонското прашање и се неподобни како такви земајќи ги во предвид сегашните наши односи со Југославија“.[107]

Ако на сето ова, го додеме фактот, дека повеќето учесници во настаните не ги запишуваат, туку усно ги прераскажувале своите искуства на редакторите на мемоарите, кои нормално се бугарски научни работници, мора да постои сомнеж дека редакторите на овие спомени можеле многу лесно да ги насочат настаните во погрешна идеолошка матрица. Дали и колку редакторите и запишувачите влијаеле на содржината на настаните опишани во мемоарите, најверојатно можеме само да претпоставуваме и да се надеваме, дека сепак тие се раководеле од научно гледиште, а не од политичката ситуација во тој период.

## III. 3. Влијанието и искористеноста на мемоарската литература врз историографијата што се занимава со МРО

[107] Ранни спомени..., 11.

Како што наведовме во воведот, историјата на МРО е една од најистражуваните теми во македонската историографија, но таа е обемно истражувана и во бугарската историографија, а скромни обиди има и во историографиите на западните земји.

Мемоарската литература за историјата на МРО е обемно искористена во споменативе историографии. Секако, некои историчари мемоарската литература ја користат критички и умерно, додека, други ја користат обемно, но без соодветна критика, едноставно прифајќајќи ги информациите во неа како апсолутна вистина.

1. Во бугарската историографија, спомените редактирани од Љубомир Милетич, во периодот од 1927 до 1929 година, извршиле силно влијание врз историчарите, кои во голема мерка ги користеле овие спомени во своите истражувања за историјата на македонското револуционерно движење. Од друга страна, спомените запишани од професорот Милетич извршиле големо влијание и врз подоцнежните спомени. Во нив јасно се забележува дека самите автори, користат информации од веќе објавените спомени. Како и да е, повеќето бугарски историчари ја користат мемоарската литература при пишувањето на трудови за историјата на македонското револуционерно движење. Овде ќе наведеме само некои од нив, кои посеопфатно се занимаваат со оваа тематика.

Христо Силјанов, и самиот учесник во македонското револуционерно движење и запишувач на спомени, покрај објавените спомени во 1920 и 1927 година, во 1934 година, ја објавил својата прва книга „Ослободителните борби во Македонија“.[108] Оваа книга се смета за прв серизен и сеопфатен труд за македонското револуционерно движење. Силјанов ги користи сите објавени мемоари од професорот Милетич. Покрај тоа, Силјанов, барал и поттикнувал одредени личности – учесници во движењето да му достават материјали во форма на сеќавања за конкретни настани. Таквиот пристап на Силјанов, е забележлив и во вториот том од неговата книга, која е објавена во 1943 година.[109] Сите подоцнежни книги во Бугарија, во основа ги користат, информациите од мемоарската литература.

Во 1950 година, бугарскиот историчар, Дино Ќосев користи дел од дотогаш објавените мемоари во својата книга „Борбите на македонскиот народ за ослободување“,[110] а во 1954

[108] Христо Силянов, Освободителнитѣ борби..., том I..., София, 1933.

[109] Христо Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том II, Следъ Илинденското възстание, Издателство на Илинденската организация, София, 1943.

[110] Дино Кьосев, Борбите на македонския народ за освобождение, София, 1950.

година ја објавува и книгата „Историја на македонското движење“.[111] Паралелно со тоа Дино Ќосев се афирмира и како голем истражувач на архивска документација за историјата на македонското револуционерно движење.[112]

Мемоарска литература обемно ја користи и Константин Пандев, кој има напишано повеќе студии за македонското револуционерно движење. Тој е и голем истражувач на архивските материјали за историјата на македонското революционерно движење. Во 1978 година објави зборник за Гоце Делчев, која во себе содржи спомени, документи и други материјали.[113] Најзначаен негов историографски труд е книгата „Националноослободителното движење во Македонија и Тракија“,[114] во кое обилно, но критички ја користи мемоарската литература. Во 1983 година, тој ја објавил книгата за аферата Мис Стон, во која покрај бројните документи, се вградени и делови од спомените на Јане Сандански, Христо Чернопеев и Сава Михајлов.[115] Во 2000 година, постхумно е преобјавена негова книга „Национално-ослободителното движење во Македонија и Тракија“.[116] Овој факт доволно зборува за влијанието на К. Пандев во бугарската историографија во однос на македонското револуционерно движење.

Бугарскиот академик, Христо Христов, во својата книга за аграрните односи во Македонија,[117] ги користи спомени на Татарчев, Ѓорче Петров, Лука Ѓеров и други. Секако, овој труд ни покажува дека мемоарската литература од дејците на МРО се користи и за трудови од поинаков карактер, чии предмет на истражување не е поврзан со историјата на револуционњерното движење.

---

[111] Дино Къосев, Историја на македонското движение, София, 1954.

[112] Гоце Делчев, Писма и други материали, (издирил и подготвил за печат: Дино Къосев), БАН, София, 1967.

[113] Константин, Пандев, Гоце Делчев, Спомени, документи и материали, съставител: Любомир Панайотов, Наука и изкуство, София, 1978.

[114] Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878-1903, Наука и изкуство, София, 1979.

[115] Аферата „Мис Стоун", Спомени, документи и материали, Съставители: Константин Пандев, Мая Вапцаров, Издателство на Отечествения фронт, София, 1983.

[116] Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903, Гутенберг, София, 2000.

[117] Христо Христов, Аграрните отношения в Македония през XIX и началото на XX век, София, 1964.

Се разбира мемоарската литература ја користат повеќето бугарски историографи што се занимават со историјата на македонското револуционерно движење, кои овде нема потреба да ги набројуваме.[118]

2. Мемоарската литература е неизбежна и во трудовите на македонските историчари, кои се занимават со историјата на македонското револуционерно движење. Во овој труд, ќе истакнеме некои од македонските историчари, кои имаат посериозен пристап кон овој вид на литература.

Во македонската историографија, еден од првите историчари и истражувачи за историјата на МРО е академикот Љубен Лапе. Во 1976 година, Љубен Лапе го објави вториот дел од едицијата "Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ"[119] во која се објавени повеќе документи кои се однесуваат на историјата на МРО. Покрај тоа во Зборникот се внесении и обемни фрагменти од мемоарската литература. Во 1984 година, Љубен Лапе во целост ги преведе и редактираше спомените на Ѓорче Петров.[120] Академик Љубен Лапе обемно ја користи мемоарска литератуа речиси во сите стручни трудови од кои најголемиот дел постхумно се објавени во 1992 година во монографија за Македонија во XVII, XIX и XX век.[121] Академик Љубен Лапе користи мемоарска литература и во многуте научни статии кои за тема ја имаат историјата на МРО.[122]

Во македонската историографија која се занимава со историјата на МРО, мемоарите на истакнатите дејци на МРО обемно ги користи и Христо Андонов Полјански. Во 1963 година, Полјански го издава делото со наслов: „Гоце Делчев во спомените на современиците".[123] Во 1969 година, од печат излегува „Историја на Македонскиот народ",[124] под редакција на повеќе истакнати македонски историчари, меѓу кои и Х. А. Полјански. Само со бегол поглед, врз

---

[118] На пример: Светозар Елдръов во свотео дело, Тайните офицерски братства в освободителните борби на Македония и Одринско 1897-1912, Воено издателство, ЕООД, 2002., Тодор Петров, Нелегалната армија на ВМОРО в Македония и Одринско 1899-1908, Воено издателство, ЕООД, 2002., Гоцев Славчо, Аферите и техните последици за революционото движение в Македония и Одринска Тракия (1893-1903), Македонски преглед, XIX/3, София, 1996., и други.

[119] Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (1800-1919), II дел, Универзитет Кирил и Методиј, Скопје, 1976.

[120] Петров Ѓорче, Спомени..., Скопје, 1984.

[121] Љубен Лапе, Македонија во XVII, XIX и XX век, Култура, Скопје, 1992.

[122] На пример: Проект правилници донесени на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓ. Петров, ГИНИ, XVII/1, Скопје, 1973., Пере Тошев во спомените на своите современици, Филозофски факултет на универзитетот, Скопје, 1973., Нови документи за Илинденското востание, Илиндеснки зборник 1903-1955, Скопје, 1953, и други.

[123] Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев во спомените на современиците, Култура, Скопје, 1963.

[124] Историја на Македонскиот народ, книга втора, Институт за национална историја, Скопје, 1969.

содржината на втората книга, во која се обработува периодот на револуционерното движење, веднаш се забележува, дека голем дел од содржините во оваа книга се потпираат врз мемоарската литература. Х. А. Полјански користи обемна мемоарска литература и во 6 - томното издание за Гоце Делчев, кое излегува од печат во 1972 година.[125] Во 1983 година, Х. А. Полјански ги редактира и објавува и записките на Ташко Арсов во вид на спомени.[126]

Македонскиот историчар, Манол Пандевски, кој напишал бројни трудови за историјата на МРО, обилно ја користи мемоарската литература. Од рационални причини овде само ја посочуваме неговата петтомна едицијата „Македонското ослободително дело во XIX и XX век".[127]

Мемоарската литература е застапена и во делата на Иван Катарџиев. Најголемото негово достигнување во врска со историјат на МРО е четири томното издание од едицијата „Борба до победа".[128] Покрај оваа книга, И. Катарџиев има објавено и повеќе статии на оваа тема.[129] Иван Катарџиев е редактор на преведените спомени на повеќето истакнати дејци, запишани од професорот Милетич. Во овј контекст тој редактира спомени во 1995 г.,[130] и во 1997година.[131]

Мемоарска литература во своите книги за Македонија користи и Крсте Битоски. Тука вреди да се споменат делата „Македонија и кнежевството Бугарија (1893-1903)",[132] „Солунските атентати"[133] и „Дипломатски одгласи за Илинденското востание".[134]

Мемоарската литература во значаен степен е застпена и кај Александар Трајановски во делото „Бугарската егзархија и македонското националноослободително движење (1893-1908)".[135]

На крајот од овој дел, ќе напоменеме дека некои историчари го подигнаа степенот на критичкиот и аналитичкиот пристап при копристењето на мемоарската литература. Тука пред

[125] Христо Андонов, Полјански, Гоце Делчев, том. I-VI, Култура, Скопје, 1972.

[126] Ташко Арсов, Записки, редакција, коментари и поговор: Христо Андонов Полјански, Н. И. О. Студентски збор, Скопје, 1983.

[127] Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. 1-4, Мисла, Скопје, 1987.

[128] Катарџиев Иван, Борба до победа, т. 1-4, Скопје, 1983.

[129] На пример: Македонија во XX век, Култура, Скопје, 2006., Илинденското востание и сто години по него, прилози за Илинден, Скопје, 2003.

[130] Спомени на И. Х. Николов..., Скопје, 1995.

[131] Спомени на С. Арсов..., Скопје, 1997.

[132] Крсте Битоски, Македонија и кнежевството Бугарија 1893-1903, ИНИ, Скопје, 1977.

[133] Крсте Битоски, Солунските атентати, ИНИ, Скопје, 1985.

[134] Крсте Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Архив на Македонија, Скопје, 1983.

[135] Александар Трајановски, Бугарската егзархија и македонското националноослободително движење 1893-1908, Култура, Скопје, 1982.

мислам на Димитар Димески, а од неговиот опус кој е директно поврзан со историјата на МРО ја потенцираме монографијата „Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903)", издадена во 1981 година, која заради големиот интерес, следната 1982 година, доби второ издание.[136] Во тој контекст, од овој автор, ќе го потенцираме и неговото последното, јубилејно издание за великанот на македонското револуционерно движење - Гоце Делчев.[137]

Во овј дел, треба да ја спомeнеме и книгата на Марија Пандевска, за Струмичкиот револуционерен округ, издадена во 2002 година. [138]

Во поново време, помеѓу истражувачите на македонското револуционерно движење, особено се пројавува проф. д-р. Ванчо Ѓорѓиев. Неговите книги: „Петар Поп Арсов – Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење",[139] од 1997 година, потоа „Слобода или смрт – Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година",[140] од 2003 година и „Подземната Република – Дамјан Груев и македонското револуционерно движење",[141] од 2010 година, покрај оригиналните документи, изобилуваат со податоци од мемоарската литература. Кај овој автор евидентен е критичкиот пристап кон мемоарската литература, веројатно под влијание на школата на професорот Д. Димески.

Од овој селективен преглед на искористеноста на мемоарската литература во македонската и бугарската историографија, можеме да заклучиме, дека таа обемно се користи и преставува важен извор при истражувањето на историјата на македонското револуционерно движење.

---

[136] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), II издание, Студентски збор, Скопје, 1982.

[137] Димитар Димески, Гоце Делчев, јубилејно издание - 100 години од смртта на Гоце Делчев (1903-2003), Матица Македонска, Скопје, 2003.

[138] Марија Пандевска, Струмички револуционерен округ (1893-1903), Кн. 1, ИНИ, Скопје, 2002.

[139] Ванчо Ѓорѓиев, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Матица Македонска, Скопје, 1997.

[140] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., Скопје, 2003.

[141] В. Ѓорѓиев, Подземаната република..., Скопје, 2010.

# ГЛАВА IV

# КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА МЕМОАРИТЕ

Една од потешките задачи при анализа на мемоарската литература на МРО, секако е категоризација на истата, бидејќи во секој случај, во отсуство на оригинална документација, треба да се признае дека сите запишани мемоари се бесценет извор за историјата на МРО. Сепак, нормално е дека постои разлика во квалитетот на мемоарите и затоа во овој дел ќе наведеме некои фактори со кој ќе дадеме тежина на квалитетот на спомените.

## IV.1. Влијанието на местото и улогата на личноста што ја заземал во македонското револуционерно движење врз содржината на спомените

Како еден од најважните фактори кој имал одлучувачко влијание за содржината и квалитетот на мемоарите, секако е местото што го заземале раскажувачите на спомените во македонското револуционерно движење. За ова зборува и Х. А. Полјански кога вели: „Особеностите на мемоарите и на мемоарските материјали можеме да ги утврдиме преку смислено испитување на улогата на нивниот составувач во настаните, предимно дали се работи за активно или пасивно учество, односно за примарен или секундарен удел".[142]

При читање на спомените, веднаш се забележува квалитетот на информациите кој е присутен кај членовите на Централниот комитет на МРО и на раководителите на окружните и околиските комитетите, кои биле во постојана комуникација со ЦК во Солун. Оттука во нивните спомени информациите се од највисок ранг и даваат слика за суштината на движењето. Тие се оние што раководат со него, што ја креираат политиката, што носаат одлуки и што го надгледуват нивното спроведување. Затоа не треба да не збунуват информациите што ги дава Ѓорче Петров. Во врска со тоа тој самиот вели дека со Гоце Делчев знаеле се. Неспорно, Ѓ. Петров, како член на ЦК, а потоа на Задграничното претставништво бил во постојана комуникација во ЦК во Солун. Од друга страна неговата блиска соработка со неоспорниот апсотол на МРО – Гоце Делчев, контактите со ВМК,

[142] Х. А Полјански, Мемоарите..., 233-234.

Егзархијата и со луѓето од бугарската политика му овозможиле да поседува огромни информации. Сето тоа најдобро се гледа во неговите спомени кои изобилуваат со извонредни информации за функционирањето на Организаицјата, односите со ВМК и со бугарската влада, односите со Егзархијата итн.

Спомените на Х. Татарчев, основоположник и прв Претседател на МРО, исто така изобилуваат со интересни информации, особено за создавањето и почетоците на Организацијата, воспоставувањето на нејзината мрежа, за првите советувања и конгреси итн. Од друга страна треба да се знае дека Х. Татарчев, како Претседател на ЦК и како лекар не бил човек кој директно работи на теренот. Како Претседател на ЦК, тој повеќе имал административна функција.

Даме Груев е клучен иницијатор за формирањето на МРО и прв секретар и благајник на Организацијата и еден од најагилните организатори на терен. ДамеГруев својот животен век го поминал во самиот врв на Организаицјата. Тој лично учествува во раководењето на Организацијата и при носењето на клучните одлуки. Него му биле достапни сите поважни информации за текот на растежот на Организацијата. Дури и кога бил во заточение, имал контрола врз активностите на Организацијата. Тоа е потврдено во мемоарите на повеќето активни дејци на МРО. Спомените на Даме Груев, иако се многу кратки и недовршени, сепак изобилуваат со информации за формирањето на МРО и основањето на првите комитети во земјата. Оттука, неговите спомени иако се кратки, нудат интересни информации за клучни прашања од развојот на МРО.

Иван Хаџи Николов е основоположник на Организацијата и член на ЦК на МРО до Солунската провала (1901). Оттука во неговите записки има извонредни информации за формирањето на организацијата, нејзините односи со проегзархиската групација во Солун, со Тајното бугарско револуционерно братство и т.н. Поради тоа неговите спомени, покрај оние на Х. Татарчев и Д. Груев се едни од најексплоатираните во историографијата, кога станува збор за предилинденскиот период.

Наспроти овие првостепени личности, доаѓа друга категорија на раководители и организатори на теренот кои оставиле свои спомени. Некои од нив биле претседатели на окружни комитети, други на околиски, трети биле војводи и организатори на теренот. Информациите во нивните спомени се во директна зависност од местото што го заземале во раководењето и одлучувањето. Оттука, некои од овие спомени содржат информации кои

претставуват спој помеѓу она што доаѓа како политика и информации од највисоко ниво до окружно и околиско. Други пак содржат информации од локално ниво, каде што тие директно раководеле. Во оваа категорија би навеле само некои како спомените на: Јане Сандански, Христо Чернопеев, Геоги Поп Христов, Лука Ѓеров, Михаил Герџиков, Славејко Арсов, Пандо Кљашев и други.

Од изнесеново произлегува дека степенот и квалитетот на информациите зависат од местото и улогата на личноста во движењето. Затоа многу е логично зошто војводите во своите спомени раскажуват само активности на теренот, за борби и судири и за начинот на преживување. На друга страна, повисоките локални раководители, нудат друг тип на информации, каде освен за работата на теренот има и информации за управувањето на Организацијата, за нејзината локална политика, а пак спомените од највисоките раководители нудат глобална слика за функционирањето на организацијата. Оттука доаѓа и општиот заклучок дека кога се зема информација од мемоарската литература за одреден настан, треба да се внимава на местото, улогата и директната инволвираност на личноста во настанот за кој зборува.

Кога станува збор за мемоарите пишувани меѓу двете светски војни, може да се види дека, иако станува збор за личности кои не биле во самиот врв на Организацијата, сепак и во нивите мемоари може да се најдат некои интересни податоци за историјата на МРО. Меѓутоа, овде треба да се нагласи дека овие спомени во значаен степен се под влијание на веќе објавените спомени од професорот Милетич и моменталната идеолошка припадност на поединецот. Голем дел од овие личности, кои порано на своевиден начин учествувале во македонското револуционерно движење, врз основа на туѓите спомени се обиделе да си обезбедат место за себе во историјата или да ги оправдаат своите постапки. Затоа кон нив треба да се пристапува многу внимателно. Најдобар пример за овој тип на спомени се спомените на Анастас Лозанчев.

### IV.2. Влијанието на образовно ниво на личностите врз содржината и квалитетот на спомените

Прво на што ќе обрнеме внимание е нивото на образование кај авторите на мемоарите, бидејќи тоа битно влијае на содржината и квалитетот на приказната, како извор за историјата на МРО. Иако преовладува мислењето дека повеќе дејци на Организацијата биле неписмени,

ние нема да се сложиме со таквата констација, од едноставна причина што и низ самите спомени е потврдено, дека повеќето раководни членови на Организацијата имаат завршено, основно, други средно образование, а некои дури биле факултетски образовани. Посебно кога се работи за главните дејци на Организацијата, треба да се знае дека првиот претседател на МРО - Христо Татарчев[143], бил дипломиран лекар – германски воспитаник, Даме Груев[144] бил учител со недовршено факултетско образование и т.н.

Други пак, иако формално немале завршено високо образование, по пат на самообразование, станале вистински теоретичари, засенчувајќи ги оние со формално образование. Најдобар пример за тоа е Ѓорче Петров. Ако се анализираат неговите спомени, веднаш се забележува дека тој внимателно ги одбира настаните и ја презентира суштината на македонското револуционерно движење, без да го оптеретува расказот со непотребни настани од својот секојдневен живот. Таквиот стил може да се препознае и во спомените на Х. Татарчев и Иван Хаџи Николов. Потоа, спомените на Даме Груев, кои иако се многу кратки, едноставно изобилуваат со суштински податоци. Тоа го истакнува и професорот Милетич во предговорот за спомените на Даме, кога вели: „Груев избегнуваше подробности, велејќи дека кога би се впуштал во нив, нашата работа би се одложила многу, па и не се сеќавал за се што пооделно би заслужувало да се одбележи – толку многу преживеал во текот на тоа, иако релативно кусо време, откако датира неговата дејност во Македонија“.[145]

Општо земено спомените на поистакнатите дејци на МРО според својот стил се различни и интересни. Но сепак при проучувањето на мемоарите може да се види дека во револуционерната борба имало и доста учесници кои биле слаби на збор, па така спомените на пример на Христо Куслев, Пандо Кљешев, Анастас Лозанчев, Андон Димитров, Васил Чакаларов и други, изобилуваат со небитни податоци и приказни од секојдневниот живот на авторите, иако овие личности заземале високи позиции во хиерархијата на Организацијата, а од друга страна имале и пристојно образование за тоа време.

---

[143] Основно образование завршил во родниот град Ресен, а гимназија во Пловдив. По завршување на средното образование, заминал на дошколување во Цирих, Швајцарија. Во 1890 година се префрлил во Берлин, каде што во 1892 година, дипломирал за лекар.

[144] Основно образование завршил во родното село, Смилево. Гимназиското образование го започнал во Ресен, но набргу се префрлил во Битола, каде завршил IV клас гимназија. Во V клас се запишал во Солунската егзархиска гимназија, но поради учество во ученички бунт, во VI клас се префрла во Белград и таму го завршува гимназиското образование. Потоа се запишува на универзитетот "Св. Климент Охридски" во Софија. Заради своите револуционерни студентски активности, не успеал да го заврши високото образование.

[145] Спомени на Д. Груев..., 93.

На крај треба да се споменат и онаа категорија на личности, кои речиси немале формално образование и елементарно биле описменети во текот на револуционерната борба, меѓутоа заради своето долгогодишно учество во неа, станале интересни за запишувачите на спомени. Челно место меѓу таквите зазема Андон Ќосето. Оттука неговите опширни спомени, изобилуват со интересни сцени од разновидни активности за настани во кои учествувал самиот, но затоа таму недостасува глобалната слика. Имајќи го предвид образовното ниво на раскажувачите на спомените, може да се допушти дека запишувачите на спомените при нивното подоцнежно средување за објавување на истите, вршеле интервенции за да го разубават расказот, со што тој губи од својата автентичност.

Слично како и Андон Ќосето, Васил Чекаларов неможе да се пофали со некое солидно образование. Тој имал завршено четиригодишно основно образование. Сепак, во својата револуционерна активност, се искачил високо во хиерархијата на МРО и станал еден од највлијателните раководители во Костурскиот револуционерен округ. Затоа неговите спомени кои имаат карактер на дневник, се важен извор за историјата на МРО.

Тука треба да го спомeнеме и Смиле Војданов, кој заради револуционерната дејност, рано го напуштил своето школување. Сепак, како истакнат војвода во Охридско, тој го заинтересирал професорот Милетич да му ги раскаже своите спомени.

Кога ќе се анализираат сите спомени, сам посебе се наметнува заклучокот дека образовното и културното ниво на раскажувачите на спомените битно влијае врз нивната содржина и квалитет.

# ГЛАВА V

## Вреднување на мемоарската литература за МРО

При анализа на спомените запишани од Милетич, како методолошки проблем изби прашањето за нивниот редослед. Оттука пред нас се наметна дилемата, дали тоа да биде според местото и улогата на личностите во македонското револуционерно движење, хронолошкиот принцип на запишување на спомените, или пак, редоследот на објавување на спомените. Сепак на крајот одлучиме да го почитуваме редоследот на објавување на спомените. Тој редослед е запазен и кај другите објавени спомени, со исклучок на мемоарите кои се запишани од личности кои не бил членови на МРО. Нивните спомени ги анализираме на крајот од оваа глава.

### V.1. Содржината и значењето на информациите во мемоарската литература за МРО

1. Спомените на **Дамјан** или **Даме Груев**,[146] се првите објавени спомени кои се запишани од професорот Милетич. Тие прв пат се објавени во 1907 година во списанието Македоно-одрински преглед. Спомените на Даме Груев, професорот Милетич ги запишал при две средби со Даме, на 18 и 19 јануари, 1905 година.

Самиот факт што Даме е иницијатор за формирањето на МРО и постојано бил во врвот на Организацијата, ги става неговите спомени високо на скалата на мемоарската литература како извор за историјата ан МРО. Авторитетот на Даме се потврдува скоро во сите останати мемоари од другите дејци на МРО. Спомените на Даме се запишани во почетокот на 1905 година, што уште повеќе ја зголемува нивната вредност. Неговите спомени не се оптоварени со непотребни податоци, туку се кракти и концизни. Концизноста на Даме Груев во своите спомени, ја констатира и професорот Милетич, кој вели дека доста настани Даме ги имал

[146] Македонски револуционер, корифеј на МРО, роден во с. Смилево во 1871 г. Еден од основачите на Македонското студенско друштво во Софија, главен иницијатор за формирањето на МРО, прв секретар и благајник на МРО, основоположник на повеќе комитети во Македонија, член на ЦК на МРО, учесник на Ресенското советување (1894), Солунскиот конгрес (1896), Смилевскиот конгрес (1903), член на Главниот штаб на Илинденското востание, учесник на Прилепскиот конгрес (1904) и на Рилскиот конгрес (1905). Накусо кажано, еден од најагилните и најекспонираните раководители на МРО. Загинал во битка со османските војски кај с. Русиново, Малешевско во декември, 1906 година.

заборавено, а пак за тоа што го паметел, не сакал да навлегува во детали. Јасно е дека големите луѓе не се оптеретуваат со ситни детали, за нив била поважна акцијата, отколку раскажувањето на спомени. Сепак, Груев имал многу што да каже, но од некои свои причини, а можеби и од недостаток на време, тоа не го сторил. По неколку средби со професорот Милетич, Груев заради организациски потреби заминал за Македонија, па така неговата приказна останала недовршена.

Во своите кратки, речиси телеграфски спомени, Д. Груев дава важни податоци за потребата и идејата за создавање на Револуционерна организација, за формирањето и почетоците на Организацијата. Притоа кусо раскажува за својот ангажман при вклучувањето на луѓе кои се на исто мислење со него, со цел да се формира една револуционерна Организација, која за основа би се потпирала на барањето да се примени член 23 од Берлинскиот договор за Македонија.[147] За создавањето на Организацијата во Солун вели: „Тука се сретнав со свои стари другари: Поп Арсов, Андон Димитров (род. од солунското с. Ајватово, сега член на битолскиот суд); д-р Христо Татарчев, Хаджи Николов (од Кукуш), Христо Батанџиев (од Гуменџе, секретар на солунската општина?). Со нив ја обновивме старата идеја. Се згрупиравме, и сложно изработивме статут - правилник... Тоа беше во текот на 1893-1894 учебна година".[148]

За основањето на првите месни комитети, но и за првите покрстени работници на Организацијата во тие места, спомените на Д. Груев се најзначајниот извор, бидејќи тој во нив дава податоци за комитетите кои ги основал во: Кавадарци, Прилеп, Битола, Охрид и притоа ги посочува и имињата на првите месни раководители и потесните раководства.[149]

Интересни се неговите сведоштва за првата средба со Гоце Делчев во Штип и за нивната сорбаотка.[150] Во натамошниот дел од спомените, Д. Груев дава основни информации за неговото движење низ Македонија за организациски потреби, првенствено во Солун и Битола. Притоа дава информација за првата чета формирана во Костурско. Сосема кратко зборува за неговото затворање и условите во затворот.

---

[147] Спомени на Д. Груев..., 97.
[148] Исто, 98-99.
[149] Исто, 99-100.
[150] Исто, 101.

По амнестирањето, Д. Груев затекнал донесено решение за востание.[151] Во врска со тоа прашање за време на Велигденските празници во 1903 година во Солун имал средба со Гоце Делчев. Според Груев, Делчев воглавно приговарал дека Серскиот округ не бил доволно вооружен, но го убедиле дека ќе се обезбеди потребното оружје.

Груев во своите спомени дава информации и за текот на Смилевскиот конгрес, кога под негово претседателство била донесена одлуката за востание во Битолскиот революционерен округ, а тој бил избран за член на Главниот штаб. Како член на ГШ и директен учесник во борбите околу Смилево, Груев дава интересни информации за текот на востанието во овој регион. Освен тоа тој се осврнува на османските жестокости при задушувањето на востанието. Во последните денови на востанието, Груев се уште бил оптимист, надевајќи се на дипломатската интервенција на големите сили. Најдобар показател за тоа се неговите зборови: „гласовите за реформи не охрабрија донекаде“.[152] Всушност оваа се последните зборови што Груев му ги кажал на Милетич, со ветување дека при следната средба ќе ги довршат спомените. Меѓутоа, тие никогаш не биле довршени.

2. Петнаесетина години по првичното објавување на спомените на Дамјан Груев, професорот Милетич во Зборникот Илинден, во 1922 година, ги објавил спомените на првиот Претседател на МРО, **д-р. Христо Татарчев**.[153]

Спомените на д-р. Х. Татарчев се најспецифични за анализа од причина што, неговите први и кратки спомени се запишани и објавени од Љ. Милетич во Бугарија. Татарчев во триесетите години на XIX век, во Торино - Италија, далеку од влијанието на бугарската држава ја напишал книгата „ВМРО како митологија или реална стварност“ која во висок степен се доближува до мемоарска литераура. Овде ќе се обидеме да направиме една мала компаративна анализа на спомените на Татарчев запишани во Бугарија и оние во Италија, а со

[151] Исто, 109.

[152] Исто, 113.

[153] Еден од основоположниците на МРО и прв претседател на Ц К (од јануари 1894 до јануари 1901), кога бил осуден поради Солунска провала. Во 1902 година е именуван за задграничен преставник на МРО во Софија, а како таков останал и за време на Илинденското востание. По 1904 година, неговата улога и активност во македонското революцуионерно движење значително опаднала, притоа останал да работи како лекар во Бугарија. Во 1923 година, заедно со својата жена, емигрира во Торино, Италија. За време на Втората Светска војна, се вратил во родниот град Ресен, но набргу заминал за Бугарија. Во 1949 г. одново заминува во Италија, каде починал во Торино, во 1952 година.

тоа индиректно ќе укажеме и на влијанието на времето и политичките околности врз содржината на мемоарската литература.

Ако зборуваме за обемот на спомените запишани во Софија и Торино, веднаш треба да нагласиме дека првозапишаните спомени се многу пократки, со помалку податоци кои главно се однесуваат на формирањето на Организацијата. Додека книгата запишана во Италија припаѓа кон најобемните дела со мемоарски карактер, за историјата на МРО.

Спомените во Софија, д-р. Х. Татарчев му ги раскажува на Љубомир Милетич во јануари 1917 година, на две средби во екот на Првата светска војна, кога Македонија одново била арена на воени дејствија. Интерсно е тоа што Х. Татарчев, долго време избегнувал да ги раскаже своите спомени, поради што самиот Милетич, вели дека имал празнина во своите записи се до 1917 година, кога успеал да го убеди др. Х. Татарчев. Во овие спомени д-р. Х. Татарчев е многу краток и раскажува за зачетоците на МРО. Додека во спомените во Торино, Татарчев е многу опширен, со многу факти за дејноста на Организацијата по сите окрузи, при што опширно го засега и Илинденското востание. Неспорно е дека тие делумно се под влијание на објавените мемоари и друга литература во врска со Организацијата.

Во првиот дел на спомените од Торино, насловен како „Мислата за слобода кај македонскиот народ“,[154] д-р. Х. Татарчев недвосмислено го опишува македонскиот дух на организацијата. Кога зборува за одлуките од Берлинскиот договор и членот 23 од истиот, објаснува дека решението на Европските сили, Македонија да остане под Османлиска власт, предизвикало незадоволство кај македонскиот народ против големите сили.[155]

Понатаму д-р. Х. Татарчев прави споредба помеѓу брзиот културен развој во кнежевството Бугарија и бесправниот политичко - социјален режим во Македонија, поради што македонската младина која се повеќе се школува во Бугарија, се соочува со голем контраст.[156] Меѓутоа, Х. Татарчев пишува: „иако оваа македонска младина, има широка културна и интелектуална перспектива во бугарското општество и можност за спокоен социјален живот, сепак ништо неможеше да ги отргне нивните умови од мислата - да ѝ служат на својата татковина Македонија“.[157]

---

[154] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната ..., 11
[155] Исто, 15.
[156] Исто, 16.
[157] Исто.

Кога станува збор за формирањето на МРО и дефинирањето на нејзините цели, Татарчев во првите спомени запишани во Бугарија вели: „поставената цел беше Автономија на Македонија, при што една таква Македонија полесно би се припоила кон Бугарија или во краен случај, една автономна Македонија би иницирала создавање на Балканска федерација“.[158] Во врска со ова, во текстот пишуван во Торино, Татарчев вели: „нашата идеја беше присоединување на Македонија кон Бугарија, понесени од долгогодишната мечта на бугарскиот народ, но требаше да водиме релана политика“.[159] Меѓутоа, понатаму Татарчев пишува:: „решивме целта да биде – Автономија на Македонија во нејзините етнографски и географски граници, како што всушност е напишано во уставот на организацијата“.[160] А кон тоа уште додава: „Ние не можевме да дејствуваме поинаку и да ја решаваме судбината на македонскиот народ и му оставивме на него понатаму сам да си ја кова судбината, дали тој би се присоединил кон Бугарија или би станал звено на една Балканска федерација. Тоа што би му се диктирало од неговите интереси, тој е слободен да прави како сака“.[161]

Во спомените од Торино, Татарчев исто така пишува за развојот на Организацијата, релациите со ВМК и подоцна со Револуционерното братство, односите со Егзархијата и бугарската влада, задачите на задграничното преставништво, создавањето на четничкиот институт, Солунските атентати, подговотките за востанието, Смилевскиот и Солунскиот конгрес, како и текот на востанието по окрузи и реони. Х. Татарчев како задграничен претставник не можел физички да учествува во овие настани, но фактот што како задграничен претставник, бил во тек со настаните, не обврзува да се однесуваме кон неговите сведоштва со респект. Х. Татарчев, како и сите други што оставиле спомени, со пиетет зборува за Г. Делчев, особено за неговата улога при создавањето на четничкиот институт. Во врска со тоа Татарчев пишува: „Организацијата на четите беше воопшто дело на Делчев, кој ги поседуваше сите квалитети за таа мисија. Тој успеа да го издигне институтот со личниот пример до онаа висина на боевата сила, којашто ја покри со вечна слава и возвишеност нашата родна земја“.[162] Додека во врска со загинувањето на Делчев, Татарчев пишува: „Неочекуваната херојска смрт на Делчев на 21 април во селото Баница, Серско, внесе несигурност во редовите на борците и многу ги побрка веќе утврдените планови, особено во

---

[158] ВМОРО, Спомени на Д-р Х. Татарчев..., 54.
[159] Исто.
[160] Исто.
[161] Исто.
[162] Д-р Христо Татарчев, Вътрешната ..., 99.

Серскиот округ. Македоно - Одринскиот роб, влеваше најголема верба и надеж во Делчев и очекуваше да го види на чело на делото“.[163]

На крајот ќе додадеме дека Татарчев од дистанца прави анализа и вреднување на Илинденското востание. Во врска со тоа тој шишува „Илинден, 20 јули 1903 г., беше неизбежна последица од севкупноста на различни фактори. Во него немаше, ниту романтизам, ниту наивност во проценката на реалноста. Никогаш не се правеше илузија дека ние ќе ја поразиме Турската империја со пушки „Тетовки“, „Кримки“ и „Гра“. Тоа го изјави и Д. Груев пред народот и четниците. За нас не можеше да биде изненадување опожарувањето на селата, убивањето на невини луѓе, силувањето и обесчестувањето на жените и девојките. Објективноста воопшто не беше мртва во мислите и дејствувањето на раководните сили и затоа решението за Илинден беше примено со жалосно срце...“.[164]

Спомените на Татарчев, како оние од Софија, така и оние од Торино, нудат многу информации за анализа и извлекување на противречни тези. Мошне интересно е да забележиме, дека во бугарската историографија, дури пренагласено се искористува онаа реченица во која зборува дека првично размислувале за обединување со Бугарија, иако во официјалните документи на Организацијата, такво нешто воопшто не постои. Можеби тоа е добар индикатор да констатираме, дека сето она што е содржано во мемоарската литература, не секогаш одговара со автентичната документација, но и покрај тоа истото масовно се користи за протежирање на одредени тези.

3. **Славејко Арсов**[165] е првиот македонски револуционер кој што седнал пред Милетич да ги раскаже своите спомени. Неговите спомени професорот Милетич ги запишал во периодот од декември 1903 до февруари 1904 година.

Спомените на Славејко Арсов се специфични поради неколку причини. Прво, спомените се запишани веднаш по востанието, кога сеќавањата на С. Арсов биле многу свежи за настаните во кои тој земал активно учество и претпоставуваме дека се главно реални. Втората важна работа е што Арсов е директен учесник на Смилевскиот конгрес и главен

---

163 Исто, 125-126.
164 Исто, 132.
165 Роден во 1878 година во Штип. Член е на МРО, најпрвин како четник во четата на војводата Марко Лерински, а потоа бил избран за околиски војвода во Битолско. Учесник е на Смилевскиот конгрес, а за време на Илинденското востание е назначен за околиски војвода во Ресен. Загинал во 1904 година, во близина на Свети Николе.

војвода во Ресенско за време на Илинденското востание. Поради тоа овие спомени преставуват драгоцен извор за оваа околија за време на Илинденското востание. Сепак највпечатливо во неговите спомени е што тој не се одалечува од главните настани, не оптеретува со небитни факти, туку напротив, неговите спомени се богати со податоци за функционирањето на Организацијата, собирањето средства, подготовките за востанието, агитациските квалитети на Делчев, улогата на Д. Груев како раководител и т.н. Во овие спомени има интересни податоци за повеќе истакнати дејци на Организацијата од Битолскиот револуционерен округ. Исто така спомените се пренесени во разбирлив стил, со што тие се интересни не само за историчарите, туку и за обичниот читател.

Славејко Арсов своите спомените ги започнува со револуционерното движење во Кичево. Притоа дава интересни информации за состојбата на Организацијата во тој период во Кичевско. Арсов уште на самиот почеток бил доста активен и соработувал со високи раководители од Организацијата. Така тој го споменува Д. Груев и го потврдува неговиот неоспорен авторитет кога вели: „Сето време кореспондирав, и за се што се случуваше во Кичевско, му рапортирав на Дамјан Груев. Ми пишуваше и тој и ме информираше за поважните случувања во Македонија (со хемиско мастило и со шифри)“.[166]

По излегувањето од затвор С. Арсов соработувал со Г. Делчев, Лука Џеров, Ѓорѓи Христов, Ѓ. Сугарев и други видни дејци на Организацијата. Набрзо Арсов се приклучува кон четатата на Марко Лерински токму во периодот кога Делчев е во обиколка на Костурскиот и Леринскиот регион. Тоа е време кога се гради четничкиот институт и кога Делчев масовно го промовира концептот на организациските судови. Следејќи го тоа на лице место, Арсов на еден прекрасен начин го опишал во своите спомени. Според него, Организацијата во овие краишта практично функционирала како паралелна власт, бидејќи таа решава судски спорови, брачни проблеми, но и жестоко се справува со многуте шпиони кои и нанесуваат штета на Организацијата.

Покрај тоа С. Арсов, дава интересни податоци за вооружувањето во Битолскиот округ, за обидите на Организацијата да му помогне на населението на економски план, за начинот на покрстувањето на нови членови и свеченото полагање заклетва, за состојбите во Ресенско и присуството на врховистичкиот војвода полковникот Јанков во Костурско.

---

[166] Спомени на С. Арсов ..., 42.

За Солунскиот конгрес во 1903 година, на кој била донесена одлуката за востание, Славејко Арсов истакнува: „при крајот на декември се собра на Конгрес во Солун на кој Лозанчев го преставувал Битолскиот вилает. Нас во Ресенско и лично мене ниту со збор не нè прашаа. Не знаевме дури, дека имало конгрес во Солун; мислевме дека ќе има некакво обично собрание.“[167] Ова е мошне добар податок кој ја прикажува состојба при носењето на клучната одлука, дека воопшто не биле консултирани оние што ги спроведувале подготовките на теренот, а истовремено и што подоцна требало да го изведат востанието.

Славејко Арсов дава опширен опис и на Смилевскиот конгрес на кој што учествувал како преставник од Ресенската околија. С. Арсов опширно ги опишува подготовките за востанието во неговиот регион, вооружувањето, припремите за складирање жито, обуката за борба на селаните, како и распоредувањето на четите пред самиот ден на востанието. Во своите спомени дава податоци за текот на востанието во Ресенско, но и пошироко за Битолскиот округ. При самиот крај на востанието, пишува дека често се гледал со Д. Груев при што вели дека се разбирале, дека туѓо вмешување нема да има. Овде веќе им станало јасно, дека ветената помош од Бугарија, која ја промовирал Сарафов не е ништо друго, освен уште една епизода од валканата експлоатација на македонското дело.

По демобилизација и распуштањето на четите Славејко Арсов заминал во Бугарија, каде што му ги изнел своите спомени на Љубомир Милетич.

Неспорно, спомените на С. Арсов нудат многу информации за опсежни анализи за функционирањето на Организацијата на теренот.

4. Спомените на **Пандо Кљашев,**[168] професорот Милетич ги запишал во неколкуте средби што ги имал со него во текот на зимата 1904 година.

Пандо Кљашев во своите спомени истакнува дека со идеите на МРО го запознале неговите учители Даме Груев и Михаил Герџиков.[169] Веднаш по завршувањето на образованието, П. Кљашев во 1900 година станува еден од најистакнатите раководители на

---

[167] Исто.

[168] Роден е во1882 г во с. Смрдеш, Костурско. Во 1900/1901 г. бил поставен за учител во с. Смрдеш и од тој период активно се вклучува во Организацијата. Учесник е на Смилевскиот конгрес. За време на Илинденското востание, зема активно учество како раководител во Костурско и учествува во битките за ослободување на Невеска и Клисура. Загинал во 1907 г. во близина на с. Дреновени.

[169] Спомени на П. Кљашев..., 156.

МРО во Југозападна Македонија. Тој земал активно учество за време на Илинденското востание во Костурската околија.

Спомените на Пандо Кљашев се од исклучително значење за историјата на МРО, особено за Костурскиот регион и неговата околина. Фактот дека се запишани веднаш по востанието, кога сеќавањата се свежи, ги става овие спомени високо на скалата според својот квалитет. Спомените на Пандо Кљашев се јасни, концизни, без непотребни податоци. Особено е значајно, што П. Кљашев низ своите спомени дава многу податоци за состојбите во Битолскиот револуционерен округ: за главните раководители, првите чети и атмосферата пред и по востанието.

П. Кљашев раскажува за почетоците на Организацијата во Костурско и улогата на учителите во ослободителното дело. Притоа прави јасна дистинкција помеѓу учителите Бугари и Македонци. Во врска со тоа вели: „По Димитров, за главен учител во Костур дојде Нелчинов – Македонец (не е од Костурско)“.[170] Како главни раководители во Костурскиот регион ги посочува Лазар Поп Трајков и Лазар Москов, како и Васил Чекаларов. П. Кљашев ни дава и податок кога била организирана првата чета во овој регион од страна на Павел Христов и дека прв војвода бил Коте од Рула.[171]

Во продолжение на спомените дава интересни сведоштва за дејноста на повеќе истакната војводи во овој регион: Марко Леринскиi, чие вистинско име е Георги Иванов, родум од Котел (Бугарија),[172] за Тале Горанов, за кој нема добро мислење, за Атанас Петров, кој бил виновен за затворањето на главниот раководител во овој регион - Павел Христов, за назначувањето на Москов за реонски раководител итн.

Со назначувањето на Васил Чекаларов за одговорен за снабдување со оружје од Грција за овој регион, Кљашев вели дека започнало посериозно организирање на реонот. Од доаѓањето на Чекаларов па до Илинденското востание, Кљашев постојано соработува со него.

Како и С. Арсов, така и П. Кљашев дава податоци за доаѓањето на Г. Делчев во Костурско и вели: „Тогаш во Кономлади неочекувано дојде Делчев со Марко Војвода. Со цела чета отидовме да се сретнеме со Делчев. Тој прв пат дојде во Костурско околу 20 ноември. Дотогаш знаевме дека Делчев е висок раководител, каков што беше и Груев“.[173]

---

[170] Исто, 158.
[171] Исто, 168.
[172] Исто, 171.
[173] Исто, 197-198.

Според Кљашев, Делчев бил многу авторитетен и успеал да покрсти нови членови и да помогне при организирањето на каналот за набавка на оружје од Грција. Освен тоа, Кљашев зборува за улогата на Делчев при воспоставувањето на организациските судови. Во таа смисла пишува дека Делчев тогаш зборувал: „не е убаво, сега кога преставуваме таква сила, да одиме да се судиме кај Турците. Се треба да земеме во свои раце“.[174] Од ова јасно се гледа намерата на раководството на МРО да создаде паралелен систем на власт т.е. „држава во држава“.

Во своите спомени, П. Кљашев, прилично место оддава на авантурата на полковник Јанков, чија цел била да прогласи востание во Костурскиот регион од името на ВМК. Според Кљашев, врховистичките идеи на Јанков за востание биле пречекани на нож. Извесен Атанас поп Николов дошол кај Јанков и му рекол:„ Ние, господине Јанков, си имаме свои началници кои досега раководеа со нас и го подготвуваа народот и Вас нема да ве слушаме. Тие еполети и таа униформа ние неможеме да ги почитуваме“ и почнал да му ги кине еполетите.[175] Поради лошиот прием во Костурско, полковникот Јанков му се пожалил на Митре Влашето: „Митре, овие луѓе викаат против мене и велат дека не сакаат слобода од Бугарија, а Делчев праќа луѓе да ме убијат. Тој преку Грција испратил неколку души, но Господ е со мене, тие се издавија, а тие ќе ме убиеја“.[176] Ова е многу интересен податок, бидејќи ни го пренесува цврстиот став за чистотата на македонското дело во однос на врховистичките напливи од Бугарија, кои во овој крај требало да се протнат преку човек со тамошно потекло каков што бил Јанков.

Кљашев во своите спомени известува за дејноста на Б. Сарафов и за Смилевскиот конгрес. За самиот конгрес, ја изнесува очигледната неспремност за востанието и вели: „Речиси половина од присутните рекоа дека воопшто не се подготвени за востание и кога се постави прашањето зошто на Солунскиот конгрес се донесла одлука за дигање на востанието, без да се сослушаат реонските раководители, Лозанчев неможеше да даде вистински одговор“.[177] Ова е уште еден факт дека при донесувањето на решението за востание од страна на ЦК, не биле консултирани месните раководители. Што се однесува за самото востание, Кљашев дава опис на битките во кои и самиот учествувал. По демобилизацијата на востаничките сили, Кљашев заедно со Чекаларов, преку Грција се засолнил во Бугарија.

---

[174] Исто, 198-199.
[175] Исто, 221.
[176] Исто.
[177] Исто, 242.

5. Спомените на **Смиле Војданов,**[178] Љубомир Милетич ги објавил во 1926 година. Смиле Војданов во организацијата влегува по покана на охридските раководители - Христо Узунов и Методија Патчев. За време на востанието дејствува во четата на Дејан Димитров во Охридско.

Во своите спомени, Смиле Војданов ја опишува ситуацијата за време на Илинденското востание во Охридскиот регион. Одлуката за денот на почеток на востанието им ја соопштил Христо Узунов. Пред да заминат на закажаното собрание во врска со востанието, војводата Тасе Христов му ги кажал следните зборови: „на 20 јули ќе има свадба со султанската војска".[179] Смиле Војданов во своите спомени ни дава податок за присутните делегати на тоа собрание: „Тасе Христов, Малешевската чета; Дејан Димитров, Долно-Дебарската чета, Никола Митрев, Крај-езерската чета и реонското раководство во состав: Андон Кецаров, Христо Узунов, Александар Чакров и Лазар Димитров".[180] По завршувањето на собранието, војводите се упатиле кон селата да го припремат населението за борба.

Спомените на Смиле Војданов се добар извор за востаничките активности по селата во Охридско - Дебарскиот регион. Покрај другото информира дека ги посетил и Борис Сарафов при што на едно собрание во свој стил им советувал: „пазете се и не влегувајте во долги битки. Кога Бугарија ќе ѝ објави војна на Турција, тогаш ќе треба да се превзмеат посериозни акции."[181] Ова е уште една потврда како Сарафов на секаде ветувал дека ако во Македонија се крене востание, дека Бугарија ќе ѝ објави војна на Турција, во прилог на востанието. За текот на востанието, опишува неколку битки во кои учествувал. По завршувањето на востанието по предлог на Х. Узунов, Војданов заминал за Смилево, од каде што Д. Груев и Ѓорѓи Сугарев му овозможиле канал кон Бугарија. На патот кон Бугарија, С. Војданов се сретнал со Андон Ќосето со кого заедно ја преминале границата. По завршувањето на востанието, емигрирал во САД.

[178] Роден е во с. Лактиње, Охридско. Учесник е во илинденското востание, каде заедни со Дејан Димитров се одговорни за реонот Дебарца. По востанието својата активност ја продолжува во САД. Починал во 1958 година во градот Понтијак, САД.

[179] Илинденско-Преображенското въстание ..., 204.

[180] Исто.

[181] Исто, 209.

6. Спомените на **Лука Ѓеров**[182] ги запишал професорот Милетич, во неколку средби, започнувајќи од 17 февруари, 1905 година.

Лука Ѓеров бил видна личност во МРО и еден од главните војводи во Битолскиот револуционерен округ. Неговото име се споменува во повеќето останати мемоари, што само по себе говори дека Л. Ѓеров имал значајно место во Организацијата во Битолскиот округ, а во тој контекст и во Илинденското востание. Неговите спомени се интересни бидејќи се запишани набрзо по востанието, меѓутоа од друга страна тие се многу кратки и со малку значајни информации. Л. Ѓеров има критички, дури навредлив став спрема Даме Груев, кој е великан во споредба со Л. Ѓеров и кој лично го посветил во Организацијата. Сепак, фактот што Л. Ѓеров е истакнат член од редовите на МРО во кичевскиот регион и директен учесник во Илинденското востание, неговите спомени, иако кратки, ги прави неодминливи.

Л. Ѓеров, на почетокот од своите спомени, дава интересни податоци за проблемите во Кичевско кои ги создавале арнаутските банди. Понатаму раскажува за Смилевскиот конгрес на кој бил определен за реонски началник на Кичевско („горски началник“).[183] Според Л. Ѓеров, Кичевско било спремно за востание. Во врска со тоа вели: „Без исклучок сите села беа веќе организарани и подготвени за востание“.[184] Тој го опишува и нападот на Кичево под негово водство, борбите со турската војска и башибозукот, одмаздата и зулумите на Турците по востанието и распуштањето на четите. Според него востанието во Кичевско траело до 20 октомври по стар стил. Имено Ѓеров вели: „Се постапи согласно со таа повелба. На 20 октомври се заврши востанието. Оружјето не се складира, туку му се раздаде пак на населението“.[185]

7. Спомените на **Георги Поп Христов,**[186] ги запишал професорот Милетич, непосредно по востанието или поточно во месец декември, 1903 година. Првата средба била

---

[182] Раководител на МРО во Битолскиот револуционерен округ. Роден е во Битола, во 1872 година. Пред создавањето на Организацијата, соработувал во списанието Лоза и весникот Глас македонски. Во Организацијата е покрстен од Даме Груев. Учесник е на Смилевскиот конгрес, каде е избран за началник на Кичевскиот востанички реон. По востанието се повлекол во Бугарија и таму и се приклучил на Серската група. Починал во Софија, во 1948 година.

[183] Борбите во Југозападна Македонија..., 14.

[184] Исто.

[185] Исто, 22.

[186] Роден е во с. Крстофор, Битолско, во 1876 година. Во Организацијата се вклучил во 1895/96 година, кога учителствувал во Кавадарци. Учесник е на Смилевскиот конгрес во 1903 година, каде е избран за резервен член на Главниот штаб. Зел активно учество во Илинденското востание во Леринскиот регион, а по востанието

на 3 декември. Како што ќе истакне и професорот Милетич, спомените на Поп Христов се кратки, но содржајнии концизни, без непотребни податоци. Како такви, тие се важен извор за историјата на МРО во Битолско - Леринскиот регион. Високото место кое го заземал Поп Христов во Организацијата во Леринско, им дава дополнителна тежина на неговите спомени. Во овие спомени, Поп Христов дава интересни информации за состојбите во Битолско пред востанието, за донесената одлука за востание на Солунскиот конгрес (1903), за текот на Смилевскиот конгрес и за состојбите за време на востанието во Лериснкиот регион.

Но во 1953 година, Георги Поп Христов објавил многу поопширни спомени во својата книга „Револуционрните борби во Битолскиот округ" со што ги надополнил своите сеќавања искажани во првите мемоари. Во своите попширни спомени, Ѓ. П. Христов, пишува за повеќето афери и провали поврзани со Организацијата во Битолскиот и во останатите револуционерни окрузи: Виниччката, Доневата, Поп Ставревата, Иванчовата афера и др; за создавањето на каналите на МРО во Битолско; за пренесување на оружје; развојот на четите; доаѓањето на Делчев во овој регион во својство на ревизор на четите; решенијата од Смилевскиот конгрес; преземањето на Невеска за време на востанието; состојбите по востанието во Костурско – Леринскиот регион, Прилепскиот конгрес (1904), Рилскиот општ конгрес (1905); собирот во Ќустендил (1908); Балканските војни. На крајот од спомените пишува и за Првата Светска војна и за фракциите и убиствата во ВМРО во периодот меѓу двете светски војни, но тој период не е во доменот на нашата магистерска теза.

Според Поп Христов, тој бил зачленет во Организацијата пред велигденскиот распуст во 1897 година, кога во Кавадарци пристигнал Петар Поп Арсов. Според Поп Христов, П. П. Арсов бил раководител на МРО во Прилеп. Истата година во Прилеп пристигнал и Д. Груев, кој со своите убави зборови, направил да пламне кај членовите уште поголем революционерен дух.[187] Од Кавадарци, каде бил вклучен во Организацијата во 1895 - 96 година, Поп Христов заминал во Прилеп. Таму соработувал со главните раководители: Чемков, Лозанчев и Пешков.[188] Според Поп Христов, Груев за идејата за создавање на Организација зборувал со Пере Тошев уште во 1892 година, а потоа и со Китанчев во Софија. Потоа се вратил во Битола, **каде** се сретнал со Пере Тошев и Григор Попев и во текот на распустот ги формирале

---

учествува и на Рилскиот конгрес во 1905 година. По завршувањето на Балканските војни емигрирал во Бугарија. Починал во 1962 година во Софија.

[187] Революционната борба в Битолския окръг..., 7.

[188] Спомени на Г. П. Христов..., 291.

првите комитети во Прилеп, Битола и Ресен.[189] Потоа дава информација за првата чета во Леринско - Костурскиот регион, на чело со војводата Георги Иванов, под псевдоним Марко.[190] Тој дава интересни податоци за функционирањето на Организацијата по селата и како обезбедувала финансии преку членарина. Во врска со ова, Поп Христов во своите спомени вели: „Во секое село се формира благајна, раководно тело, архива и курирска служба“.[191] Потоа дава податок дека во 1897 година, во Скопскиот револуционерен округ се развила Виничката афера.[192] Според него главни раководители во Битола во тој период биле Анастас Лозанчев и Георги Пешков.[193] Според Ѓ. П. Христов, во овој период положбата во Битолскиот округ не била на потребното ниво. Меѓутоа, таа се зацврстила во 1898/99 година по доаѓањето на Д. Груев во Битола.[194] Слично пишува и за Делчев кога вели: „Во зимата 1901 година, околу 20 ноември (1901), дојде Делчев како ревизор, го обиколи целиот реон, главно центрите, во градовите и со своите говори многу ја оживеа Организацијата.[195]

Подоцна по барање на Д. Груев, Поп Христов заминал за Битола. Непосредно пред интернирањето на Груев, сета организациска работа во Битола му ја доверил на Георги Поп Христов.[196] Во тој период во Битола пристигнал Г. Делчев, кој изворно го информирал Поп Христов за разликите и проблемите помеѓу МРО и ВМК. Според спомените на Поп Христов, Делчев тоа го објаснил со зборовите: „Тие (врховистите б.н.) сакаат да ја земат Организацијата во свои раце и да го дигнат востанието кога тие ќе решат дека е моментот погоден, бидејќи тие, како поблиски до раководните кругови во Бугарија, подобро го знаеле тоа“.[197]

Во своите спомени, Ѓ. П. Христов ја опишува Поп Ставревата афера и вели: „Започнаа апсењата. На прво место беше Даме Груев. Тоа беше на 18 август, 1900 година.[198] Во овој период ја опишува и Иванчовата афера во Костурско, која според него била најголемата во Битолскиот револуционерен округ.[199]

---

[189] Исто, 293.
[190] Исто, 294.
[191] Революционната борба в Битолския окръг..., 7.
[192] Исто.
[193] Исто, 8.
[194]Спомени на Г. П. Христов..., 291.
[195] Исто, 296.
[196] Исто, 294.
[197] Исто, 297.
[198] Революционната борба в Битолския окръг..., 16.
[199] Исто, 21.

Во 1902 година, во една афера, Поп Христов е уапсен, интерниран и осуден на смрт, но во 1903 година е помилуван. Во затворот дознава за решението за востание на конгресот во Солун во 1903 година. Интересен е ставот на Поп Христов во врска со донесувањето на одлуката за востание. Во врска со тоа пишува: „Сашо Лозанчев кој го преставувал целиот Битолски округ на конгресот, не го зел предвид мислењето на војводите - горските раководители, како и на легалните раководители“.[200]

Георги Поп Христов учествувал и на Смилевскиот конгрес. Од конгресот ни ја пренесува одлуката дека Главниот штабот го сочинувале – Дамјан Груев, Сарафов и Лозанчев, а нивни заменици биле избрани – Лазар Поп Трајков и Петар Ацев.[201] Интересно, тој вели дека за време на неофицијалните советувања во Битола, Д. Груев бил против одлуката за востание донесена во Солун, која ја сметал за пребрза, но бидејќи речиси се било подготвено „немаше што да прави“.[202] Додека за Сарафов вели дека тој бил популистички настроен. Според него, категорично против востанието се изјасниле Петар Ацев, Тале Христов, Никола Карев, Никола Петров и Георги Пешков.[203]

За подготовките за востанието, Ѓ. П. Христов ни дава информации за содржината на окружното известување за почетокот на востанието.[204] Тој зборува и за превземањето на Невеска од страна на востаниците.[205] Иако првобитно бил распореден за Демирхисарско, по загинувањето на Папанчев, Поп Христов е прераспореден за раководител во Леринско. Оттука неговите спомени изобилуват со интересни моменти за востанието во Леринско. По демобилизацијата на востаничките сили преку Грција, заминал за Бугарија, каде што се запишани неговите спомени од страна на професорот Милетич.

За ситуацијата во Битолскиот револуционерен округ по востанието, дава информации во своите подоцнежни спомени и известува за конгресот во Прилеп во 1904 година. За овој конгрес вели: „ На Прилепскиот конгрес, кој имаше карактер на подготвителен конгрес во пресрет на општиот конгрес на Организацијата во Македонија и Одринско, земаа учество основачите на Организацијата, раководните сили од Битолскиот револуционерен округ, некои војводи от Солунскиот и Скопскиот округ. Поточно тие беа: Даме Груев, Пере Тошев, Ѓорче

[200] Спомени на Г. П. Христов, 300.
[201] Исто, 302.
[202] Исто, 301.
[203] Революционната борба в Битолския окръг..., 30.
[204] Исто, 36.
[205] Исто, 41.

Петров, Георги Пешков, Никола Каранџулов, Петар Ацев, Георги Попхристов, Георги Сугарев, Христо Узунов, Јордан Тренков, Пешо Самарџиев, Добри Даскалов, Стефан Димитров – вкупно 13 души".[206] Според него на овој конгрес се појавиле две струи во Организацијата: „ едната на Пере Тошев за широки права на членовите на Организацијата: да се приложи изборното начело спрема раководните тела; да се воведе децентрализација на Организацијата и др. И вториот предлог на Даме Груев: да се запази централизацијата во МРО".[207]

Ѓ. П. Христов дава информации за активноста на андартските чети во Костурско и Леринско, при што ги опишува colежите во село Загоричане и Зеленич.[208] Освен тоа, Ѓ. П. Христов пишува и за Рилскиот конгрес, при што ги наведува сие делегати од револуционерните окрузи.[209] Кога пишува за „конгресот" во 1908 година во Ќустендил вели: „Разидувањето и растројството во Организацијата стигна до крајна линија. Како противдејство на таа аномалија требаше да биде свикан општ конрес. Таков беше свикан во Ќустендил, во летото 1908 година. Тој „конгрес" неможеше да се смета за општ, зошто во него беа исклучени Серчани, а струмичките делегати, поради неоснованото апсење на Чернопеев, не сакаа да присуствуваат на конгресот.[210]

За Балканските војни вели дека мислеле дека се ослободителни за Македонија и затоа македонската емиграција во Бугарија се кренала и доброволно се пријавила за војна.[211] Притоа вели: „Јас најпрво се вооружив со своја чета и заедно со четите на Алексо Стефанов, Павел Христов, Марко Иванов, Алексо Џорлев (вкупно околу 60 души) заминав за Битолско".[212] Притоа на пат кон Битолско, се сретнал со четите од Костурско, предводени од Васил Чекаларов и Иван Попов.[213] При борбите за ослободување на Битола, според Г. П. Христов, тие ја сфатиле поентата на сојузниците. Поп Христов во врска со тоа пишува: „Јас, уште кога бев во штабот во село Марул, од самите офицери ја дознав голата вистина по нашето прашање т.е. што било договорено во самиот сојузнички договор со Бугарија – поделба на Македонија. Тогаш научивме за „спорна" и „неспорна" зона, а дотогаш ништо не

206 Исто, 51.
207 Исто.
208 Исто, 59-63.
209 Исто, 69.
210 Исто, 73.
211 Исто, 80.
212 Исто, 81.
213 Исто.

знаевме. Едно знаевме само – дека војната е ослободителна и се води во името на автономна Македонија. За жал не било така“.[214]

По ова разочарување, многу бргу ја напушта родната Битола и се упатува во Софија. На крајот од овој дел пишува за Втората Балканска војна и вели: „ На 16 јуни 1913 година за време на втората, Меѓусојузничка војна, пак заминав во ополчението, во третата бригада, на Александар Протогеров“.[215] На крајот констатира: „Војната заврши катастрофално за Бугарија, но најмногу за Македонија. Наместо да добие слобода, повторно беше поробена според Букурешкиот договор и разделена помеѓу Србија, Грција и Бугарија. Таа војна му нанесе најголем удар на македонското прашање, таа стави крст на ослободителното движење“.[216]

8. Спомените на **Анѓел Андреев**[217] се запишани од професорот Милетич на 21 март, 1904 година. Во Македонија влегува во четата на Тома Давидов и зема активно учество во Илинденското востание во родниот крај. По завршувањето на востанието, преку Грција заминал за Бугарија. Значи тоа се спомени на еден учесник во една епизода.

Овие спомени, иако се кратки, изобилуват со интересни информаци за неговото македонско чувство, иако Милетич во предговорот го велича како борец за Бугарија и во тие „далечни краеви на Македонија“.[218]

Сепак, треба да се има предвид и фактот дека Анѓел Андреев не е експониран член на Организацијата, односоно не заземал високо место во хиерархијата на Организацијата. Без оглед на тоа, неговите спомени се интересен извор за настаните во Преспанско во предилинденскиот период како и за текот на самото востание. Фактот што соработува и ги споменува истакнатите дејци на Организацијата, како Давидов, Папанчев, Кокарев и други, зборува дека сепак А. Андреев добро ги познавал состојбите во Организацијата.

Неговите почетоци во револуционерното дело се тесно поврзани со Б. Сарафов и со ВМК. Оттука тој е под големо влијание на Сарафов. Најдобра потврда за тоа се неговите зборови: „Откога падна (се однесува на падот од претседателската функција во ВМК)

[214] Исто.

[215] Исто, 82.

[216] Исто.

[217] Роден е во с. Рудари, Преспанско, во 1867 година. Најпрво дејствувал во четата на Тома Давидов, а за време на востанието е назначен за реонски раководител во Леринско, кадешто со своја чета дејствува во реонот на с. Герман. По востанието заминал во Бугарија.

[218] Спомени на А. Андреев..., 311.

Сарафов, јас во Варна со врховистите се борев со најголем бес. Кога ќе слушнев дека некој зборува против Сарафов, умирав од бес и неможев да останам ладнокрвен“.[219]

Во 1902 година, А. Андреев влегува во Македонија со четата на Давидов. Во врска со тоа вели: „Бевме речиси 50 души. Речиси сите беа Македонци, 5-6 момчиња имаше од Демирхисарско, а од Преспанско бев само јас“.[220] Тука Андреев јасно дава до знаење дека иако војводата Давидов бил бугарски офицер, четниците биле Македонци, со што прави јасна дистинкција помеѓу бугарските и македонските четници.

За време на востанието бил назначен за раководител на 15 села во Преспанско. Тој оставил интересни сведоштва за борбите во овој регион, како и за суровоста на Османлиите при задушување на востанието. По завршувањето на востанието, се обидел преку Грција да стигне до Бугарија. Меѓутоа, бил затворен од грчките власти, каде што бил испрашуван. Во врска со тоа вели: „не ми веруваа дека сум Македонец“ при што му螺 велеле : „Ти си од Бугарија“.[221] Со него разговарале и новинари, при што Андреев соопштува: „Се чудеа како под диктат на Бугарија сме се нафатиле да правиме востание. Ние одговоривме дека не работиме ниту за Грција, ниту за Бугарија, ниту за Србија, туку само за Македонија. Не само едно лето, туку 10 години се подготвуваме“.[222] По ослободувањето од затвор, заминува за Варна, Бугарија, каде му ги соопштува своите искуства на Љубомир Љубомир Милетич.

9. Спомените на **Георги Иван Папанчев**[223] се запишанаи од неговиот соборец, Дачо Георгиев, кои напишал прилично неуредни кратки белешки за дејноста на Папанчев. Сестрата на Папанчев, г-ѓа Неда Папанчева Попова, малку ги средила овие белешки и му ги дала на професорот Милетич да ги објави. Меѓу белешките има и две писма на Папанчев, кои ги испратил до својата мајка и сестра. Тие се пишувани во фигуративна (затскриена) форма, но јасно укажуваат на дејноста на Папанчев во Леринско. На крајот се потпишува со псевдонимот Сучурумски.

---

[219] Исто, 315.
[220] Исто, 316.
[221] Исто, 333.
[222] Исто, 334.
[223] Реонски војвода на МРО во Леринско. Роден е во Сливен, Бугарија. Загинал на 29 мај, 1903 година, во с. Баница, Леринско.

Папанчев е бугарски офицер кој зема активно учество во МРО во Леринско, како замена за загинатиот Марко Лерински. Во 1903 година бил назначен за реонски војвода во Леринско, но не успеал да го дочека востанието, бидејќи загинал пред неговото објавување.

Дачо Георгиев, неговиот соборец, дава некои податоци за дејноста на Папанчев во овој регион, при што опишува неколку битки со османските војски. Сепак, релатвино краткиот период на дејствување, не дава многу простор за опширни податоци, па така единствено што може да се искорсити од овие спомени е битката во село Баница, Леринско, во која загинал Папанчев, заедно со уште 16 четници на МРО.[224]

10. **Лазар Димитров**[225] самиот запишал спомени, на 28 март, 1905 година. Професорот Милетич ги редактирал и ги објавил во 1926 година. Подоцна, во неколку списанија, Лазар Димитров објавува дел од своите сведоштва.

Лазар Димитров се приклучил кон Организаицјата, веднаш по завршувањето на образованието, кога бил назначен за учител во Солун, а потоа во Гуменџе. Во 1902 - 1903 година бил Претседател на Серкиот револуционерен округ. Учесник е на Солунскиот конгрес во 1903 година, кадешто бил единстеван опозиција на Солунскиот конгрес, кога се расправало по прашањето за востание, но на крајот и тој гласал за и го потпишал записникот. За време на востанието зел активно учество во Битолскиот револуционрен округ. По завршувањето на востанието заминал за Бугарија.

Иако кратки, спомените на Лазар Димитров се од извонредно значење. Особено се драгоцени неговите забелешки за Солунскиот конгрес на кој е донесена одлуката за востание.

Спомените на Лазар Димитров нудат информации за настаните во текот на востанието во Охридкиот регион, поточно за селата во областа Дебарца. Притоа Димитров во детали ги опишува сите поважни битки во Дебарца. Сепак неговите спомени се најважен извор за Солунскиот конгрес, на кој бил делегат од Серскиот револуционерен округ. Во врска со тоа вели: „Јас се јавив како преставник за Серскиот окружен комитет“.[226] Потоа ни дава информација дека конгресот се одржал во гимназијата во Солун. Во своите спомени го

---

[224] Спомени на Г. Папанчев..., 348.

[225] Роден е во 1869 г. во Дренок, Дебарско. Основач на комитетот во Гуменџе, а во својата револуционерна дејност бил најпрво Претседател на Одринскиот окружен револуционерен комитет, за пред востанието да биде избран и за Претседател на Серскиот револуционерен округ. Учесник е на Солунскиот конгрес во 1903 г., како делегат од Серско. Во текот на Илинденското востание е член на Охридското горско началство и реонски началник на Дебарско. Починал во Пловдив, Бугарија, во 1945 година.

[226] Спомени на Л. Димиторв..., 45.

потенцира фактот дека од сите присутни делегати, само А. Лозанчев бил преставник од Битолскиот округ. Лазар Димитров вели дека тој бил против кревање на востание: „прво, затоа што нашиот реон Серски – не беше подготвен за востание, а знаев дека и другите не се подготвени; и второ, го сметав за неблагопријатен после изричното изјаснување на Ламсдорф против движењето. Покрај тоа го знаев од порано мислењето на Сандански, на Делчев и др., што беа против“.[227] Во продолжение на тоа вели: „Гарванов најмногу ми се протиставуваше..., Јас бев убеден, дека Гарванов е под влијание на егзархистите од Цариград.“[228]

Сепак одлуката била донесена и со гласот на Л. Димитров, кој потоа зел активно учество во востанието, иако за време на Конгресот бил против него. За време на востанието, Л. Димитров зема активно учество во Охридско – Струшкиот регион. По завршувањето на востанието, преку Албанија и Црна Гора, Л. Димитров заминал за Софија.

11. Спомените на **Борис Сарафов**[229] ги запишал Љубомир Милетич за време на неколку средби кои започнале на 23 јануари, 1905 година.

Сарафов својата револуционерна дејност ја започнува како предводник на чета во т.н. Мелничко востание во 1895 година, кое било иницирано од Македонскиот комитет во Софија. Од 1899 до 1901 година бил Претседател на ВМК во Софија, а потоа кога го изгубил влијанието во ВМК, се приклучил во редовите на МРО.

Спомените на Б. Сарафов се особено интересни за историјата на ВМК, но и на МРО. Со оглед на тоа што прво бил активист и Претседател на ВМК неговите погледи кон МРО се низ призмата на позицијата што ја обавувал. Сепак во негово време започнува потесна соработка помеѓу ВМК и МРО. Особено е значајна финасиската и материјалната (во оружје) поткрепа, што Организацијата ја добивала од ВМК за време на неговото претседателствување. Односите се заладиле кога нараснале неговите амбиции за превземање на Организацијата во свои раце. По падот од ВМК и приближувањето кон МРО, Сарафов зел

---

[227] Исто, 45-46.

[228] Исто, 46.

[229] Роден е во с. Либјахово, Неврокопско (денешен г. Гоце Делчев, Р. Бугарија). Учесник е со чета во т.н. Мелничко востание, кога успеал со својата чета да го заземе Мелник. Претседстел е на ВМК од 1899-1901 г. Подоцна се приклучува во редовите на МРО и активно се бори за обебзебдување финансиски средства за Организацијата. На Смилевскиот конгрес е назначен за член на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ, заедно со Даме Груев и Анастас Лозанчев. Иако на Рилскиот конгрес е амнестиран од обвинувањата за неуспешното востание, сепак, по налог на Серскиот револуционерен округ, во 1907 г., Тодор Паница, го ликвидира.

активно учество во Илинденското востание, дури бил избран и за член на Главниот штаб. Личноста на Сарафов е доста контраверзна, но неговите спомени секако се неодминлив извор од мемоарската литература кога станува збор за историјата на МРО.

Спомените на Б. Сарафов се еден од основните извори за т.н. Мелничко востание во 1895 г, кое претставува вооружена провокација од страна на ВМК под режија на бугарската влада. Интересно е тоа што Сарафов ни дава потврда дека бугарската влада стоела зад т.н. Мелничко востание, иако во задскриена форма. Имено тој вели: „Дали владата знаела за таа работа, не ми беше познато, меѓутоа, се досетуваме, бидејќи на Хајдушки кладенец најдовме сандаци со владина муниција“. [230] Понатаму Сарафов наведува дека Трајко Китанчев, првиот претседател на МК, бил очаен од самата акција и разочаран од бугарската влада, бидејќи најверојатно ја сфатил целта на бугарскиот двор.

Во 1896 година во времето околу Солунскиот конгрес, Сарафов престојувал во Македонија. Притоа на малицииозен начин информира за разговорите со Делчев, при што вели дека тој му рекол дека се мачеле да стокмат нешто како комитет внатре, дека идејата е прифатена од сета интелегенција, но дека немаат ни оружје, ни средства.[231] Понатаму Сарафов продолжува во ист стил и вели: „Во Солун ... гладував два дена, додека не успеав да ги најдам другарите Пере Тошев, Ѓорче Петров, Делчев и Хаџи Николов. Тие токму тогаш се собирале на нешто како конгресче“.[232]

Во понатамошниот текст, Сарафов зборува за затегнатите односи помеѓу Бугарското братство и ЦК на МРО. Тој известува дека Ѓорче бил на мислење дека треба да се испоколат сите од „Братсвото“, - „никакво разбирање, никакво помирување“.[233]

Б. Сарафов во спомените зборува за своето претседеталствување со ВМК и за сложените односи меѓу МРО и ВМК. Тука ги изнесува и своите скриени планови за преземањето на Организацијата во свои раце. Меѓутоа, тука го пренесува и одговорот на Делчев на таквите планови кој гласи: „Нема да допуштиме офицер во Организацијата и во Комитетот. Ако на чело застане Цончев, а вие заминете во Македонија, ќе ве пречекаат бајонететите на Организацијата“.[234]

---

[230] Спомени на Б. Сарафов ..., 134.
[231] Исто, 135.
[232] Исто, 137.
[233] Исто, 142.
[234] Исто, 150.

По изборот на Цончев за Претседател на ВМК, Сарафов постепено се приближил кон МРО и се ставил на нејзино располагање. Во тој контекст презел опширна турнеја низ европските земји, првенствено за доставување на оружје за потребите на МРО. Притоа остварил повеќе контакти, вклучително и со луѓе од дипломатска провениенција. Интересни се податоците за неговите контакти со српските претставници во однос на Македонија. Така на пример Сарафов вели дека: „Балугчиќ во потполност го одобруваше нашиот принцип: „Македонија на Македонците“.[235] Според Сарафов овој принцип наводно бил одобрен и од Симиќ во Будимпешта, но интересна е изјавата на Сарафов кон Симиќ. Имено тој му вели: „Ајде и вие Србите дадете ни малку средства на Македонците, за да можат Македонците да ги поделат своите симпатии спрема Србите и Бугарите. До сега има помагано само Бугарија и сл.“[236]

Б. Сарафов во своите спомени дава информации и за финансиската помош што им ја давал на Гемиџиите. Но, интересен е и фактот што го изнесува за соработката на Делчев со Гемиџиите. Во врска со ова Сарафов вели: „И Г. Делчев после од парите за Мис Стон му даде на Диме Мечето 5.000 лева за истата цел“.[237]

При крајот од спомените, Сарафов изнесува информации за неговото учество на Смилевскиот конгрес, за подготовките на востанието и неговите обиколки во Битолскиот округ. Овде е интересно да ја потенцираме неговата контрадикторност во врска со прашањето за наводното вмешување на Бугарија во прилог на востанието со објавување на војна на Турција. Во таа смисла на едно место Сарафов се обидува да се вади фрлајќи ја вината врз други и дека тој бил против таквите надежи. Во врска со тоа Сарафов вели: „не бива да се одгледуваат такви надежи, знаејќи ја добро положбата во Бугарија, никаква војна нема да се отвара заради нас, туку да се пресметаме што таа работа да ја започнеме и да ја изнесеме на своите плешки сами, пред да падне снегот“.[238] Меѓутоа, на друго место во спомените Сарафов се фаќа во сопствената стапица кога вели: „на одење од Софија јас бев кај Паприков, и му реков дека одам за Македонија, дека таму ќе има движење. Паприков ми рече тоа да биде одложено, ако е можно, за мај. Јас го разбрав така, дека смислата на неговото искажување е во

[235] Исто, 158.
[236] Исто, 159.
[237] Исто, 161.
[238] Исто, 175.

тоа, дека Бугарија може да војува".[239] Наспроти тоа Д. Груев, Н. П. Русински и други дејци на Организацијата во своите спомени изнесуват дека Сарафов на Конгресот отворено тврдел дека Бугарија ќе се вмеша со војна. Овие, и недоследноста на Сарафов недвосмислено укажуват колку може да им се верува на информациите од мемоарската литература. Спомените на Сарафов завршуваат со неговото учество во востанието и заминувањето за Бугарија.

12. Спомените на **Иван Гарванов**[240] ги запишал професорот Милетич во мај 1906 година. Иван Гарванов е единствен претседател на ЦК на МРО со бугарско потекло. Во историографијата се посочува како главен виновник за предвременото кревање на Илинденското востание. Интересно е, што Гарванов кој бил главен иницијатор за Илинденското востание, не учествувал во истото, бидејќи бил затворен по Солунските атентати во април, 1903 година.

Треба да се истакне дека Гарванов го првеземал раководството на Организацијата во специфични услови, односно, веднаш по Солунската провала во која биле затворени сите членови на ЦК. Иван Хаџи Николов, во паника пред неговото апсење, му го предал печатот и шифрите за кореподенција на ЦК со задграничното претставништо и останатите комитети. Оваа подарена функција на некогашниот идеен противник на Органиозацијата, Гарванов ја искористил да го иницира прашањето за востание, кое според повеќемина било избрзано. Самиот И. Х. Николов, кој избрзал со предавањето на ЦК во рацете на Гарванов, откако ја сфатил грешката, посегнал по сопствениот живот.[241]

Првиот дел од спомените на Иван Гарванов, можеби повеќе би послужиле за историјата на Револуционерното братство кое тој го формирал во Солун во 1897 година, како опонент на МРО. Меѓутоа по распуштањето на Братството и заземањето на позицијата претседател на ЦК на МРО, неговите спомени добиват друг тек.

Првиот контакт со МРО, Гарванов го остварил преку Даме Груев во Солун. Даме релативно рано го поканил И. Гарванов да се приклучи во Организацијата со зборовите:

---

[239] Исто, 180.

[240] Роден е во Стара Загора, Бугарија, во 1869 година. Основач и Претседател на Бугарското револуционерно братство (1897 - 1899), а по 1901 година Претседател на ЦК на МРО до 1903 година, кога е затворен поради Солунските атентати. Не учествува во Илинденското востание. Ликвидиран е во 1907 г. од страна на терористот на МРО, Тодор Паница, по налог на Серскиот револуционерен округ.

[241] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 337.

„готов ли си да умреш за Македонија".[242] Гарванов во своите спомени зборува за ученичките бунтови во Солунска егзархиска гимназија кои биле организирани под покровителство на МРО. Тој во прво време сметал дека луѓето од Организацијата ја промовирале револуционерна идеја од кариеристички побуди за лична корист. Такво било и мислењето на луѓето од „Црковнта партија" (проегзархиската групација) во која тој „случајно" се нашол.[243] Според Гарванов, во тој момент револуционерната идеја сеуште не била избистрена и многу му пречеле насилните методите на МРО за обезбедување на финансисики средства. Сето ова, вели Гарванов, ги побуди повоздржаните елементи да се групираат и пак под булото на ослободителното дело да се обединат повеќе луѓе, за да се одбие комитетот кој врвел по погрешен пат.[244] На тој начин било формирано Револуционерното Братство, а за претседател бил избран, И. Гарванов.[245]

Спомените на Иван Гарванов се интересен извор за односите меѓу Братство и ЦК на МРО. Тие всушност ја претставуват другата страна од приказната. Сепак и покрај непријателствата меѓу двете Организации, Гарванов признава дека при неговото ранување при обидот за убиство на Пејчиновски, Иван Хаџи Николов и д-р Татарчев му понудиле помош. Притоа Татарчев се понудил да го лекува бесплатно.[246] Исто така признава дека ликвидирањето на Пејчиновски било извршено по наредба на Даме Груев, кој всушност раководел со Организацијата. Во врска со тоа Гарванов вели: „Татарчев беше Претседател, но фактичката сила беше Груев".[247]

Гарванов опширно зборува и за оној момент од историјата на Братството кога односите со МРО биле нарушени до највисок степен. Поради тоа побарал помош и подршка од Егзархијата, од ВМК и од бугарската влада. Но сите го советувале да се помири со Организацијата бидејќи таа била многу силна и дека никој нема доволно сила да и се спротивстави.[248] Во тој контекст Гарванов во спомените раскажува за самораспуштањето на Братството пред ултимативните услови на ЦК на МРО. Притоа потенцира дека нивниот член

---

[242] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 111

[243] Исто, 115.

[244] Исто, 116.

[245] Исто. Гарванов прави грешка во датирањето, бидејќи Братството е формирано во март 1897 година (види Слобода или смрт, Македонското револуционерно..., Ванчо Ѓорѓиев, Скопје, 2003, 256). Грешката ја потврдува и Димитар Мирчев во своите спомени (види: Димитар Мирчев, Спомени, предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Скопје 2010, 80).

[246] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 118.

[247] Исто, 119.

[248] Исто, 125.

Ј. Кондов формално бил кооптиран во ЦК, а самиот тој бил прифатен за член на Солунскиот окружен комитет на МРО.[249]

Гарванов во своите спомени дава прилично доста информации во врска со Солунската провала и затворањето на членовите на ЦК. Притоа објаснува како во тој критичен момент за Организацијата бил повикан од И. Х. Николов, кој му ги предал шифрите и му дал упатства за понатамошни дејствија, како и за издавањето на бланко – полномоштва на име на офицери на ВМК за нивно влегување во Македонија и кревање на востание, на што остро се спротивставил Делчев.[250]

На крајот од недовршените спомени, Гарванов сосема кратко дава неколку информаци за односите со ВМК на Михајловски – Цончев.[251]

Спомените на И. Гарванов ја даваат другата страна од приказната на МРО. Сепак треба да се потенцира, како што забележал Ѓ. Петров, дека И. Гарванов, на македонската революционерна борба секогаш гледал низ бугарска призма.

13. Спомените на **Павел Шатев**[252] ги запишал Љубомир Милетич за време на неколку средби започнувајќи од 6 ноември 1908 година. Притоа се запишани спомените на Шатев до неговото заминување на заточение во Фезан. За деновите поминати во заточеништво, самиот Шатев веќе имал напишано белешки во својот дневник, кои по предлог на Милетич ги отпечатил во посебна книга под наслов „Заточението во Сахара - Фезан“.[253]

Павел Шатев е учесник во Солунските атентати од 1903 година, при што бил задолжен за кревање во воздух на францускиот брод “Гвадалкивир“. По успешното изведување на акцијата, Шатев бил фатен и осуден, а казната ја издржувал во Фезан - Африка. По Младотурската револуција бил амнестиран и се вратил во Македонија, продолжувајќи да работи за македонското дело. Бил истакнат член на комунистичкото движење во Македонија

---

[249] Исто, 126.

[250] Исто, 132.

[251] Исто, 136.

[252] Роден е во Кратово во 1882 г. Учествува во Солунските атентати, при што го запалил францускиот брод Гвадалкивир. Еден од основачите на ВМРО (Обединета), делегат на АСНОМ и член на Президиумот на АСНОМ. По ослободувањето е прв министер за правосудство во слободна Македонија. Заради судирот со комунистичките власти, како последица на резолуцијата на Информбирото, на 16 јуни 1949 година е уапсен како непријател на државата и набрзо во 1951 г. умира во домашен притвор во Битола.

[253] П. Шатев, Заточението въ Сахара-Фезанъ. София, печатница, П. Глушковъ, 1910.

и учествува во создавањето на Н .Р. Македонија, но заради судирот со новите комунистички власти, осуден е на домашен притвор.

Спомените на Шатев преставуваат важен извор за Солунските атентати. Од друга страна поради блиската соработка на Гемиџиите со ЦК на МРО, неговите спомени се интересен извор и за историјата на МРО. Фактот дека ЦК на МРО бил запознат со активностите на Гемиџиите, дека Сарафов и Делчев ги помогале финансиски, дека имале подршка, но и пречки од Организацијата, се потврдува во раскажувањето на Шатев.

Според Шатев, единствено И. Гарванов бил против Солунските атентати, при што им правел опструкции во нивните планови за набавка на димнамитот. Тој раскажува како првата пратка динамит по наредба на Гарванов била одземена од Михаил Герџиков и пратена во Одринско. Но според Шатев, виновник за тоа бил Гарванов, бидејќи Герџиков не знаел за што се работи. Шатев вели: „Герџиков ништо не знаел, му пишале: Дојди да го земеш динамитот и тој, жеден за такво нешто, дошол и го земал“.[254] Понатаму според Шатев, Гарванов ги клеветел кај Гоце Делчев дека работат против Организацијата, но Делчев ги симпатизирал младите анархисти. Од друга страна, според Шатев, Делчев бил многу зафатен со Организацијата и не можел да им је пружи максималната подршка, иако ги подржувал. Тој дури и непосредно им помогнал во подговтовките. Шатев вели: „Гоце ни го даде фитилот со капсули, распрснувачко сребро една кутија и уште неколку петарди“.[255]

Освен тоа, Шатев вели дека Даме Груев по излегувањето од затвор по иницијатива на Гарванов, побарал Гемиџиите да ги одложат своите акциите до почетокот на востанието, но тие од страв да не бидат откриени, се решиле акциите да ги изведат без да усогласат времето на дејствување со Организацијата.

Во вториот дел од спомените, Шатев ги презентира своите забелешки од престојот во Солунскиот затвор и патешевствијата и престојот во Фезан – Сахара.

14. Спомените на **Јане Сандански**[256] ги запишал Љубомир Милетич, на неколку средби од кои првата се одржала на 14 јануари 1904 година.

---

[254] Солунският атентат..., 29.

[255] Исто, 34.

[256] Меѓу народот познат како Пирински цар. Роден е во 1872 г. во с. Влахи, Мелничко. Раководител на Серскиот револуционерен округ. Революционерна кариера ја започнал во четите на ВМК, кои во 1895 и 1897 година, навлегле во Македонија. Во 1901 година бил ангажиран од Гоце Делчев за одбрана на Серскиот округ од врховистичките упади во Македонија. Тој е еден од главните актери во аферата Мис Стон и најжесток

Јане Сандански во своите спомени дава интересни податоци за македонското револуционерно движење во Серскиот револуционерен округ до востанието. На почетокот од спомените, Сандански раскажува за неговата авантура во четата на Дедо Стоју, кога под покровителство на МК во 1895 година била изведена првата вооружена врховистичка акција во Македонија. Притоа вели: „Офицерите немаа голема желба да влегуваат подлабоко во Турција така што постојано се вртевме по границата и една ноќ го запаливме селото Доспат, што изгоре за час и половина. Штом помина во Бугарија четата се распрсна, се растури“.[257]

Сандански споменува и за неговиот втор упад во 1897 г. повторно во режија на ВМК. Веднаш потоа тој потенцира дека откако ја разбрал суштината на врховизмот и откако преку Делчев работите му станел појасни, застанал на страна на Организацијата. По неговото ангажирање од Делчев, Сандански зборува за неговата улога во Североситочниот дел на Македонија, особено за неговата борба против врховизмот. Освен тоа Сандански дава многу интересни и исцрпни информации за аферата Мис Стон. Бидејќи на своевиден начин тој бил главен актер во аферата, информациите што ги дава се однесуваат од раѓањето на идејата па се до нејзиното конечно реализирање, односно добивањето на откупот и распределбата на парите. Во врска со тоа вели: „имаше несогласувања за парите, па затоа ги оставивме во приватни раце, додека дојде Делчев, па се да помине другарски, да им се предадат. И потем парите беа предадени на Делчев и на другарите и тие ги употребија“.[258] Колку бил пожртвуван Сандански за делото се гледа и од оваа афера, во која неколку месеци талкал и се соочувал со разни опасности, за на крај да не земе ниту лира за себе, а на момчињата што го придружувале им дал само по две лири.[259]

Во ова пригода би потенцирал еден интерес податок од спомените на Сандански кој дава можност за анализи од поинаков тип. Конкретно на едно место во спомените, Сандански кога раскажува за неговото движење со четата во селата Хрсово и Маралево, тој вели дека пред него имало една чета, предводена од капетанот Ѓорги, Арнаутин (Бугарин-Аранаутин,

---

противник на врховизмот. Иако бил противник на одлуката за востание во 1903 година, зел активно учество за неговото изведување во Серскиот округ, кое започнало на Крстовден, 1903 година. По востанието станал главен протагонист на реформско демократските сили во Организацијата. За време на Уриетот прифатил соработка со Младотурците и учествувал во походот кон Цариград. Активно учествувал во Првата Балканска војна и со својот одред влегол во Солун. Убиен е на 22 април, 1915 година на Пирин планина.

[257] Спомени на Ј.Сандански ..., 202.

[258] Исто, 212.

[259] Исто, 211.

чаркчија).[260] Оваа информација потврдува дека терминот Бугарин се користел за означување на верската определба на христијаните, бидејќи поинаку Ѓорги не можел во исто време да биде и Албанец и Бугарин. Ова не наведува да сметаме дека Сандански терминот Бугарин го користи за означување на верска припадност, а не национална.

Понатаму Сандански во своите спомени опширно зборува за неговите напори за спречување на врховистичкото влијание и особено за ограничување на т.н. Горноџумајско востание. Сандански во спомените отворено зборува дека бил крајно разочаран, откако го добил известувањето од ЦК на МРО за неговата одлука за востание во 1903 година. Сандански тоа го доживел како удар од гром.[261] Во врска со ова, Сандански пред Делчев се изразил во смисла: „Ами ние зошто агитиравме против врховистите и зошто пред народот зборуваме поинаку“.[262]

Покрај тоа Сандански зборува за Делчевиот престој во Серскиот округ, за разнесувањето на пругата од страна на Делчев кај местото Агниста и за заминувањето на Делчев во Солун во обид да ги разубеди за востанието.

Независно од тоа, Сандански се помирил со одлуката за востание. На конгресот на Серскиот округ било одлучено востанието да започне на Крстовден. Покрај тоа Сандански информира дека поради востанието било постигнато помирување со врховистите, кои зеле учество во востанието. Притоа Сандански ги прифатил, но им укажал дека треба да работат по веќе изготвениот план, а од нив побарал од своите униформи да ги отстранат бугарските обележја (бугарскиот државен грб и офицерските еполети).[263] Во продолжение зборува за текот на востанието, кое завршило со повлекување на четите во Бугарија. Неспорно спомените на Сандански изобилуваат со разни информации за борбата со врховизмот и начинот на агитација против нив. Притоа треба да се има прдвид дека Сандански спрема врховистите доследно ја спроведувал официјалната политика на МРО за одбрана на својата територија, а не своите лчични ставови. Во тој поглед неговите спомени претставува драгоцен извор.

---

[260] Исто, 213.
[261] Исто, 224.
[262] Исто.
[263] Исто, 227-228.

15. Спомените на **Христо Чернопеев**[264] ги запишал професорот Милетич во текот на зимата 1904 година.

По кратката биографија, Чернопеев во спомените раскажува за настаните кои го довеле во Софија пред 1899 година, кадешто со посредство на Сарафов се запознал со раководителите на МРО: Ѓорче Петров и Иван Хаџи Николов.

Во 1900 година заминал со четата на Михаил Попето, кој е основоположник на четничкиот инстит во Солунскиот вилает. По кратката обука, Чернопеев со мала чета заминал за Кукушко, каде што фактички раководител на Организацијата бил Туше Делииванов. По едно ранување, извесно време престојувал во Солун, а потоа заминал за Гевгелиско.

Х. Чернопеев, кој е Бугарин по националност, во своите спомени прави јасна дистинкција помеѓу Бугарите и Македонците. Така на едно место раскажувајќи за составот на својата чета, тој вели: „четата се состоеше од 15-тина души. Заминав за Џумајско со 8 души: Никола Дечев од Стара Загора, и едно момче, Александар Дрводолов од Враца, другите шестмина беа Македонци".[265]

Христо Чернопеев, како учесник во аферата Мис Стон, дава малку податоци за аферата, со образложение дека Сандански веќе раскажал поопширно. Х. Чернопеев, како и Сандански, во спомените дава значајни информации за борбата против врховистите, пред се Дончо Златков и Т. Саев, но и за заедничката акција со Крсто Асенов, против врховистот, Васил Пеливанот. Потоа заминува за Струмичко, кадешто дознава за решението за востание. Тој во спомените зборува дека е подобро да се преземат неколку диверзантски акции, отколку преку масовно востание да се изложува населението на опасности. Исто така Чернопеев го доведува во прашање, легитимитетот на струмичките делгати кои учествувале на Конгресот во Солун при донесувањето на одлуката за востание.

Чернопеев во спомените вели дека бил против одлуката за востание, меѓутоа, официјалната документација потврдува дека тој побарал негово објавување, уште пред за тоа да се изјасни ЦК за тоа. Како и да е тој зел активно учество во востанието. А по востанието се нашол на страна на реформско - демократските сили и тесно соработувал со Сандански. Чернопеев е интересна личност, бидејќи иако со бугарско потекло, целиот свој живот го

[264] Истакнат раководител на МРО со бугарско потекло. Роден е во 1868 г. во с. Деманци, Плевенска околија. Најблизок соработник на Јане Сандански. Во МРО влегол во 1900 година со четата на Михаил Попето. Учесник е во аферата Мис Стон, а за време на Илинденското востание зема учество во Серско. Учесник е во Балканските војни и во Првата Светска војна, во која и го изгубил животот во 1915 година.

[265] Движението отсамъ Вардара и борбата съ врховиститѣ, Спомени на Черньо Пѣевъ..., 59.

посветил на револуционерната борба во Македонија. Тоа го потврдува и Милетич во предговорот кога вели: „Се гледаше дека Чернопеев се посветил во служба на ослободување на Македонија, иако не е Македонец, но од лична амбиција да се прочуе со подвизи на тоа опасно револуционерно поле".[266]

На крајот од спомените Чернопеев зборува за судирите што ги имал на територијата на Струмичкиот округ за време на востанието во 1903 година.

Х. Чернопеев зазема високо место во Организацијата и затоа неговите спомени се важен извор за историјата на МРО. Исто така може да се каже дека неговите спомени не се оптеретени со маргинални податоци.

16. Спомените на **Сава Михајлов,**[267] Милетич ги запишал по завршувањето на востанието. Спомените на С. Михајлов се доста кратки, но концизни, лишени од непотребни факти. Сава Михајлов дава важни податоци за аферата Мис Стон, бидејќи и самиот е учесник во неа. Факт е дека оваа афера практично го внела Савата во македонската историја, но преку спомените, а и другата документација се гледа дека тој е во постојана кореспонденција со ЦК на МРО во Солун и со другите високи раководители на организацијата. Овие факти потврдуват дека Сава Михајлов котирал високо во Организацијата.

На почетокот на своите спомени го потврдува фактот за формирањето на комитет во Кавадарци од страна на Даме Груев.[268] По назначувањето за учител во Каљарско, кореспондирал со Пере Тошев, кој бил во Битола и бил во врска со централниот комитет во Солун.[269] Подоцна Сава Михајлов работи во Горна Џумаја, каде е ангажиран во борбата против врховистичкото продирање во Македонија. Неговите спомени од овој период изобилуват со мноштво информации за револуционерното движење и неговите предизвици во Џумајско - Петричкиот регион. Неговиот став за врховизмот јасно го истакнува кога раскажува дека свикал собир на селските раководители во с. Лешко на кое им ги објаснил принципите на Организацијата и намерите на Врховистите, при што објаснува: „Им ја преставив работата така, што ако му се подадеме на Врховниот комитет, неговите луѓе, било

[266] Исто, 51.

[267] Роден во с. Мачуково, Гевгелиско, во 1877 година. Во Организаицјата влегува во 1895 г. Реонски раководител во Џумајско. Истакнат борец против врховизмот и протагонист во аферата Мис Стон. За време на востанието учествува во диверзантски акции во Гевгелиско. Загинал во битка кај с. Смол, Гевгелиско, во 1905 година.

[268] Спомени на Сава Михајлов..., 44.

[269] Исто, 45.

подтикнати од владата во Бугарија и главно од кнезот (како во 1895 година, кога нашите луѓе беа играчка на кнезот), или пак по лични свои побуди може да направат некое движење внатре и со тоа да предодвратат и така да не може да стане нешто поозбилно за слободата на Македонците, за која Внатрешната организација се подготвуваше“.[270]

Во врска со Аферата Мис Стон, С. Михајлов бележи дека идејата не биле подржана од Ѓорче Петров, бидејќи не верувал дека ќе се добијат многу пари, а додека Гоце Делчев се колебал. Исто така, Сава Михајлов известува дека добиените пари 14.500 турски лири, ги довериле на Делчев, бидејќи во него имале најголема доверба.[271]

Поради неговото компромитирање пред власта бил принуден да замине во илегала со четата на Христо Чернопеев, при што заедно со Сандански ја продолжуват борбата против врховизмот. За време на востанието во 1903 година бил назначен за реонски началник во Гевгелиско. Притоа дејствува во соработка со Аргир Манасиев, со кои заеднички агитираат по гевгелиските села и го припремаат населението за востание. Го потврдува фактот дека Организацијата по селата дејствувала и како судска власт, кога вели: „Се организираа општи собранија. Се разгледуваа дела дури и за разводи“.[272] Во илинденскиот период, нивната најголема акција е кревањето во воздух на железничкиот мост на реката Вардар. По прогласувањето на демобилизацијата привремено се засолнил во Бугарија, каде му ги раскажал своите спомени на Милетич.

17. Спомените на **Христо Куслев**,[273] професорот Милетич ги запишал на 18 јануари, 1904 година. Куслев уште како ученик бил посветен во Организацијата од страна на Поп Стамат Тенчев. Извесен период (1900-1901) работи како учител и раководител на МРО во Петричките села на Огражден. Во своите спомени за овој период дава интересни сведоштва за функционирањето на Организацијата, начинот на агитација, воспоставување на судскиот систем, изградбата на училиште во с. Цапари по иницијатива на МРО, за моралното однесување на населението и т.н. Токму овде во неговиот реон Г. Делчев ја добил веста за Солунската провала. Поради компромитирање како легален раководител во 1902 година, преминал во илегала. Притоа станал секретар на четата на Атанас Тешовалијата во Разлошко.

---

[270] Исто, 49.

[271] Исто, 50.

[272] Исто, 53.

[273] Роден е во Кукуш во 1877 година. Истакнат борец против врховизмот во Џумајско, Поројско и Петричко. Секретар во четата на Атанас Тешовалијата. Умира во Подгорица, Ц. Гора, во 1943 година.

Куслев бил во постојна кореспонденција и одржувал лични контакти со Г. Делчев, Ѓ. Петров и други. Неговите спомени, иако се многу кратки, содржат интересни информации за функционирањето на организацијата на теренот и воспоставувањето на нејзиниот паралелен систем на власт. Тој во врска со ова вели: „И во Пороj веќе беше установено да ги судиме луѓето, да им ги разгледуваме судките дела ... Луѓето не одеа веќе по турските судови“.[274] Во овој контекст е и казнувањето од страна на Организацијата, врз жените кои вршеле разврат со Турците. Во своите спомени, Куслев раскажува и за прибирањето на финансии од страна на Организацијата преку крадење на стока, но и преку киднапирање на богати бегови.

18. Спомените на **Иван Анастасов - Грчето**[275] ги запишал професорот Милетич, непосредно по завршувањето на Илинденското востание. Спомените на И. А. Грчето се важен извор за историјата на МРО за Серскиот и Струмичкиот округ и за борбата на МРО со врховистите во тој регион. Неговите спомени изобилуват со интересни информации за востаничките дејствија во Серскиот округ, поточно за Драмско.

И. А. Грчето е карактеристичен по тоа што иако бил со грчко потекло, сепак целосно се внесол во работата на МРО и бил подржувач и агитатор на идеите на Гоце Делчев за ослободување на Македонија со сопствени сили. Во своите спомени, Грчето вели дека бил земен под лична заштита на Делчев.[276] Грчето за прв пат се активира во ајдутската чета на Зелников, но бргу влегува во конфликт со војводата и заминува од четата. Подоцна влегува во четата на Михајло Поројлијата. Во село Моноспитово,[277] Струмичко, за прв пат се сретнал со Гоце Делчев. Од оваа средба Грчето дава интересни информации за начинот на агитација на Гоце Делчев. Во врска со тоа вели: „Делчев ни објасни: не може да се надеваме на туѓа помош, да не чекаме помош ниту од Бугарија, ниту од која да е друга сила, ами треба да се готвиме од внатре, - секој селанец да проникне од таа идеа, да се подготви сè и тогаш да се дигне масовно востание“.[278] Од друга страна Грчето за себе вели: „дотогаш мислев дека револуцијата е лесна работа, само да се внесат неколку пушки и готово“.[279] Грчето својата

[274] Спомени на Христо Куслев..., 67.

[275] Македонски револуционер со грчко потекло. Роден е во 1880 г. во Мелник. Учествува во акцијата за минирање на мостот на р. Агниста, под раководство на Г. Делчев. За време на илинденското востание, раководител е во Драмскиот регион. Загинал во 1905 година.

[276] Спомени на Иван Анастасов-Грчето..., 86.

[277] Грчето погрешно го именува како Моностирово.

[278] Спомени на Иван Анастасов-Грчето..., 86.

[279] Исто.

агитација во „духот на Делчев“ ја ширел во Поројско и Демирхисарско. Не случајно Грчето го придружувал Делчев и при рушењето на мостот и тунелот на реката Агниста.[280]

Во своите спомени, слично како и Христо Куслев, обрнува внимание на начинот на кој Организацијата обезбедувала финансии. Во тој контекст, тој вели дека од населението собирале т.н. „патриотски данок“. Сепак Грчето не заборава да додаде дека: „Од сиромашните ништо не се земаше“.[281]

По смртта на Делчев, Грчето заминал за Драмско, каде учествува во востаничките акции. По смртта на војводата Мирчо тој го презел водството на четата. По едно предавство, четата му била разбиена и тој привремено се повлекол во Бугарија, каде ги кажал своите спомени пред професорот Милетич.

18. Спомените на **Петар Јуруков**[282] ги запишал професорот Милетич, по завршувањето на Илинденското востание.  Иако бил од Бугарија, тој бил активен член на ВМОРО и истакнат борец против врховизмот. Зборовите на професорот Милетич во предговорот на овие спомени го потврдуваат тој факт. Милетич во предговорот истакнува: „Иако не е е родум од Македонија, Јуруков толку се поврзал со македонското ослободително дело, што и по несаканиот крај на востанието, сакаше да продолжи да работи во Македонија, кадешто, ми се чини, пак замина и не се врати повеќе“.[283]

Петар Јуруков во Македонија заминал со една чета предводена од Михаил Апостолов - Попето и Аргир Манасиев, при што тој останал да дејствува во Тиквешијата. Во овој период известува за една жестока битка на Чернопеев, во с. Бајалци, која го потикнала прогонот на членовите на МРО од страна на властите, кои веќе спроведувале масовни апсења како последица на Солунската провала.[284]

Во 1901 година, е ранет во плешка и се повлекува во Бугарија. По предлог на Делчев во 1902 г., повторно заминал во Македонија, во Тиквешијата, овој пат како раководител на чета. Во врска со ова истакнува „ Делчев дојде и ми предложи да одам во Тиквешко, да водам

[280] Исто, 93.
[281] Исто, 87.
[282] Роден е во 1882 г. во Карлово, Бугарија. Раководител на чета на МРо во Тиквешкиот регоион. Во 1906 г. е тешко ранет во битка во околината на Крушево и набргу умира.
[283] Движението отсам Вардара и борбата с върховиститѣ. По спомени на Петър Хр. Юруков..., 157.
[284] Исто, 166-167.

таму една чета за да помогнам да се препороди Организацијата во Тиквешко, а најмногу да се опорави патот (каналот) од Струмица – Радовиш за Прилеп.[285]

Во Илинденското востание не зема некое поголемо учество, а по востанието, во 1906 година се враќа во Македонија во Крушевскиот регион, кадешто набргу е тешко ранет и умира.

Спомените на Петар Југуков се кратки, со кратки информации од неговата дејност во Дојранско, Поројско и Кукушко. Како раководител на чета, неговата дејност е опишана скоро во сите мемоари на дејците од Тиквешијата, што значи дека бил респектиран во Организацијата.

19. Спомените на **Никола Пушкаров**[286] ги запишал професорот Милетич во 1904 година. Спомените на Н. Пушкаров се кратки и не содржат многу информации. Независно од тоа, тие се особено неизбежни за историјата на македонското револуционерно движење во Скопскиот округ, за каде што има многу помалку материјали од таков вид во споредба со другите окрузи. Токму поради тоа, самиот Милетич во предговорот вели: „колку и да се недополнети спомените на Пушкаров, тие се ценети, бидејќи за револуционерното движење во Скопскиот револуционерен округ, до сега имаме многу малку собрани сведоштва“.[287]

Инаку Пушкаров, како и Југуков, потекнува од Бугарија, но независно од тоа, цврсто застанал на страната на МРО во борбата против врховизмот. Од неговите зборови јасно се гледа какво било мислењето на членовите на Организацијата за врховистите. Во врска со тоа, Пушкаров вели: „внатрешните мислеа дека врховистите се агенти на бугарската влада“.[288]

Кога раскажува за Солунскиот конгрес од 1903 година, вели дека кога било побарано од ЦК да се испрати еден делегат од Скопско за тајниот конгрес, се собрале четира члена: „Кирил Стојанов, учител во основно, родум од Маврово (Гостиварско) и Димитар Иванов (од Охрид), Пушкаров и Димитар Ганчев, кој бил избран за делегат.“[289] Покрај веќе потврдената информација дека Лазар Димитров бил против донесување решение за востание, Пушкаров

[285] Исто, 168.

[286] Член на МРО. Роден е во 1874 г. во Пирдоп, Бугарија. Во 1902 година по наредба на Делчев заминал во Скопскиот револуционерен округ. За време на востанието учествува во борбите во Скопско и Кратовско, за на крајот да се упати кон Велес и Овчеполието. По востанието се враќа во Бугарија и продолжува да се занимава со наука. Умира во 1943 година во Бугарија.

[287] Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ. По спомени на Никола Пушкаровъ..., 178.

[288] Исто, 183.

[289] Исто, 186.

известува дека и нивниот, скопскиот делегат бил против, но потпишал, затоа што и другите потпишале.[290]

Кога раскажува за составот на неговата чета, прави јасна разлика помеѓу четниците Бугари и Македонци, бидејќи по набројувањето на неколкуте Руси и Бугари вели: „Останатите беа Македонци од Кумановско и од Штипско.[291]

Спомените на Пушкаров, иако кратки, сепак преставуваат значаен извор за состојбите во Скопскиот, Кратовскиот регион и Овчеполскиот регион, за време на Илинденското востание. Кога зборува за активностите за време на востанието, известува за една диверзантска акција на неговата чета, при што бил фрлен динамит на пругата во влизина на с. Кожле. Во понатамошниот тек на настаните, известува за навлегување на српска чета во Кумановско за која вели: „Дојдоа 7 души од Србија, четници, тројца беа Срби, а четворицата беа Македонци".[292] По завршувањето на востанието се повлекува во Бугарија.

20. **Ѓорче Петров**[293] своите спомени му ги раскажал на професорот Милетич, на 23-те заеднички средби, започнувајќи од 29 мај до 30 јуни, 1908 година.

Спомените содржат извонредно важни и опширни информации за активностите на Ѓорче Петров и воопшто за македонското револуционерно движење во периодот од 1893 до 1904 година.

Спомените на Ѓ. Петров се едни од најобемните и аналитички најсодржајни спомени, растеретени од излишни приказни и пикантерии, во кои се изложуват причинско - последичните врски во развојот и делувањето на МРО. Затоа на многу места во нив не е запазен типичниот хронолошки след на излагање, туку проблемскиот. Постојат повеќе причини со кој се поткрепува ова мислење.

Ѓорче Петров бил вешт на перото и одличен оратор, факт што му го признаваат сите негови современици. Затоа неговите спомени не се оптеретени со неразбирливи податоци.

---

290 Исто.

291 Исто, 188.

292 Исто, 193.

293 Идеолог на МРО. Најблизок соработник на Гоце Делчев. Член на ЦК на МРО. Роден е во 1865 г., во Варош, Прилепско. Во Организацијата влегува во 1895 г., а по Солунскиот конрес во 1896 г., бил избран заедно со Гоце Делчев за задграничен преставник на ТМОРО во Бугарија. Учествувал во Илинденското востание, со своја чета во Прилепско. По востанието останал во Македонија и работел на обновувањето на организационата мрежа. Учесник е на Прилепскиот, Струмичкиот и Рилскиот општ конгрес во 1905 г, на кој бил повторно избран за задграничен претставник на Организацијата во Софија. Член на Привременото претставништво на бившата ВМРО. Убиен е во 1921 г. во Софија.

Вториот факт кој е многу битен за содржината на овие спомени, тоа е позицијата што ја заземал Ѓ. Петров во македонското револуционерно движење. Иако, тој во Организацијата се вклучил по две години од нејзиното формирање, многу брзо се вивнал во нејзиниот врв. Прво како член на ЦК, а потоа како задграничен претставник, Ѓорче и Делчев постојано биле во центарот на случувањата. Тоа најдобро се гледа од неговиот исказ: „Со Гоце знаевме се. Писмата до Солун ги пишував обично јас“.[294] Ѓорче бил главниот претставник во преговорите на МРО со ВМК, со Егзархот и со Бугарската влада. Токму поради тоа, тој ги знаел сите интриги и секој обид за злоупотреба на Организаицјата од страна на ВМК и на бугарските институции. Колку била моќна и респектирана институција Задгранично преставништво на МРО, може да се види од писмото што им го испратил И. Х. Николов по Солунската провала, во кое им порачува: „Држете ја Вие од таму здраво работата“.[295] Ако се имаат сите овие факти и луцидниот дипломатски такт на Ѓорче Петров, дури тогаш може да се сфати зошто неговите спомени стојат над сите други, колку во квантитативна, уште повеќе во квалитативна смисла. За вредноста на спомените на Ѓорче Петров, ќе ја цитираме мислата на Љубен Лапе во неговоте дело „Ѓорче Петров, Спомени и кореспденција“ во кое вели: „Нема објавени спомени на ниеден учесник во македонското национално – ослободително движење кои би содржеле толку богати, сигурни и од најавтентично место црпени разновидни податоци како Спомените на Ѓорче Петров. Во таа смисла тие претставуваат вистинска ризница од најдрагоцени податоци за нашата понова историја“.[296]

Ѓ. Петров во своите спомени најпрво укажува дека уште од раната младост се движи во револуционерни кругови. Уште кога бил учител во Скопје, почнал да се занимава со проучување на Скопскиот округ во географска и етнографска смисла.[297] Неговите истражувачки материјали подоцна се објавени во книга.[298]

Кон крајот на 1894 година, Ѓорче започнува комуникација со Пере Тошев, кој што се наоѓа на чело на Битолскиот револуционерен округ.[299] Во понатамошниот тек на спомените, Ѓ. Петров зборува за одразот и влијанието на т.н. Мелничко востание од 1895 година во Македонија. Тој има аналитички пристап кон првата афера на МРО (Доневата афера од 1896),

---

[294] Спомени на Ѓорче Петров..., 52.
[295] Д- р. Х. Татарчев, Вътрешната ..., 121.
[296] Љ. Лапе, Ѓорче Петров..., 18-19.
[297] Спомени на Ѓорче Петров..., 18.
[298] Гьорчо Петровъ, материали по изучуванието на Македония, София, 1896.
[299] Спомени на Ѓорче Петров..., 19.

посебно потенцирајќи го значењето на Доне како човек со цврста волја, кој уште тогаш си создал имиџ на нескршлив јунак и маченик пред тајните на МРО.

Ѓорче Петров мошне аналитички приоѓа и при објаснувањето на Бугарското тајно револуционерно братство и неговите активности. Во таа смисла за Братсвото, меѓу другото вели: „Тоа беше последен обид на егзархистите да го земат во свои раце влијанието во земјата што им се измолкнуваше“.[300] Како долгогодишен задграничен преставник, мемоарите на Ѓорче се многу важен извор за политиката на Бугарија кон МРО, како и односите помеѓу ВМК и МРО. Колку во еден период биле заострени односите помеѓу бугарската влада на К. Стоилов од една и МРО од друга страна најдобро сведочи искажувањето на Ѓорче: „Дојде прашањето меѓу владата и нас до отворено протиставување. Стоилов беше подготвен мене и Делчев да не уапси“.[301] Оваа состојба се потврдува од многу официјални документи од двете страни. Тоа, што многу од информациите за кои зборува Ѓорче се потврдени од релевантна документација, на неговите спомени им дава уште поголема тежина. Така што тие доаѓаат како збогатување на колоритот од официјалната документација.

Интересено е согледувањето на Ѓорче за вмешаноста на бугарската влада во македонските работи уште од 1895 година. Во врска со тоа Ѓорче вели: „Веднаш по 1895 год.,[302] владата толку се беше замешала во ослободителното дело, така што ако после сосема престанеше да се интересира за него, со тоа јасно ќе се раскриеше, дека целта со движењето во 1895 год. и била сосем друга, а не ослободување, за што што и ја обвинуваме“.[303]

Ѓорче Петров во своите спомени дава многу интересни и богати информации за состојбите во ВМК и неговата политика кон МРО. По повод неочекуваниот избор на Делчев за член во ВМК, проникливиот Ѓорче вели: „Во еден конгрес дури со цел да го отцепат Делчев од мене го избраа Делчев дури за член на ВК. Целта им беше се една - да престават, дека меѓу ВО и тукашната нема разлика, дека се едно и дека е јас сум еден вид, кој сака да протури некакви разлики.“[304] Ѓорче Петров во своите спомени ги опишува и преговорите со Бугарската егзархија во врска со прашањето за назначување на учители во Македонија според потребите на Револуционерната организација. Особено интересни и значајни се неговите

[300] Исто, 39.
[301] Исто, 55.
[302] Овде Ѓорче мисли на т.н. Мелничко востание организирано од ВМК, но под покровителство на бугарската влада. Целта на ова востание била да се осигура меѓународно признавање на Кнезот Фердинанд.
[303] Спомени на Ѓорче Петров..., 57.
[304] Исто, 72.

информации во врска со изборот на Борис Сарафов за претседател на ВМК кое се случило со директно залагање на Ѓорче. Притоа опширно ги анализира односите со ВМК на Сарафов кои се движеле на релација од тесна соработка до момент на целосно заострување и прекинување на односите.[305]

Покрај тоа спомените на Ѓорче Петров претставуваат неизбежен извор за историјата на МРО во бурната 1902 година во услови кога ВМК на Михајловски - Цончев тргнал во жестока офанзива за провоцирање на востание во Македонија. Секако неговите спомени се неизбежни и за Софиските советувања од крајот на 1902 и почетокот на 1903 година кои биле свикани по иницијатива на ЦК во врска со прашањето за востание во Македонија за пролетта 1903 година.[306] Во историографската наука, особено е експлоатирана неговата теорија за т.н. Перманенетно востание, без негово формално објавување.

Ѓорче, иако бил противник на идејата за масовно востание, сепак летото 1903 година тргнал со голема чета за Македонија, поконкретно за Прилепскиот регион. Притоа во своите спомени изнесува информации за состојбата во регионите низ кои што поминал. Видно разочаран од неподготвеноста во Кумановско - Кратовскиот регион, Ѓорче вели: „Ми објаснија, дека ваму не може да станува збор за востание. Додека очекувавме пушки од сите страни, најпосле останавме без оружје".[307] Покрај тоа во спомените зборува за состојбите и неговата активност во Прилепскиот регион за време на востанието, а посебно за неговата битка кај Чаниште.[308]

Ѓорче Петров на мошне пластичен начин ја опишува состојбата во Организацијата по Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ и мерките што се преземаат за зацврстување и реформирање на организацијата во новонастанатите услови. Притоа опширно зборува за неговите дискусии со Д. Груев и Пере Тошев. Спомените на Ѓорче се неодминлив извор кога станува збор за Прилепскиот подвижен конгрес од мај - јуни 1904 година.[309] За овој конгрес пишува: „Конгресот го направивме подвижен, се движевме како чета по селата. Почнавме во Беловодица - после во Дрен, Смолани, Царевиќ, Топлица, Тројаци, Плетвар, Ореовец, Крстец и завршивме во планината Борула".[310] До крајот на спомените Ѓорче

[305] Исто, 73-82.
[306] Исто, 115-117.
[307] Исто, 143.
[308] Исто, 145-149
[309] Исто, 160.
[310] Исто.

зборува за свото движење низ Македонија во функција на промовирање на новите демократски начела и струења во Организацијата. За жал неговите спомени се недовршени.

Овој простор е мал, ниту пак поводот е таков за детално да се презентира местото и значењето на спомените на Ѓорче Петров, како извор за историјата на МРО. Од тие причини би се задоволиле со констатацијата, дека без спомените на Ѓорче Петров не може да се пристапи ниту кон почетники историографски обид за историјата на МРО.

21. **Христо Силјанов**[311] сам ги запишал своите спомени за дејноста во Костурско-Леринскиот регион во 1902 година. Неговите спомени практично се составени врз основа на неколку писма и секојдневните белешки за настаните во кои бил учесник. Писмата и исповедите се упатени кон извесна Мања. Првиот дел од спомените се однесуваат на неговата активност во четата на Марко Лерински,[312] основоположник на четничкиот институт во Битолскиот револуционерен округ.

Овие спомени на Х. Силјанов, иако се однесуваат на релативно краток период, извонредно се одликуваат по својот стил и јазик, бидејќи самиот Силјанов е човек од перото. Тој во овие спомени со поетски пристап го опишува пејсажот и географските карактеристики и убавини на селата и планините низ кои се движел и кои ги посетувал. Токму тоа ги прави спомените привлечни и за обичниот читател. Меѓутоа, од друга страна, Силјанов дава интересни информации за историјата на МРО во Леринско, во Предилинденскиот период, или поточно во 1902 година. При обиколката на Леринскиот и Костурскиот регион, Силјанов се среќава и соработува со истакнати активисти на Организацијата во овој крај. Најголемиот дел од спомените се однесуваат на активноста на четата на Марко Лерински, но тој дава интересни информации и за обиколката на Гоце Делчев во тој регион, за загинувањето на Методија Патчев, Дине Абдураман, за дејноста на Славејко Арсов, за П. Кљашев, В. Чекаларов и т.н.

---

[311] Раководител на чета на МРО во Костурско - Леринскиот регион, во периодот околу 1902 г. Роден е во 1880 г. во Цариград. Неговата фамилија потекнувала од Охрид. Уште како ученик влегува во редовите на МРО. Во 1902 година влегува во четата на војводата Марко Лерински. Учесник е во Преображенското востание во Одринско и во Балканските војни. Автор е на обемната двотомна едиција Ослободителните борби на Македонија. Починал во 1939 г. во Софија.

[312] Вистинското име на Марко Лерински е Георги Иванов. Тој е бугарски офицер, кој ја напуштил војската за да влезе во МРО, во својство на инструктор на четите во Битолскиот округ. Бил близок соработник на Гоце Делчев. Загинал во 1902 г. во близина на с. Котел, Леринско.

Во своите спомени, Силјанов го потенцира авторитетот на Даме Груев, кој бил негов учител. За него вели: „Нашиот учител Даме Груев за нас е пример на самоодречен жрец за Македонија, олицетворение на револуционерен аскетизам“.[313]

Х. Силјанов во овие спомени пишува и за великанот на МРО, Гоце Делчев, со кого имал средба во село Загоричани, при обиколката на Делчев во Костурско. Каков респект имал спрема Делчев, се гледа од следниве зборови: „Во тој момнет, тој (Делчев) ми се виде како полубог“.[314] Силјанов ја пренесува и изјавата на Делчев по повод загинувањето на извесен четник по име Христо, кој загинал при ликвидација на еден шпион. Според Силјанов, Гоце тогаш изјавил: „Христо нанесе смртоносен удар, но загина и самиот. Тој не потсети што не очекува и нас, и јас пожелувам на сите нас, така јуначки да ја дочекаме смртта“.[315] Овие зборови длабоко се врежале во свеста на Силјанов и тој постојано во спомените се навраќа на нив.

Силјанов пишува и за респектот на Гоце Делчев спрема Марко Лерински. Во врска со тоа, Делчев при разделбата со Марко пред сите изјавил: „Вие може да се гордеете, бидејќи го имате најдобриот војвода во Македонија. Нека тој ви служи за пример во секоја пригода. Учете се од него, следете го во се и вие ќе станете вистински револуционери“.[316] Од друга страна, Силјанов пишува дека Гоце Делчев за Марко Лерински претставувал нешто возвишено. По разделбата со Делчев, Марко му се обратил на Силјанов со зборовите: „Колку би сакал да му бидам прост четник и дур сум жив, да не се разделам од него“.[317] Во тоа време Х. Силјанов бил назначен за војвода на чета. Меѓутоа, набрзо четничкиот инструктор Марко Лерински, во битка со османските војски кај селото Петеле, ќе го загуби својот живот. Силјанов за овој трагичен настан вели: „Трупот е само еден, но вреди колку илјадници живи комити“.[318] Само неколку дена по загинувањето на Марко Лерински, загинал и Дине Абдураман. Според Силјанов неговата смрт ги оставила без здив и неговите непријатели. По тридневна жестока борба, откако успеале пред куќата да го убијат Дине Абдураман, непријателите влегле во куќата, каде затекнале уште четири трупа: „две возрасни жени, еден белоглав старец и една руса, несозреана девојка. Тоа биле жената, сестрата, вујкото и ќерката

[313] Х., Силянов, Писма и изповеди на един четник..., 42.
[314] Исто, 57.
[315] Исто, 71.
[316] Исто, 83.
[317] Исто, 85.
[318] Исто, 237.

на Дине Абдураман“.[319] Херојската смрт на Дине е запишана и во други мемоари на членови на МРО, меѓутоа описот кај Силјанов е неверојатен. Во понатамошниот текст од спомените Силјанов пишува за својата желба за одмазда, меѓутоа поради предавство, неговата чета била разбиена, а самиот тој едвај спасил жива глава. Со тоа завршува првиот дел од спомените на Силјанов, каде е поместена кратка биографија за Марко Лерински.

Спомените на Х. Силјанов се извонреден извор за развојот и растежот на МРО во овој регион, но и за биографиите на повеќе револуционери, кои својот живот и енергија целосно ги вградиле во македонската борба.

Во вториот дел од збирката со наслов „Спомените од Странџа“, Силјанов ја опишува својата активност и состојбата на Организацијата во Одринско пред востанието, како и текот на Преображенското востание во Одринскиот округ. Овде изненадува тоа што Силјанов, ниту еднаш не го споменува Михаил Герџиков, како главен раководител во Одринско, испратен таму по барање на Делчев и ЦК на МРО.[320] Силјанов своите спомени ги завршува со опис на турските репресии врз христијанското население при задушувањето на востанието.

Во мемоарите со наслов „Од Витоша до Грамос“, Силјанов раскажува за враќањето во Македонија, но овој пат во периодот пред Првата Балканска војна, како и за текот на војната во Леринско и Костурско. При движењето со четата, командувана од него и војводите Васил Чекаларов и Иван Попов, Силјанов ги опишува состојбите во македонските села во тој период, раководителите на Организацијата со кој се сретнува, текот на војната и соработката на четите на МРО со доскорешните лути противници, грчките војски и андартските чети. На тој начин, дава интересни сведоштва за учеството на поранешните македонски револуционери во Балканските војни.

При движењето со четата, командувана од него и војводите Васил Чекаларов и Иван Попов, Силјанов ги опишува состојбите во македонските села во тој период, раководителите на Организацијата со кој се сретнува, текот на војната и соработката на четите на МРО со доскорешните лути противници, грчките војски и андартските чети. На тој начин, дава интересни и важни податоци за историјата на МРО во Костурско-Леринскиот регион, за време на Првата балканска војна.

---

[319] Исто, 239.
[320] Спомени на М.Герџиков..., 303.

На почетокот на овие спомени, Силјанов пишува дека бил повикан на состанок на 18 септември 1912 година, на која Протогеров и мајорот Дарвингов, им соопштиле на присутните дека се спрема војна за ослободување на Македонија.[321] Притоа, Силјанов е во дилема дали да се упати кон Одринско или Македонија. По инсистирање на Чекаларов и Попов, тој се упатува заедно со нив во Костурско.[322] При влегувањето во Македонија, на еден пункт во Кратово, се сретнува со останатите активни војводи на МРО: Мончев, Поп Христов, Ѓаконот Евстатиј, Алексо Радовчето и други.[323] Во Струмица се сретнал со војводата Иванчо Николаев и со радовишкиот војвода Христо Симеонов. Потоа Силјанов се движи низ Костурските села и интересно, кога поминува низ Загоричане, се потсетува на колежот од 1905 година, кој го извршиле грчките андартски чети, кои сега биле нивни сојузници против Турците.[324] Во понатамошниот текст, Силјанов ја опишува нивната соработка со грчките и српските војски, ослободувањето на повеќе села во Леринско и Костурско, ослободувањето на Лерин и Костур.

На крајот, по завршување на војната, заради Сојузничкиот договор, **бил принуден** да го напушти регионот, бидејќи според поделбата ѝ припаднал на Грција. Овој факт, како и разочарувањето од Букурешкиот договор, сеуште имале силно влијание врз Силјанов, па затоа може да му се забележи преагресивниот пробугарски став. Сепак, во недостиг на спомени од овој период, овие спомените на Сијанов се особено значајни за настаните во текот на Балканските војни во Костурско - Леринскиот регион.

22. Спомените на **Михаил Герџиков**[325] се меѓу последните кои ги запишал професорот Милетич. Герџиков своите сведоштва ги раскажал на неколку средби, почнувајчи од 10 март 1910 година.

Спомените на Михаил Герџиков се важен извор за историјата на МРО. Тој иако бил по потекло од Бугарија, цел живот се борел за Македонија и Одринско. Од друга страна, Герџиков бил близок соработник, а потоа и следбеник на апостолот на македонската

[321] Хр. Силянов, от Витоша до Грамос..., 352.
[322] Исто, 353.
[323] Исто, 363.
[324] Исто, 435-436.
[325] Раководител на чета на МРО со бугарско потекло. Роден е во Пловдив, Бугарија, во 1877 година. Близок соработник на Гоце Делчев. Главен организатор и учесник во преображенското востание во Одринско во 1903 г. Починал во 1947 г. во Софија.

револуционерна борба, Гоце Делчев. Герџиков во своите спомени зборува за неговото движење низ Македонија и Одринско, за судирите со врховистите и нивните чети, за неговите односи и комуникација со Делчев, за проблемите со Сарафов и Цончев и т.н.

Герџиков, дава интересни информации за Софиските советувања околу прашањето за востание. Во таа смисла претставува неизбежен извор во овој критичен момент околу клучната одлука. Сепак, како главен раководител на Одринскиот округ, Герџиков во своите спомени опширно ги презентира состојбите во тој крај. Во своите спомени, тој најмногу се концетрира на неговите активности во Одринско. Кога раскажува за настаните во Одринско за време на Преображенското востание, изнесува еден податок дека налетале на група ќумурџии Македонци, кои секој ден доставувале ќумур, кој понатаму се препраќал до Цариград.[326] Ова го потенцираме, бидејќи Герџиков, очигледно како Бугарин, прави јасна дистинкција помеѓу Македонците и Бугарите. Оваа го поткрепуваме и со еден друг дел од спомените на Герџиков, кога тој потенцира дека добиле информација оти во градот има две касарни, а за што тој вели: „ова ни го кажа еден овчар што не виде: тој беше Бугарин, член на Организацијата“.[327] Поинаку кажано, Герџиков помеѓу христијаните во Одринско јасно разликува Македонци и Бугари. Во тој контекст коментарите дека терминот Македонец е искористен во географска или територијална смисла, не стојат, бидејќи на друга страна не е искористен терминот Одринец, туку Бугарин во национална конотација.

На крајот на спомените, Герџиков зборува за неговото патување по Европа заедно со Сарафов. Притоа упатува остри критики на манипулаторскиот карактер на Сарафов.[328] Епизодата со Сарафов, практично е последното нешто што го запишал во овие спомени.

21. **Стефан Аврамов**[329] запишал спомени по инсистирање на тогашниот претседател на ВМРО - Тодор Александров. Спомените започнува да ги запишува во 1922 г., а ги завршува дури во 1927 година.

Спомените на Стефан Аврамов иако се обемни и опширни, сепак треба да констатираме дека битно отстапуват од категоријата лични спомени, а уште попроблематично

---

[326] Спомени, Михаил Герџиков..., 284.

[327] Исто, 285.

[328] Исто, 301-302.

[329] Бугарски новинар, член на МРО. Роден е во Чирпан, Бугарија, во 1884 г. Учествува во илинденското востание во четата на Ѓ. Сугарев. Учесник е на Битолскиот окружен конгрес во 1906 г. Во 1907 г. се враќа во Бугарија. Умира во Софија во 1953 г.

е да се разграничи што во нив претставува лични спомени, а што прераскажување од трети лица.

Врз нивниот квалитет влијат неколку фактори. Како прво тие се пишувани релативно доцна, 15 - 20 години по опишаните настани. Второ, очигледна е тенденцијата на Стефан Аврамов, најверојатно по барање на Тодор Александров, да пишува во контекст на антисрпската пропаганда. Ако се земе во предвид и фактот дека Стефан Аврамов се приклучил во Организацијата, некаде пред востанието, дополнително го намалува квалитетот на информациите во спомените. С. Аврамов немал некое високо место во хиерархијата на Организацијата, а со самото тоа и достапност до важните информации. Во предговорот Аврамов вели: „во овој труд влегуваат материјали и од минатото, кое што го црпев од беседите на старците од месното население, кои непосредно учествувале во борбите; освен тоа на времето земав забелешки од беседите на моите другари од Велес и околината за нивните борби, во кои непосредно учествувале по завладувањето на Македонија од Србите“.[330] Друг проблем е што, Стефан Аврамов повеќе раскажува за биографиите на војводите кој ги познавал, отколку настани во кои лично учествувал. За неговата дејност во Азот, освен што ги споменува војводите Стефан Димитров и Иван Алабакот, практично скоро ништо и не кажува. Иако учествувал во Илинденското востание, сепак не дава никакви информации и не известува за никакви настани од тој период.

За состојбите во Велешко по востанието, пишува за пристигнувањето на војводата Ѓорѓи Сугарев во Велешко, кој заедно со Панчо Константинов и Иван Алабакот се ангажирале околу сузбивањето на српската пропаганда во Велешко. Кога зборува за неговата дејност во Поречието, го раскажува настанот кога е заробен Даме Груев од Србоманот Мицко.[331] Сепак С. Аврамов даваа опширни информации за борбата на костурската чета на врвот „Ножот“ во која сите четници загинале, иако биле предупредени од советот на здружените војводи, не сакале да се повлечат и храбро загинале.[332] На крајот на спомените ги споменува војводите кои дејствувале во Велешко по Младотурската револуција, ги опишува нивните убиства и повторно нивните биографии.

---

[330] Революционнитѣ борби въ Азотъ (Велешко) и Порѣчието..., 2.
[331] Исто, 51.
[332] Исто, 158-163.

22. **Иван Хаџи Николов**[333] не оставил свои целосно запишани спомени за својата револуционерна дејност, туку неколку одделни записи, кои подоцна Христо Шалдев ги објавил во неколку продолженија во „Илустрација Илинден".

Записките на Иван Хаџи Николов, презентирани од Христо Шалдев, предизвикале одреден сомнеж, кај некои истражувачи,[334] затоа треба да се користат со извесна доза на резерва.

И. Х. Николов, како еден од основачите на МРО, дава интересни сведоштва за ситуацијата пред основањето на Организацијата и неговите напори да најде соодветни луѓе. Тој вели дека во 1892 г. заминал за Софија, кадешто се сретнал со Коста Шахов, а тој за соодветен човек му го посочил Гоце Делчев.[335] Делчев го одбил заради довршување на воено училиште. Потоа известува за заедничката средба со Андон Димитров и Даме Груев, на 21 октомври (2 ноември) покрај брегот во Солун, каде што се договориле за два дена да се соберат и да ги поканат: П. П. Арсов, д-р. Х. Татарчев и Хр. Батанџиев, доколку истите прифатат.[336]

Во своите записки, И. Х. Николов на интересен начин ги пренесува ставовите на сите основачи на МРО на првиот состанок од 23 октомври (4 ноември) 1893 година. Во врска со формирањето на Организацијата по опсежните дискусии тој вели: „На крај дојдовме до следнава согласност: 1. Организацијата треба да биде тајна и револуционерна, 2. Нејзината територија да ја сочинува само Македонија, во нејзините географски и етнографски граници, поради што ќе се нарекува и внатрешна, 3. Во неа ќе членуваат лица родени и што живеат во Македонија, без разлика на вера и народност, 4. Политичкото верују на организираните Македонци е: автономија на Македонија и 5. Да се запазува самостојноста на Организацијата, за да не падне под влијание на политиката на владите на соседните словни држави".[337]

Во своите зааписки, Хаџи Николов зборува за начинот како со сондирале лицата за нивно вклучување во Организацијата. Во врска со тоа Хаџи Николов вели: „Јас предложив,

---

[333] Еден од основоположниците на МРО и член на ЦК.Роден е во Кукуш, во 1861 година. Заедно со Даме Груев се најзаслужни за основањето на МРО. Во ЦК останал до 1901, кога поради Солунската провала е осуден и пратен на заточение во Подрум Кале. Амнестиран е во 1902 година. Учесник е на советувањето во Софија. Подоцна се пасивизирал. Починал во 1934 година во Бугарија.

[334] За овој проблем пишува Гане Тодоровски во дел од зборникот, Можно ли е и нужно ли е датирањето на раѓањето на македонската нација. Уште еднаш над спомените на Иван Х. Николов.

[335] Спомени на И.Х.Николов..., 49.

[336] Исто, 50-51.

[337] Исто, 51-52.

оние кои ќе се изјаснат позитивно за егзархистичката централистичка политика да се сметаат за ненадежни, а пак оние кои ќе бидат за децентрализација на нашето црковно – училишно дело во Македонија – за надежни и да бидат посветени во револуционерната идеја, при што да им се постави за задача секој во својот реон да формира кружок од проверени и борбени другари“.[338] Во контекст на тоа додава „Предлогот беше прифатен и на П. Арсов му се постави задачата да напише брошура под наслов „ Стамболштината во Македонија“.[339]

И. Х. Николов дава информации и за Ресенското советување во 1894 година, при што го дели ставот на А. Лозанчев дека не станува збор за конгрес, туку за состанок. Изненадува тоа што Х. Николов не дава никакви информации за Солунскиот конгрес (1896) иако учествувал во неговата работа. Сепак известува дека пракса била често да се одржуваат собири во Солун и дека најголем таков собир – конгрес се одржал во месец август, 1899 г., на кој учествувале 27 делегати – окружни раководители и 4 преставници на ЦК.[340] На конгресот делегатите се жалеле дека извесни митрополити и пречеле во работата. Во врска со овој проблем се донело решение да се ликвидираат двајца митрополити, но по предлог на Х. Николов, решението требало да се достави до ЦК и тие да одлучат кога е соодветно време за извршување на пресудата.[341]

Во овој дел од спомените раскажува и за решеноста на Организацијата да ѝ наложи на Егзархијата да поставува нејзини членови за учители во Македонија. За оваа активност, И. Х. Николов во своите спомени вели: „Во текот на истата таа 1899 година, за да се зајакне организационата дејност во Македонија, решивме да составиме список од поактивни учители, кои да бидат назначени за работа во поважни пунктови во Македонија и Одринско. Подговтвениот список го испративме во Софија до Ѓ. Петров, кого го задолживме да замине за Цариград, и таму да настојува кај Егзархијата за негова примена. Обидот заврши со успех: сите учители од списокот беа назначени. И во текот на следните години се практикуваше истото“.[342] Ова е потврдено и во спомените на Ѓорче Петров, но и кај други запишувачи на спомени.

Многу интересни се информаците од Хаџи Николов кога зборува за пречките во развојот на МРО. Еве што пишува во врска со ова: „Пречките и опасностите за

[338] Исто, 53.
[339] Исто.
[340] Исто, 65.
[341] Исто, 66.
[342] Исто, 65.

револуционеранта организација се појавија уште во самиот почеток. Тие беа од надворешно и внатрешно потекло. Надворешните пречки произлегуваа од акциите на бугарската влада и македонската емиграција во кнежевството, кои продолжуваа да бидат носители на великобугарскиот идеал...“[343]

Во таа смисла И. Х. Николов опширно зборува за односите во Солун со проегрзархиската групација, со Револуционерното братство, за Окружното од 14 точки со кое биле поставени основите на четничкиот институт на МРО и т.н. Неговите спомени се неизбежен извор при реконстрирањето на историјата на МРО во нејзиниот најран период.

23. Спомените на **Алексо Стефанов**[344] ги запишал Бојан Мирчев во 1931 година. Овие спомени се интересни, особено, за состојбите во Битолско - Демирхисарскиот регион, во периодот по Илинденското востание. Покрај тоа во нив има интересни информации за борбата со врховизмот во Џумајско - Петричкиот регион. Можеби поради тоа што веќе бил во поодминати години кога ги раскажувал спомените, истите ги обременил со небитни факти од своето детство и сл. Така кога зборува за конгресот во Битола, освен што ги набројува присутните делгати, не дава никави информации за тоа како се одвивал конгресот и кои одлуки биле донесени, туку раскажува колку јадење се изело, па вели: „Изедовме 130 овни и овци“.[345]

На почетокот во спомените, Алексо Стефанов зборува за неговото доаѓање во Македонија со четата на Тома Давидов. За време на Смилевскиот конгрес, бил во близина на селото, но неговото место во Организацијата во тој момент не му дозволувало пристап во донесувањето на важни одлуки. За самото востание, пишува: „се зададе наредба за востание. Беше наредено, соопштението за востанието да се подели едновремено насекаде. Наредбата беше потпишана од Дамјан Груев, Л. Лозанчев и Борис Сарафов“.[346]

Во продолжение на спомените дава податоци за конгресот кој се подготвувал во Битолскиот округ, по Илинденското востание и ги наведува имињата на делегатите и вели:

---

343 Исто, 67.

344 Член на МРО со бугарско потекло. Роден во 1869 година, во село Радово, Бугарија. Во Организацијата влегол во 1902 година во четата на Тома Давидов, а подоцна во четата на Сугарев. По востанието, во 1905 година, станал раководител во Демирхисарско. Учесник е во Балканските војни и во Првата Светска Војна. Умира во Софија во 1935 година.

345 Революционната дейност в Демирхисаръ..., 50.

346 Исто, 16. (Овде од нејасни причини, А.Стефанов направил грешка при запишување на иницијалот од името на Лозанчев).

„пред конгресот дојде Христо Цветков, Иван Алабакот дојде од Бугарија во Битолско, дојде и Петар Ацев со прилепската чета. Се собравме околу 250 души“.[347]

Во последниот дел од спомените, раскажува за Младотурската револуција и за симнувањето на четите од планините, додека за Балканските војни во кои е учесник, дава интересни податоци за движењето на четите на војводите на МРО: Васил Чекаларов, Христо Силјанов, Петар Чаулев, Георги Поп Христов, Марко Иванов и други. Опишува неколку битки со Турците, а по војната оди во Софија. Разочаран од поделбата на Македонија, Алексо Стефанов на крајот констатира: „И ние Македонците се вративме, длабоко огорчени од новото ропство“.[348]

Спомените на Алексо Стефанов се доста опширни, но како и кај другите раскажувачи на спомени, кои се приклучиле во Организацијата непосредно пред Илинденското востание, изостануваат податоци за основањето на Организацијата, формирањето на четничкиот институт, коресподенцијата и т.н. Секако дека и местото во хиерархијата на МРО кое го заземал авторот, не му дозволувал пристап до поважните информации и затоа неговите спомени се обременети со небитни факти.

24. **Константин Димитров Ципушев**[349] спомените ги запишал во 1940 година. Во Организација се приклучил во 1895 година, кога според него: „Внатрешната Револуционерна Организација веќе беше создадена. Даме Груев веќе ја разапнал револуционерната мрежа во поважните македонски градови ...“.[350]

Неговите спомени се запишани по повеќе од 40 - тина години од настаните и скоро 30 години по поделбата на Македонија. Во неговите спомени е очигледно влијанието на бугарското општество. Во секој случај, стилот на Ципушев е солиден бидејќи се работи за образован човек, кој дава интересни информации, особено за Штипско. Сепак на моменти неговите спомени се оптеретени и со излишни податоци, прерипува настани, па се враќа назад и прави мали забуни. Тој воопшто не ги споменува проблемите помеѓу ВМК и МРО, иако го споменува Сарафов, но само како близок пријател на Делчев.

---

[347] Исто, 49.

[348] Исто, 87.

[349] Активист на МРО. Роден е во Радовиш во 1877 година. Раководител на чета на МРО во Кочанско. Во 1903 година заминал во Костурско кадешто бил уапсен и го прележал Илинденското востание во затвор. По завршувањето на Балканските војни се сели во Бугарија. Умира во Софија во 1968 година.

[350] Спомени, Коце Ципушевъ..., 11.

Во своите спомени, К. Ципушев дава податоци за активностите на ракводителите во Штипско: Мише Развигоров, Ефрем Чучков, Тодор Лазаров, но се навраќа и на создавањето на МРО и не заборава да укаже пофални зборови за Татарчев, Пере Тошев и особено за Груев и Делчев за кои вели: „Даме Груев, Апостолот на македонската борба, се одликуваше со својата скромност и благи манири ... Во неразделна и хармонична соработка со другиот великан на Македонската земја, Гоце Делчев, тие подготвија нова епопеја, позната во најновата наша историја како „Илинденско востание“.[351]

Ципушев дава извесни информации и за Солунските атентати, за состојбите во Костурско, кадешто има пофални заборови за Костурските раководители: Кљашев, Чекаларов и Лазар П. Трајков. Самиот тој по клевета од патријаршискот владика Каравангелис, бил затворен се до 1904 година.

Освен тоа, Ципушев дава информации за состојбите во Радовишко по востанието, каде Мише Разигоров и Јосиф Даскалов настојувале да ја возобноват Организацијата. На крајот од овој дел на спомените, дава кратки информации за Младотурската револуција. Тука не завршуваат неговите спомени, тој има запишано и настани за време на Балканските војни и периодот после војните, но во Балканските војни не учествувал дирекно, а периодот по војните, не е во доменот на нашата теза.

Во неговите спомени очигледно е влијанието на претходно издадените спомени. При опишување на личноста на Д. Груев на пример, впечатлива е сличноста со спомените на Х. Татарчев. Кога пишува за Солунските атентати, во целост го копира Павел Шатев. Сепак, бидејќи се пишувани многу доцна, неминовно е да ги користи сите дотогаш објавени спомени, бидејќи според неговата улога во Организацијата, тие информации најверојатно му биле слабо достапни.

25. **Мартулков Алексо**[352] ги завршил своите спомени во 1954 година, долго време по настаните кои ги опишува. Мора да истакнеме дека Алексо Мартулков не бил на високои позиции во МРО за да му бидат достапни поважните информации за функционирањето на структурите на МРО. Оттука тој во своите мемоари претежно се задржува на локално ниво за

[351] Исто, 14.

[352] Македонски социјалист и револуционер. Роден е во Велес во 1878 година. Член на ВМРО (Обединета). По Втората Светска војна се враќа во Македонија, но по неколку години повторно се враќа во Бугарија и таму умира во 1965 година.

настаните во Велешкиот регион, при што повеќе внимание обрнува на социјалистичкото движење во Македонија.

Сепак, неговите спомени се од големо значење поради фактот што тие се првите спомени запишани и издадени во Македонија. Иако се пишувани многу години по настаните, тие изобилуваат со опширни и богати информации за историјата на МРО, преку призмата на Социјалистичкото движење во Македонија. Сепак мора да забележиме дека спомените му се пренатрупани со многу личности, има конфузија во пренесувањето на настаните. Очигледно има проблем да се сети на настаните, па некои ги прекинува или ги поврзува со други, со што спомените повремено стануват тешки за следење. Како истакнат социјалист, А. Мартулков ја форсира социјалистичката идеја, а со тоа непотребно ги оптеретува спомените. Сепак, многу јасно ги истакнува идеите на Социјалистите во Македонија, кои се во корелација со статутите и политиката на МРО. Тој вели: „Народите имаат право на слободно самоопределување – Македонија на Македонците“.[353]

Спомените на Мартулков се важен извор особено за историјата на Организацијата во Велешко и Азот, бидејќи главно ги опишува настаните во овие краеви. Иако бил доста активен во периодот пред востанието, не кажува ништо за востанието, бидејќи не учествува во него. Во своите спомени, Мартулков опширно се задржува на настаните во Велешко по востанието и појавата на фракционерски поделби. Според Мартулков, за превласт во ВМОРО по востанието, се бореле две фракции во Софија: „Татарчев-Матов и Борис Сарафов“.[354] Притоа и двете фракции праќале чети во Велешко и Македонија. Во Велешко според Мартулков прва пристигнала четата на Стефан Димитров испратена од Татарчев-Матов,[355] а подоцна пристигнала и четата на Иван Алабакот пратена од Сарафов. Во поголемиот дел од своите спомени, Мартулков се задржува за дејноста на овие чети и нивните меѓусебни односи.

Алексо Мартулков во своите спомени зборува за Мише Развигоров, кој му оставил добар впечаток зарди неговото залагање за решавање на социјалните прашања. Во врска со тоа вели: „Тој беше им ја организирал заемно - спомагателската помош на селаните за купување земја од беговите и во овој поглед имаше големи успеси во Овчеполието“.[356]

---

[353] А. Мартулков, Моето учество..., 21.
[354] Исто, 88.
[355] Исто, 89.
[356] Исто, 129.

Мартулков се навраќа и на Рилскиот конгрес, на кој што не земал учество. Притоа вели дека преку Ѓ. Петров дознал дека Организацијата бара начин, за да ги казни Сарафов и Матов, кои почнале да работат спротивно од статутите на Организацијата. Во врска со тоа, според Мартулков, Ѓ. Петров наводно изјавил: „Вистина, на конгресот имаше едно претежно мнозинство против нив и не можеше да се избегне едно нивно накажување, но имавме ли возможност да го примениме таму... Ние ризикувавме да го претвориме конгресот во касапница“.[357] Мартулков дава информации и за конгресот на т.н. левицата на ВМОРО во пролетта 1907 година, на која присуствувале: „Јане Сандански, Петар Поп Арсов, Апостолов, Стојо Хаџиев, Димко Грозданов, Мартулков, Лазар Плавев, Петар Анѓелов и Крсто Бугаријата“.[358] Тогаш било одлучено да се испратат две чети во Вардарска Македонија, бидејќи состојбата со навлегувањето на српски чети кои соработувале и со Хилми Паша, била многу лоша. Подоцна според Мартулков, социјалситите решиле да го убијат Хилми Паша, при што идејата била подржана од Петар Поп Арсов и Јане Сандански.[359] Но до тоа, не дошло наводно поради противењето на Пере Тошев.

Мартулков во спомените зборува за продлабочените судири во ВМОРО во текот на 1907 година поради проширеното фракционерство,[360] при што се осврнува и на ликвидацијата на Иван Гарванов и Борис Сарафов.[361]

Во предвечерието на Младотурската револуција, според Мартулков „бугарската буржоазија била спремна и со ѓаволот ортак да стане само да му напакости на македонското револуционерно движење, доколку тоа тргне по пат кој бил спротивен на нејзините империјалистички интереси“.[362] Мартулков учествувал и во походот на Цариград во 1909 година. Во таа смисла во спомените дава интересни информации за улогата на Јане Сандански и Христо Чернопеев во овој настан. Мартулков иако бил подржувач на Младотурците, брзо се разочарал од нивната репресивна политика во Македонија. Според него поради силните османски репресии во Штипско, Тодор Александров издал заповед населението да ги грабне пушките и да бега зад границата.[363]

---

[357] Исто, 133.
[358] Исто, 154.
[359] Исто, 158.
[360] Мартулков ги нарекува неоврховисти и тврди дека и Даме Груев пред загинувањето се зближил со нив. Зближувањето на Даме со неоврховистите не е потврдено во останатите мемоари.
[361] А. Мартулков, Моето учество..., 169-170.
[362] Исто, 174.
[363] Исто, 180.

Спомените на Мартулков содржат интересни сведоштва за состојбата во Велес и Штип за време на Блканските војни. Особено, драгоцени се неговите информации за конференцијата во Велес во 1912 година, која била организирана од страна на Петар Поп Арсов, а на која присуствувал и Димитрија Чуповски.[364] Притоа било одлучено да испратат делегација на Лондонска амбасадорска конференција за да го изложат барањето за создавање на Автономна Македонија.[365]

26. Спомените на **Анастас Лозанчев,**[366] што се обработени во овој труд, Лозанчев му ги раскажува на Бојан Мирчев во 1930 година во Софија, но со ултиматум, да не се објавуваат пред неговата смрт. Покрај оваа, многу симптоматична и дополнителна несигурност во неговите спомени влева изјавата: „двете книшки кои ги напишав и кои мислам да ги напишам ќе можат да се користат откако мене ќе ме нема да можам да протестирам. Тогаш нека прави кој што сака нека - ги дотерува, нека ги поправа".[367] А. Лозанчев во своите спомени истакнува дека професорот Милетич, во 1904 година му предложил да ги запише неговите спомени, а тој одбил бидејќи бил болен и растроен.

Спомените на Лозанчев треба да се земат со голема резерва, бидејќи се пишувани по повеќе од 30 години од настаните опишани во нив, во период кога Лозанчев веќе живее подолг период во Бугарија и кога скоро сите личности опишани во спомените, се веќе починати и неможат да протестираат на евентуалните грешки. Од друга страна, тој во меѓувреме очигледно се нашол погоден од веќе објавените спомени и други историографски публикации, па во овие спомени како да барал начин за одговор, но и за одмазда. Како и да е, фактот што поголем дел од животот го поминал во служба на МРО, неговите спомени сепак ги прави неизбежни.

Инаку содржината на спомените не е многу интересна за анализа и читање, бидејќи најверојатно е обременета од времето кое поминало. Лозанчев нафрла многу небитни податоци. Секогаш кога станува збор за некоја поголема битка, тој или се разболува, или

[364] Мартулков го именува како Димитар Чупаров.

[365] А. Мартулков, Моето учество..., 265-266.

[366] Долгогодишен член и раководител на МРО во Битолскиот револуционерен округ. Роден е во 1870 година, во Битола. Покрстен е во МРО во 1894 г., од страна на Д. Груев. Учествува на Ресенското советување, на Солунскио конгрес (1903) и на Смилевскиот конгрес (1903), каде е назначен за член на Главниот штаб на Инлинденското востание. По востанието се движи со чети низ Македонија, а по Балканските војни се повелкува во Софија и не се занимава со револуционерна дејност. Умрел во Софија во 1945 година.

[367] Анастас Лозанчев, Илинденското востание ..., 12.

заспива и паѓа во кома. Тој како да сака повеќе да ги негира другите што кажале претходно, отколку да зборува што правел самиот. Така на пример, остро го негира Татарчев кој изјавил дека во Ресен имало конгрес и дека на него учествувал и Пере Тошев,[368] но, ништо не кажува за одлуките на Ресенското советување. Понатаму во спомените постојано, дури и невкусно го критикува карактерот на Даме Груев, најверојатано бидејќи неможел да ги достигне височините на Даме.

Лозанчев, главен акцент во спомените става на Илинденското востание, при што настојува да се оправда дека тој не бил виновен за предвременото востание, за потоа контрадикторно да изјави, дека МРО ништо немала да има, доколку не било Илинденското востание. Покрај тоа дава податоци за неколку истакнати војводи на МРО. Раскажува за Марко Лерински и притоа повторно го обвинува Груев за неговата смрт.[369]

Во врска со Илинденското востание зборува за повеќе битки во Битолскиот округ, при што се стекнува впечаток, дека Лозанчев на неверојатен начин се извлекува од сите тие битки неповреден. На крајот сепак како и сите други ја истакнува главната девиза на Оргазнизацијата и вели: „Ние бевме за Автономија на Македонија...“[370]

Генерално гледано, со оглед на позицијата што ја имал, спомените на Лозанчев не содржат кој знае какви податоци, туку повеќе лични перцепции и критики кон повеќето дејци на МРО. Неспорно, неговите спомени би биле многу поинакви доколку во 1904 година, седнел пред професорот Милетич. Но, и во ваква форма, спомените на Лозанчев претставуваат извор, кој истражувачите ги нассочува кон една друга кртичка страна.

27. *Спомените на* **Григор Стефанов Попев**[371] *ги запишал Бојан Мирчев, при една* средба во 1932 година. Овие спомени се релативно кракти, но интересни и важни, бидејќи Попев е член на ЦК, близок соработник на Даме Груев и соработник со повеќето истакнати членови на МРО. Во спомените е опфатен периодот од основањето на Организацијата, па се до пред Илинденското востание.

---

[368] Спомени на Анастас Лозанчев, Македония в пламъци ..., 98.

[369] Исто, 101.

[370] Исто, 110.

[371] Член на Ц. К. на МРО (1897-1901). Роден е во Прилеп во 1869 г. Според Даме Груев, тој е еден од првите покрстени членови на МРО. По Балканските војни емигрирал во Бугарија. Умира во Софија во 1938 година.

Како близок пријател на Даме и негов прв соработник, Попев учествува во првичните агитации на Груев во прилог на Организацијата. Наспроти Лозанчев, Г. Попев има огромен респект спрема Даме Груев и е фасциниран од неговата неуморна работа. Според Попев, Даме можел да зборува со часови, без да почуствува замор.[372] Г. Попев во своите спомени ни дава податок дека Даме во август 1894 година го организирал првиот комитет на МРО во Битола. Притоа во комитетот влегле: „Пере Тошев - претседател, Анастас Лозанчев - секретар, Григор Попев - благајник и Георги Пешков - советник“.[373] Кога зборува за Централниот комитет во Солун, вели: „Треба да подвлечам, дека во тоа време целата работа ја вршеше Даме: агитација, коресподенција и др“.[374]

Г. Попев се осврнува и на зачетоците на Задграничното претставништо. Според него, кога Гоце побарала помош од ЦК, за уште еден задграничен претставник, прво сакале да го пратат Даме, кој категорично одбил, бидејќи не сакал да ги трпи генералите. Притоа според Г. Попев, Даме изјавил: „попрво ќе се откажам од борбата, од се, од себе, одколку да ја напуштам Македонија“.[375] Подоцна било решено да замине Ѓорче Петров.[376]

Кога зборува за бугарската влада и за нејзината политика спрема Македонија, Попев вели: „Ако бугарските влади не интервенираа во нашите работи, ќе дадевме помалку жртви и Македонија одамна ќе беше слободна“.[377]

По Солунската афера во 1900 година, кога сите членови на ЦК се затворени, Попев зел поактивна улога во Комиетот. Неговите спомени се интересен извор за односите внатре во ЦК. По кооптирањето на Гарванов во ЦК, Попев заради несогласување го напушта комитетот и не учествува на Солунскиот конгрес, иако бил поканет. На крајот, уште еднаш го потврдува авторитетот кој го уживал Дамс во Организацијата, кога вели: „Иван Гарванов во своите “Спомени“ соопштува, дека се спремале (се мисли на Братството) да го убијат Даме. Ако го направеа тоа, ние со заби ќе ги раскиневме, и тоа најпрво јас ќе си го убијам својот зет Коне. Таков беше Даме во нашите очи“.[378] Последните информации во спомените се однесуваат на Солунските атнетати и масовните апсења што ги предизвикале.

---

[372] Спомени на Григор Попев, Македония в пламъци ..., 112.
[373] Исто, 113.
[374] Исто, 116.
[375] Исто, 116.
[376] Исто.
[377] Исто, 117.
[378] Исто, 119.

28. Спомените на **Мите Хаџимишев**[379] се запишани од Бојан Мирчев во 1931 година во Ќустендил. Неговите спомени не содржат многу информации, но како што вели и самиот Б. Мирчев, во недостиг на материјали за револуционерната борбата во Штипско, тие сепак се многу важни за истражувањето за историјата на МРО. За одбележување се податоците кои ги раскажува за дејноста на Мише Развигоров во Штипско по Илинденското востание, особено за настојувањата на Развигоров да води борба на економски план против Османлиската држава.

Во почетокот дава информации за четите на Нунков, Атанас Бабата, Крсто Бугаријата, А. Ќосето, Андон и Стамен кои се движеле во Кочанско и Кратовско во 1901 година.[380] По повлекувањето на Блаже Пуздерлиев од раководната позиција на МРО во Штипско, Хаџимишев го зазема неговото место, но набргу е предаден и затворен. Од затвор излегол во 1904 година. Во тоа време легален раководител во Штип бил Тодор Лазаров, а војвода бил Мише Развигоров.[381]

Најинтересниот дел од спомените се однесува на активноста на М. Развигоров. Според Хаџимишев, М. Развигоров, покрај револуционерната ја организирал и економската борба.[382] Притоа, според Хаџимишев, целта била ако веќе Организацијата не може политички и воено да и се спротивстави на власта, тогаш, барем да ја олесни положбата на економски план. Така, според Хаџимишев, М. Развигоров со организациските пари им помагал на луѓето да ги вратат долговите кон беговите и кон Евреите, и да ги натераат беговите да им ги продадат имотите. Хаџимимишев во спомените зборува за постојните комисии кои ги решавале евентуалните граѓански спорови и на тој начин ги избегнувале турските судови. Според него, селаните биле премногу задоволни од таквата активност на М. Развигоров, па во тој контекст вели: „Старците ги симнуваа капите и велеа: Бог да го благослови војводата, за него сите ќе умреме“.[383] Крајот од спомените на Хаџимишев остава впечаток дека тие се недовршени.

---

379 Член и раководител на МРО во Штипско. Роден е во 1873 година во Штип. Во Организацијата влегол уште во 1893 година, а во 1897 година е затворен поради Виничката афера. Подоцна е затворен уште два пати, во 1901 и 1903 година. По Илинденското востание е раководител во Штипскиот револуционерен округ. Во 1906 година, емигрира во Ќустендил, кадешто умира во 1953 година.

380 Мите Хаджимишев, Македония в пламъци…, 175.

381 Исто, 178.

382 Исто, 179.

383 Исто, 181.

29. Записите на **Васил Чекаларов**[384] кои се обработени во овој труд, не се класични спомени, туку забелешки на Чекаларов, за неговата револуционерна активност во периодот од 1901 до 1903 година. Истите се објавени во вид на дневник од страна на Кирил Прличев.

Спомените на Васил Чекаларов за неговата активност во МРО, се важен извор за Костурскиот регион, поради фактот што Чекаларов, заедно со Пандо Кљашев, Лазар Москов и Лазар Поп Трајков, се најистакнатите раководители на Организаицјата во тој регион. Сепак, треба да истакнеме, дека, при пишувањето на забелешките, Чекаларов не внимавал да даде некои суштински податоци, туку премногу опширно и во детали ги раскажува настаните, при што се губи поенатата на запишаното. Низ забелешките се среќаваат многу истакнати дејци на МРО, со кои Чекаларов соработувал.

Имено, Чекаларов во својот Дневник, ги споменува имињата на Делчев, Груев, Москов, Кљашев, Митре Влаот, Папанчев, Лозанчев, Лазар Поп Трајков и многу други истакнатаи војводи на Организацијата. Оттука може да се извлечат разни информации за активноста и движењето на многу личности од македонското револуционерно движење.

Чекаларов го бележи своето движење низ селата, заедно со Пандо Кљашев. Но ја забележал и средбата со Д. Груев во Битолскиот затвор во 1901 година. Во врска со тоа вели: „зборував со Груев околу прашањата за купување на оружје, за мојот престој во Грција и за уредување на каналот од Костур до Лерин“.[385]

Чекаларов ја бележи и улогата во Костурскиот регион на Митре Влаот, Лазар Москов, Пандо Кљашев, на отпадникот Коте од Руља, средбите со Лазар Поп Трајков и Марко Лерински, како и присуството на Делчев во Костурско. Покрај тоа опширно ја опишува врховистичката востаничкаа авантура на полковникот Анастас Јанков. За средбата со Јанков, Чекаларов пишува: „почна да ми ласка, да ми заблагодарува за направеното во неговиот крај (како да целиот Костурски чифлик е негов и јас сум работел за него)“.[386] За намерата на Јанков да крене востание, Чекаларов децидно му одговорил: „Мене ми се гледа неудобно да дигнеме востание без да се подготвиме и без да добиеме согласност од ЦК и од соседните реони.“[387]

---

[384] Раководител на МРО во Костурско. Роден е во 1874 г. во с. Смрдеш, Костурско. Учесник на Смилевскиот конгрес и еден од раководителите на востанието во Костурскиот регион. Учесник е во Балканските војни. Убиен е од страна на грчките андарти во 1913 г. за време на Втората балканска војна.

[385] В. Чекаларов, Дневник..., 24.

[386] Исто, 123.

[387] Исто, 124.

Дневникот на Чекаларов претставува извонреден извор за Смилевскиот конгрес. За самиот конгрес, на кој бил учесник, Чекаларов преставува драгоцен извор, бидејќи тука е поместен и Протоколот од Конгресот.[388] Истовремено во детали ги бележи настаните што се случувале во тоа време. Од дневникот на Чекаларов јасно се забележува дека тој е под големо влијние на темпераментниот и популистички настроен Борис Сарафов.

Понатаму, Чекаларов во дневникот ги бележи настаните по Конгресот во Костурскиот регион и текот на востанието во овој крај, вклучително и нападот и ослободување на Невеска и Клисура. Генерално, Дневникот на Чекаларов претставува неизбежен извор на информации за македонското револуционерно движење во Југозападниот дел на Македонија.

30. Спомените на **Андон Лазов Јанев,**[389] попознат како Андон Ќосето**,** се запишани од страна на Бојан Мирчев, во 1931 година. Иако се запишани многу години по настаните, овие спомени се доста обемни и изобилуваат со интересни податоци. Ќосето бил долгогодишен терорист и војвода, кој соработувал со најисткантите раководители на МРО и затоа неговите спомени се интересни како извор за историјата на МРО. Настаните опишани во нив се однесуват на конкретни акции и настани на теренот.

Андон Ќосето е еден од најспособните терористи на МРО и тоа воопшто не го крие во спомените. Без никакво стеснување, слободно раскажува за бројните ликвидации што ги извршувал по препорака од ЦК, најчесто како одмазда за шпионирање. Освен тоа спомените на Ќосето се интересен извор за за борбите на четите на МРО против врховистичките чети на Дончо Златков и Јордан Стојанов. Можеби треба да се истакне дека хронологијата на настаните во овие спомени е конфузна, или подобро кажано Ќосето не се обидува многу да ги датира настаните, освен на неколку места, каде што наведува години. Тоа е разбирливо кога се зборува за настани од долга временска дистанца. Од друга страна Ќосето е извонреден познавач на теренот во Македонија, едноставно следејќи го неговото движење, може да се реконструираат многу канали на територијата на Македонија, кои малку се познати.

Ќосето дава интересни и детални описи за многу ликвидации, кои ги извршувал по наредба на Д. Груев, а потоа и на Х. Татрчев, кому едно време му бил и личен пајтонџија,

[388] Исто, 224.

[389] Македонски револуционер, терорист и раководител на чета на МРО. Роден во 1854 година, во с. Голозинци, Велешко. Учесник е во Илинденското востание, кога заедно со Ѓорче Петров и Лука Иванов, се движат со чети во Прилепскиот регион. Учествува и во Балакснките војни. Умира во Благоевград, денешна Реублика Бугарија, во 1952 година.

секако за да го прикрие својот вистински идентитет. Подоцна бил под директна команда на Гоце Делчев. Својата ладнокрвност при извршувањето на задачите, најревносно ја покажал при ликвидацијата на својот роден брат.[390] Притоа, Груев му се извинил што морал да си го ликвидира братот, а Ќосето му одговорил: „Што, за еден човек ли да ми е мака, што сме го изгубиле? Ако јас сум штетен и мене ќе треба да ме убиете!“.[391]

Подоцна кога почнале да се оцртуваат контурите на четничкиот институт, Ќосето по наредба на Делчев, се придружил на четата на Дедо Иљо Крчовалијата и на Михаил Попето. Според Ќосето: „Дедо Иљо бил ајдутин во минатото. Михаил Попето бил поставен од Делчев да му дава сугестии, да го опитоми“.[392] Освен тоа Ќосето дава интересни сведоштва за киднапирањето на Струмичкиот Назлам бег од страна на Делчев, во кое тој лично учествувал.[393]

Од друга страна, Ќосето известува дека за својата свирепост со писмо бил прекорен од Јане Снадански и дека тој му возвратил во смисла: „Надвор од границите на Македонија, не примам совети“.[394] Во споменитe на Ќосето има интересни информации за аферата Мис Стон во која лично учествувал. Тој по канал ги спровел двете жени до с. Градашорци – Струмичко, каде ги ослободил.[395]

Уште поинтересни се неговите сведоштва за средбата на Делчев со врховистичкиот војвода Софрониј Стојанов во близина с. Нивичино - Струмичко. Според Ќосето, Делчев го прашал Стојанов што бара во Македонија, а тој му одговорил дека пристигнал во Македонија со цел да го подготви населението за востание за извојување на слободата.[396] На ова Гоце подбивно го прашува дали знае што е слобода и дали ја носи во џеб за да може да ја даде така простум. За разлика од Делчев, Ќосето реагирал бурно, но сепак се воздржал пред авторитетот на Делчев, па се се задоволил со зборовите: „Ти што бараш во туѓа куќа“.[397]

Иако бил неук, Ќосето наполно ја разбирал политиката на ВМК и на Бугарија спрема Македонија. Тој во едно село, најверојатно поучен од Делчев, објаснувал во смисла: „врховистите ветуваат дека цела Бугарија ќе дошла на помош, но таа слобода, нема да

[390] Андон Късосето, Македония в пламъци..., 16.
[391] Исто.
[392] Исто, 21.
[393] Исто, 28.
[394] Исто.
[395] Исто, 42.
[396] Исто, 46.
[397] Исто.

можеме да ја дочуваме. Ќе можеме да ја сочуваме само таа слобода, што сами ќе ја извојуваме. Ние прво ќе бараме автономија, а потоа ќе ги бараме другите патишта."[398]

При една средба со Сарафов во Софија, барајќи од него пушки за Струмичко, Ќосето му се обратил со зборовите: „Тоа оружје, кое ти го имаш е Македонско оружје, оружје на Македонскиот народ, ти неможеш да го држиш тоа оружје кај себе".[399]

Есента 1902 година престојувал во Струмичко за да го попречи врховистичкото влијание во овој крај. Притоа поради еден инцидент во с. Бориево, предизвикал серија на афери и масовни потери од страна на власта по неговата чета. Притоа власта презела масовна репресија врз локалното селско население по целата Струмичка котлина.

За време на востанието заедно со Ѓорче Петров заминал за Прилепско, меѓутоа за овој период не дава многу информации. При крајот на спомените се осврнува на Рилскиот конгрес и на состојбите во Организацијата во тој период.[400] Меѓутоа со оглед на фактот дека политката за него била подалечна апстрактна работа, овие информации во споредба со другите не се од посебна вредност. По Рилскиот конгрес се оженил и станал легален. Интерсно на крајот од спомените, Ќосето дава свои видувања за Делчев, Чернопеев, за убиството на Сандански, за Докурчев и за Димко Могилчето.

31. Спомените на **Михаил Наумов Чеков**[401] се запишани во 1956 година, една година пред неговата смрт. Тие се објавени во книгата Илинденското - Преображенско востание под редакција на Јордан Анастасов, додека самите спомени М. Чеков му ги предал на Герасим Попов од Велинград, кој ги редактирал. Самиот факт што спомените ги напишал 50 - тина години по настаните и во длабока старост, не обврзуват претпазливо да пријдеме кон податоците и настаните во нив. Затоа не е ни чудно што спомените на Михаил Чеков повеќе личат на приказна, отколку на мемоари на еден револуционер. Неговите спомени не нудат информации кои би биле важни како извор за МРО, туку тој е насочен кон помалку битни факти. На пример, како учесник на Смилевскиот конгрес не дава податоци за текот на конгресот, туку зборува дека од Смилевчани добил појас за поклон и дека го обесил во

---

[398] Исто, 47.
[399] Исто, 78.
[400] Исто, 85.
[401] Член на МРО. Роден во 1873 година, во с. Екши Су, Лериснко. Учесник е на Смилевскиот конгрес. За време на Илинденското востание учествува во нападот на Невеска и во неколку акции во родното Екши Су. Умира во Велинград, Бугарија во 1957 година.

музејот во Велинград за спомен. Во спомените дава некави информации за убиството на Папанчев во село Баница, Леринско, но и тоа е многу несредено, иако и самиот е учесник во таа битка. Сепак, интересен е моментот што го опишува при неговиот престој во Атина. Имено, при престојот во некоја кафана во Атина тој вели: „На масата имаше и други лица - Грци, кога разбраа, дека сме Бугари, извикаа „Зито Вулгарија". Но јас им кажав, дека сум Бугарин, ама Македонец. И тие пак извикаа: „Зито Македонија."[402] Ова е интересен податок ако се има во предвид дека поголемиот дел од својот живот Михаил Чеков ги поминал во Велинград, но сепак не го напуштило чувството дека е Македонец.

32. **Лазар Мишев**[403] своите спомени во вид на писма му ги испратил на Јордан Анастасов, кој ги редактирал и ги објавил.

Првиот дел од спомените се однесуваат за причините зошто не востанал Тиквешкиот регион за време на Илинденското востание. Според него причините за тоа лежеле во недостатокот на оружје и неуспехот да се поврзат со некоја друга чета. Сепак, неговиот став во врска со востанието е содржан во следниве редови: „Овде не е момент, но подцртувам дека избрзаното фиксирање на датумот на востанието од организираниот за таа цел конгрес, кој по секоја веројатност ја познавал положбата во сите реони (на кој конгрес Тиквеш не беше преставен), бил многу несоодветен, а фаталните последици од тоа беа толку жални и погубни за понатамошниот развој на революционерното дело и пред сѐ за пропаста на востанието".[404]

Во второто писмо, Мишев не пишува за настани во кои тој учествувал, туку се задржува на некои истакнати дејци во Тиквешијата и практично дава податоци за нивните активности. Сепак, повеќе избегнува да пишува и го упатува Анастасов да се обрати кај другите дејци на Организацијата од Тиквешко, бидејќи поминало многу време од настаните и дека имало помлади членови на МРО кои можат да дадат поверодостојни информации. Од тука се добива впечаток, дека Л. Мишев не бил заинтересиран да пишува за настаните во Македонија.

[402] Илинденско-Преображенското въстание..., 265.

[403] Член на МРО во Тиквешкиот регион. Роден во 1881 г. во Кавадарци. Раководител на чета на МРО во Тиквешијата. За време на Илинденското востание предводи чета заедно со војводата Петар Југуков. Умира во 1951 година.

[404] Революционерните борби во Тиквешијата, книга 1..., 353.

33. Спомените на **Никола Петров Русински,**[405] според редакторите, се пишувани некаде пред 1929 година, врз основа на белешки кои Русински ги запишувал во својот дневник.

На тој начин, може да се каже дека спомените на Русински, од аспект на хронологијата, се прилично средени. Спомените на Русински се обемни и со содржајни информации. Истите се напишани со коректен стил и преставуваат значаен извор за МРО, особено за нејзиниот најбурен период, од 1893 до 1903 година. Русински, како раководител во МРО, имал контакти со најголемите авторитети во Организацијата, Гоце Делчев и Даме Груев. Како истакнат социјалист и соработник на Васил Главинов, спомените на Русински преставуваат и важен извор за социјалистичкото движење во Македонија во тој период, како и за односите на социјалистите со МРО. Тој како социјалист, многу често, покрај тоа што ја истакнува паролата за Автономна Македонија, во своите спомени, инсистира дека иднината на Македонија е во една широка Балканска федерација.

Русински, многу често го користи терминот Бугари за македонското население, но како што објаснуваат редакторите, авторот тој термин го употребува во религиозен контекст. Доказ за тоа се неговите чисто македонски идеи за целите на Организацијата и неговото именување на народот како македонски. Во еден дел од спомените, Русински ги објаснува целите на Организацијата и на својот соговорник му вели: „ние не сме разбојници, туку сме луѓе на една револуционерна организација за слободата на македонскиот народ“.[406]

Русински својата револуционерна дејност ја започнува во четите на Македонскиот комитет од Софија. Тој учествува во т.н. Мелничко востание, кое го нарекува вештачко востание, со организирани чети кои влегуваа однадвор.[407]

Во МРО се вклучил во 1897 година. Притоа заедно со Делчев прави неколку обиди за киднапирање заради откуп. Русински во спомените, особено се задржува на киднапирањето на Назлам бег во Струмичко, во кое самиот учествувал. Во врска со Виничката провала,

[405] Македонски социјалист и активист на МРО. Роден е во 1875 година, во село Русиново, Малешевско. Учесник е на Смилевскиот конгрес. Како раководител на чета на МРО, дејствувал најпрво во Демирхисарско - Крушевскиот регион, потоа во Охридко - Струшкиот, а за време на востанието бил раководител на чета во Битолско - Мариовскиот регион. Бил близок соработник на Гоце Делчев. Умира во Софија во 1942 година.

[406] Н. П.Русински, Спомени ..., 77.

[407] Исто, 50.

Русински смета дека била предизвикана од чета под покровителство на врховистичка струја.[408]

Н. П. Русински е истакнат социјалист, но е дециден кога се работи за неговата приврзаност кон МРО. За тоа најдобро сведочат неговите зборови: „За мене Организацијата е најсветото нешто“.[409] Н. П. Русински е особено близок со Васил Главинов и со Гоце Делчев, за кои вели дека му се најдобри другари. Ставот на социјалистите во врска со македонското прашање тој го правда и со апострофирање на весникот “Политичка слобода“ на чија предна страна стоела жена со развеано знаме на кое пишувало „Македонија на Македонците“.[410] Кога зборува за тиражот и критиките на весникот, Русински вели: „Се најдоа соработници, Македонци и Бугари од странство, (кои) ги фалеа изнесените лозунзи...“.[411] Своите македонски ставови, Русински ги потенцирал и при еден разговор во Тафталице - Скопско, кога од некои млади терористи на МРО бил обвинет дека е српски шпиун. Во врска со овој настан Русински пишува: „Драги пријателе, лошо ве излажале ... Веќе осум години работам за слободата на Македонија и ја разбирам нејзината слобода не под ропство на Србија, Бугарија, Грција, или која и да било друга завојувачка или под форма на протекторат... Ние можеме да работиме во Македонија, само како Македонци, револуционери, но не и како Бугари на Кнежевството Бугарија“.[412]

Како раководител на МРО во Демирхисарско - Крушевскиот регион, Русински пресретнал една српска чета  при што се обидел да ги разубеди нејзините активисти да се приклучат кон МРО. Во таа смисла Русински им одржал едно патриотско предвање велејќи им: „Јас работам за слободата на Македонија ... Јас ја сакам нејзината самостојност и неделливост, меѓу балканските држави кои спорат за неа“.[413]

Спомените на Н. П. Русински се неодминлив извор и за Смилевскиот конгрес во чија работа учествувал.[414] Интересни се и неговите ставови и погледи во однос на Б. Сарафов во кого немал доверба и се сомневал дека може да одигра провокаторска улога, слична на

---

[408] Исто, 75.
[409] Исто, 94.
[410] Исто, 96.
[411] Исто.
[412] Исто, 85.
[413] Исто, 69.
[414] Исто, 266.

полковникот Јанков во Костурско и Цончев во Горноџумајско. Според Русински, Сарафов бил второ издание на Врховизмот. Нему над се му било славољубието.[415]

За време на востанието соработува со Петар Ацев и Пере Тошев, а подоцна се среќава и со четата на Ѓорче Петров, со кого биле и Андон Ќосето и Лука Иванов.[416]

Веста за решението за демобилизација на четите ја добива од Сарафов. Кога Сарафов се обраќа пред повеќе луѓе и ги изнесува своите ставови за донесеното решение, Русински незадоволен од развојот на настаните, му вели на Сарафов: „Дотаму ли ја дотеравме господине Сарафов? Пролетта ветувавте дека Бугарија ќе води војна против Турција, за да ни помогне. Ние таква помош чекаме и до ден - денешен. Сега остануваме во полоша положба од порано".[417] Сарафов само ладнокрвно одговорил дека таква е дипломатијата.

Интересна е неговата изјава во врска со политиката на Европа: „Од никаде не се даде глас за заштита барем на невините старци, жени и деца. Утре „хуманата" лицемерна Европа, ќе дојде да чепка во отворените рани и со цената на нејзината помош ќе сака да не остави во вечно ропство".[418]

Во основа спомените на Н. П. Русински нудат богат и рановиден материјал за истражување и анализа не само за историјата на МРО, туку и во еден поширок контекст во смисла на влијанието и учеството на социјалистите во македонското револуционерно движење и нивниот став кон македонското прашање.

34. **Димитар Влахов**[419] своите мемоари за револуционерната дејност ги запишал во 1952 година, кратко време пред неговата смрт. Мемоарите на Д. Влахов се прилично обемни. Тие се особено интересен извор за историјата на МРО за периодот од Илинденското востание до почетокот на Првата Светска војна. Инаку Влахов по убедување е Социјалист. Тоа е забележливо и во неговите спомени. Овде го третираме оној дел од спомените на Влахов што се однесува на периодот до Балканските војни.

---

[415] Исто, 269.
[416] Исто, 299.
[417] Исто, 307.
[418] Исто, 311.
[419] Македонски социјалист и револуционер. Роден е во 1878 година во Кукуш. По завршувањето на востанието во 1904 година, за кратко бил член на Ц. К. на ТМОРО. Најголемиот негов ангажман во револуционерното движење во Македонија е практично по Младотурската револуција кога е избран за пратеник од НФП во Османскиот парламнет. По Балканските војни е член на ВМРО - Автономистичка, а потоа и на ВМРО - Обединета. По Втората Светска војна се враќа во Македонија и е член на президиумот на АСНОМ. Умира во Белград во 1953 година.

Д. Влахов во МРО се приклучува во есента, 1903 година, кога бил поканет да стане член на ЦК на ТМОРО. Во своите мемоари дава податок дека во тој период, во ЦК во Солун, освен Д. Влахов влегувале: „Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев, Борис Мончев, Александар Димитраков и Иван Сапунаров“.[420] Според него по востанието, комуникацијата меѓу ЦК и окрузите била отежната, освен со Битолскиот. Влахов вели дека за повеќето работи, ЦК на ТМОРО се консултирала со Груев, бидејќи како што вели: „по смртта на Делчев, Даме беше прв човек на Организацијата“.[421]

За периодот од 1904 - 1908 година, Влахов не дава значајни информации, бидејќи во тоа време бил во затвор, а потоа во Западна Европа. Тој се вратил во Македонија по објавувањето на Младотурската револуција. Неговите спомени за тоа време изобилуват со многу информации, меѓутоа тие се однесуваат на состојбата во Македонија и неговата активност во Османлискиот парламент. Од друга страна, ако имаме превид дека во тоа време двете групации од македонското револуционерно движење, привремено се трансформираат во легални политички партиии, тогаш неговите спомени повторно стануват небитни за нашата тема.

Овде трбеа да се потенцира дека од тој период во неговите спомени интересен е моментот кога зборува за учеството на македонските војводи: Јане Сандански, Христо Чернопеев, Тодор Паница, Чудомир Кантарџиев,[422] во задушувањето на султанската контрареволуција во Истанбул. Меѓутоа заради историската коректност сепак треба да се потенцира дека тие во акцијата учествуваа од името на НФП, а не од името на револуционерната организација.

Ги споменува Балканските војни, но во контекст на експанзионистичката политиката на Балканските држави и негативниот став на социјалистите за овие војни. Бидејќи не пишува ништо за учеството на Македонците во овие војни, овој дел од спомените, не се интересни за анализа во нашата теза.

---

[420] Димитар Влахов, Мемоари..., 69.
[421] Исто, 70.
[422] Исто, 107

35. Записките на **Ташко Арсов**[423] се спомени на авторот запишувани како белешки во вид на дневник. Според Т. Арсов, тој своите белешки започнал да ги пишува на Божиќ, 1943 година. Сепак, за да бидат коректни, ги редактирал и објавил со свој предговор Х. А. Полјански во 1983 година. Според редакторот: своите „Записки" Т. Арсов ги пишувал сам, на својот мајчин јазик, со што тие претставуваат своевидна оригиналност, автентичност и веродостојност.[424]

Иако на некои места, своите спомени ги оптеретува со небитни податоци, како на пример што јаделе во секое село кое го посетувале, сепак, како локален четник во Охридскиот регион и учесник во Илинденското востание, неговите спомени преставуваат важен извор за Охридскиот и Демирхисарскиот регион, во периодот пред и за време на востанието, како и за краток период по завршувањето на востанието. Заради постојаното движење со чета и во другите региони во Македонија, во своите спомени Т. Арсов дава податоци и за состојбите во: Кичевско, Крушевско, Прилепско, Велешко итн. Сепак мора да напоменеме, дека заради големата временска разлика од самите настани запипшани во спомените, многу често Т. Арсов греши во хронологијата.

Тој во своите записки дава податоци за движењето на четите на Дејан Димитров и Смиле Војданов во Охридскиот регион; за активноста на главниот раководител за тој регион - Христо Узунов; за Арбинската афера (1903); за Смилевскиот конгрес (1903) во чија работа учествувал; за борбите за време на Илинденското востание; за атмосферата по востанието и организацијата на канали за повлекување во Бугарија и улогата на Даме груев и Ѓорѓи Сугарев; за обидот на раководителити на МРО за подигање на моралот на населението по востанисто; за загинувањето на главниот ревизор на четите во Охридско - војводата Христо Узунов; за состојбата по востанието во Крушевскиот и Демирхисарскиот регион каде што бил секретар и раководител.

Освен за настаните во кои учествувал, во своите записки Т. Арсов посветува внимание и на неговата соработка со видните раководители на МРО, како што се: Д. Груев, Христо Узунов, Н. П. Русински, Ѓорѓи Сугарев, Петар Јуруков, Георги Поп Христов и други.

---

[423] Активист на МРО во Охридскиот регион. Роден е во 1879 година во Охрид. Во редовите на МРО се приклучува во 1900 г., најпрво во четата на Тале Горанов, а подоцна како секретар во четите на Дејан Димиторв, Смиле Војданов и Никола Петров Русински. Учесник е на Смилевскиот конгрес и во Илинденското востание, а по востанието влегува во четата на демирхисарскиот војвода Алексо Стефанов. Раководител е во Крушевскиот регион, а подоцна е назначен за раководител вна Горен Демир Хисар. Во 1907 година емигрирал во Канада, а во 1908 г.се враќа во Охрид. Револуционерната дејност ја завршил во 1912 г. Починал во 1950 г. во Охрид.
[424] Т. Арсов, Записки..., 141.

На почетокот на своите спомени, Т. Арсов дава податоци за четата на Дејан Димитров и нејзината активност во Охридските села. Според Т. Арсов, на 18 април, 1903 година, добиле писмо од Охридското началство дека ќе се одржи конгрес во Смилево, на кој се поканети Дејан Димитров и секретарот на четата Т. Арсов да учествуваат.[425] Притоа додава дека на 23 април, 1903 година, на Ѓурговден, се одржал Смилевскиот конгрес, при што прави очигледна грешка во хронологијата, бидејќи во официјалните протоколи од самиот конгрес кои се дадени во „Дневникот" на В. Чекаларов е запишано дека конгресот започнал со работа на 19 април.[426] Ташко Арсов за овој конгрес истакнува дека: „ конгресот реши да се дигне општо востание против турската власт во Битолскиот вилает за ослободување на Македонија со автономно управување и гаранција на Големите сили, како што е и островот Крит".[427]

Според Т. Арсов, по наредба на Организацијата, кон крајот на мај 1903 година, Христо Узунов, раководењето со четата му ја предал на Смиле Војданов,[428] при што Т. Арсов останал како секретар во четата. За време на востанието, четата на Смиле Војданов го нападнала мудурлукот во село Издеглавје[429] и имала повеќе битки со турскиот аскер по охридксите села.

Во своите спомени, Т. Арсов дава интересен податок за активноста на Даме Груев и Ѓорѓи Сугарев по завршувањето на востанието и нивните заложби да се заштитат или одведат на сигурно место учесниците во Илинденското востание. За таа цел и Охридкиот регион бил посетен од Даме Груев и Ѓорѓи Сугарев.[430] Притоа, Х. Узунов, Д. Груев, Ѓ. Сугарев и ѓаконот Евстатиј, ги викале еден по еден четниците и ги прашувале дали сакаат да се засолнат во Бугарија или да се предадат на Австрискиот конзул во Битола и да бидат амнестирани.[431] Т. Арсов решил да се повлече во Бугарија, а Х. Узунов му наредил да ги следат трагите на Славејко Арсов.[432] Притоа во своите спомени Т. Арсов опширно го опишува нивното повлекување кон Бугарија по каналите на Организацијата, при што го споменува и каналот на Атанас Нивички.[433]

---

[425] Исто, 29.
[426] В. Чекаларов, Дневник..., 220.
[427] Т. Арсов, Записки..., 29.
[428] Исто, 28.
[429] Исто, 30.
[430] Исто, 38.
[431] Исто.
[432] Исто, 39.
[433] Исто, 50.

Во ноември 1904 година, Т. Арсов се враќа во Македонија и поминувајќи низ повеќето региони дава интересни податоци за состојбата по востанието по месните комитети и актуелните раководители. Неговите спомени преставуваат драгоцен извор за овој период особено за Демирхисарскиот регион, во кој Т. Арсов бил распореден како секретар во четата на Алексо Стефанов.[434] Притоа известува дека четата освен што вршела вооружени акции, таа решавала и судски спорови меѓу населението. На 3 април 1905 година се сретнуваат со Христо Узунов, кој според Т. Арсов бил во улога на ревизор на градските началства,[435] кој после неколку дена, паѓа во заседа и се самоубива со својата чета во селото Цер, Демирхисарско.[436] Во оваа битка, загинал и крушевскиот реонски раководител, Ванчо Србак, а по наредба на окружниот комитет, неговото место го заземал Ташко Арсов.[437]

Во август, 1905 година во Демирхисарско пристигнува Георги Поп Христов во функција на ревизор, заедно со Тодор Златков и Павел Христов, притоа го известуваат Т. Арсов дека е прераспределен за раководител на чета во горни Демир - Хисар, од с. Цер до Бабино - Доленци, 16 села.[438] За состојбите во овој регион, Т. Арсов дава неколку информации, но тука ги завршува спомените, кои според редакторот најверојатно се недовршени.

36. Спомените на **Кирил Прличев,**[439] според авторот на предговорот, се запишани многу бргу по самите настани, но не е наведено која година е тоа. Кога се анализизираат овие спомени сосема очгиледно е големата измешаност на настаните од хронолошки аспект во почетниот дел од спомените. Оттука тие треба да се користат внимателно и претпазливо.

Во спомените на К. Прличев главниот акцент е ставен на настаните по Илинденскиот период и периодот по Балканските војни, додека за периодот кој што е предмет на нашиот интерес, податоците се оскудни. Притоа треба да се има предвид дека Прличев во Постилиндеснкиот период бил доста активен во бугарската држава, како претседател на

---

[434] Исто, 66.
[435] Исто, 73.
[436] Исто, 76-78.
[437] Исто, 79
[438] Исто, 83-84.
[439] Истакнат деец на МРО во Воденско. Син на македонски преродбеник Григор Прличев. Роден е во 1875 г. во Охрид. Во македонското движење прв пат се вклучил преку Македонскиот комитет со учество во т.н. Мелничко востание во 1895 година. Подоцна влегува во редовите на МРО. Во 1901 година станува член на ЦК на МРО во Солун. Во 1902 година е секретар на Задграничното преставништво. За време на Илинденското востание се движи во четата на Христо Чернопеев. Умира во Охрид во 1944 година.

Благотворителното друштво во Софија, а подоцна и во Сојузот на бугарските конституциони клубови. Како и да е, како директен учесник во активностите на МРО во предилинденскиот период и после него, спомените на Прличев се важен извор за историјата на МРО.

Во почетокот на спомените, К. Прличев го опишува својот ангажман во Македонскиот Комитет при подготовката на т.н. Мелничко востание во 1895 година. Самиот Прличев бил во четата на Дедо Стојо, која го нападнала селото Доспат. Кога раскажува за овој настан, Прличев малку е нереален и за разлика од сите други, кои по преземената акција ја сфатиле позадината на бугарскиот кнез Фердинанд, тој е уверен дека: „Сето тоа се превземаше за Македонија, за нејзиното ослободување! Гаранција беше самопожртвуваноста на толку идеалисти, а над сите стоеше личноста на раководителот на движењето – Трајко Китанчев“.[440]

Во спомените Прличев раскажува дека во МРО бил посветен од страна на Дамјан Груев и Гоце Делчев во Солун.[441] Во почетниот дел од спомените особено интересни се неговите информации за почетниот период на Организацијата во Воден, каде што тој бил учител и раководител.[442]

Во 1897 година заминал за Охрид, каде бил притворен во врска со убиството на Димитрија Грдан, носител на србизмот во овој крај. По враќањето во Воден, Прличев во своите спомени раскажува за неуспешните обидите на Андон Златарев за отворање на бомболеарница во с. Саракиново.[443]

Информациите што ги дава Прличев во спомените за периодот од 1897 - 1902 година се многу несредени и измешани. За да се извлече некаква корисна информација од нив потребна е огромна внимателност. Сепак тој зборува за средба со Делчев во Прилеп, кога бил на пропатување кон Југозападна Македонија, но и за средба со него во Воденско во почетокот на 1902 г. кога Делчев се враќал од големата обиколка.[444]

Решението за востание го дознал во Софија. К. Прличев за ова пишува: „Бев во Софија, кога во Задграничното преставништво пристигна известување, дека на последниот јануарски конгрес (1903) се донело решение за дигање востание тоа лето“.[445] Во Македонија навлегол со една поголема чета, која била составена од околу 200 четници од Воденското, Тиквешкото,

[440] 36 години във ВМРО, Спомени на Кирил Пърличев..., 7.
[441] Исто, 9.
[442] Исто, 12-20.
[443] Исто, 28.
[444] Исто, 30.
[445] Исто, 53.

Радовишкото, Струмичкото и Велешкото одделение – сите под главна команда на Христо Чернопеев.[446] Целта на оваа чета била да им помогне на востаниците во Воденско, но по каналот за поминување, во Кочанско налетале на многуброен турски аскер, при што четата била разбиена и загинале повеќе од 60 четници.[447] По оваа битка, Кирил Прличев, заедно со две помали групи од дваесетина четници, се вратиле назад во Софија.

Постилиндеснкиот период К. Прличев во своите спомени, го опишува како доста напнат, во кој се издвоиле неколку фракции предводени од Сарафов, Матов, Герџиков итн. Прличев го спомнува и Прилепскиот конгрес во 1904 година, на кој што не учествува[448] и појавата на двете спротиставени концепции за идното устројство на Организацијата, при што вели: „Познато е, дека мајскиот конгрес во Битолско изработил два проект – правилници – едниот на Пере Тошев, а другиот – на Груев.[449] Според К. Прличев, повеќето делегати го поддржале Пере Тошев и неговите заложби за децентрализацијата на Организацијата, а Ѓорче Петров го обвинил Груев за шмекерство !,[450]додека против биле и Анастас Лозанчев и Лука Ѓеров, поради лични несогласувања со Груев. Тука Прличев прави грешка, бидејќи според Ѓорче Петров, Павел Христов и разболениот Анастас Лозанчев не учествувале на конгресот, бидејќи сметале дека собирот е насочен против нив.[451]

На крајот од спомените за постилинденскиот период, нафрла неколку податоци за Младотурската револуција и разочарувањето кај дејците на МРО од истата. За Балканските војни не спомнува ништо, туку продолжува со раскажување за периодот пред Првата Светска Војна, но настаните од тој период, не се во опсегот на нашава тема.

37. **Ѓорѓи Баждаров**[452] спомените ги запишал сам. Истите не се датирани, но со оглед на факто што тој е убиен во 1929 година, а спомените не се довршени, може да се претпостави дека се пишувани во таа година.

---

[446] Исто, 54.
[447] Исто, 60.
[448] Исто, 71.
[449] Исто, 78.
[450] Исто.
[451] Ѓ. Петров, Спомени, Кореслоденција..., 211.
[452] Македонски революционер. Роден е во село Горно Броди, Серско во 1881 година. Секретар во четата на Дедо Иљо Крчовалијата во Серско. За време на Илинденсото востание се наоѓа во Серско. Приврзаник на ВМРО на Александар Протогеров. Во септември 1929 година е убиен во Варна од страна на терорист на Ванчо Михајлов.

Спомените на Баждаров не претставуват единствена целина, бидејќи во нив има прв и трет дел, а вториот дел за период од 1903 - 1918 година, недостасува. Баждаров нагласува дека овој период го прескокнува, но со забелешка, дека ќе го запише дополнително, ако преживее. Најверојатно бил свесен за опасноста од В. Михајлов и затоа брзал да го опише периодот од 1918-1929 година, период во кој се случуваат масовни убиства помеѓу двете фракции на ВМРО. Самиот факт што е пропуштен периодот од 1903-1913 година, ги прави неговите спомени малку корисни за истражувачите на овој период од историјата на МРО.

Ако ја прифатиме претопставката дека спомените се пишувани во 1929 година, тогаш за периодот кој го обработувамаме во овој труд, треба да се внимава на фактите, бидејќи се презентирани скоро триесетина години по настаните. Сепак Баждаров, во своите спомени во предилинденскиот период ги бележи средбите со Делчев, Сандански, Дедо Ињо и други истакнати дејци на МРО. Неговите спомени честопати се оптеретени со не толку значајни настани, емоции, лични поплаки и сл. Освен тоа, самиот на неколку места кога зборува за некои настани вели „ако не ме изневерила паметта.“ Очигледно е дека дури самиот се сомнева во прецизноста на она што го пишува, посебно во хронологијата. Сепак, во неговите спомени има и интересни и значајни информации.

На почетокот во спомените, Бажадаров зборува за состојбите во Солун. Така, тој истакнува дека во Солун постоеле две Организации (се мисли на ЦК на МРО и на Револуционерното братството), а тој случајно и без да знае дека помеѓу двете организации постои конфликт потпаднал под влијание на Братството. Притоа додава дека ЦК бил многу посилен.[453]

Понатаму, Баждаров дава интересни информации за местото и улогата на комитетот на МРО во с. Крушово (Демирхисарско), кој всушност имал улога на Околиски комитет за Демирхисарско, бидејќи во самиот Демирхисар, поради доминантното турско население, не постоеле услови за опстојување на комитет.[454]

Во продолжение зборува за Солунската провала и доаѓањето на Иван Гарванов на чело на Организацијата. Потоа за борбата во Серско помеѓу врховистичките чети на Кочо

[453] Г. Баждаров, Моите Спомени..., 19-20.
[454] Исто, 26.

Мустракот и Дончо Златков и ликвидирањето на Мустракот од Неврокопската чета на МРО под водство на Атанас Тешовалијата.[455]

Набрзо потоа, Баждаров поминал во илегала, приклучувајќи се кон четата на Дедо Иљо Крчовалијата. Баждаров зборува и за една средба со Делчев во Софија во хотелот Батенберг, каде Делчев држел „една скромна соба".[456] Во тој контекст зборува и за заострените односи помеѓу ЦК на МРО и ВМК на Цончев – Михајловски. Освен тоа, Баждаров пишува дека Дедо Иљо пред да стапи во Организацијата бил познат ајдук, но Г. Делчев го вкалапил во нормите на МРО. Во врска со тоа, Баждаров вели: „Големиот и духовен апостол на македонската революција го тргна стариот комита од лагерот и од него направи народен работник".[457]

Понатаму, Баждаров дава интересни информации во врска со прашањето за востание во 1903 година. Спорд него, кога била добиена оваа вест, Сандански и Делчев се договориле дека во Серско поради недостаток на оружје, не може да се крене масовно востание, туку може да се преземат неколку атентати. Набргу по овој состанок, Гоце успеал да го дигне во воздух железниот мост на реката Ангиста,[458] а потоа заминал во Солун да се сретне со Даме Груев. Освен тоа, Баждаров зборува дека на 21 април 1903 година бил во близина на с. Баница и дека кога слушнале пукотници заминале на помош во правец на селото, но кога стасале таму, селото веќе било запалено. По два дена дознал дека во битката кај Баница загинал Гоце Делчев.[459] Во врска со тоа, Баждаров емотивно раскажува: „Сите останавме вкочанети од тага и неизвесност, која не обвиваше од загинувањето на еден голем авторитет на Организацијата во Македонија и најголем авторитет во нашиот Округ".[460]

При крајот на првиот дел од спомените, Баждаров изнесува информации за подготовките за востанието во Серско, но понатаму не дава никакви информации за текот на самото востание.

38. Спомените на **Христо Поп Антов**[461] не изобилуваат со особени информации за историјата на МРО. Христо Поп Антов во своите спомени, само паушално споменува некои

---

[455] Исто, 31.
[456] Исто, 33.
[457] Исто, 41.
[458] Исто, 61.
[459] Исто, 62.
[460] Исто.
[461] Активист на МРО. Роден во село Ваташа, Кавадаречко. Брат е на раководителот на МРО во Тиквешко, Тодор Поп Антов. Учесник во Тиквешкото востание.

од раководителите на МРО, кои поминувале низ Тиквешкиот регион. Тој не раскажува свои впечатоци, туку прераскажува познати настани, најверојатно под влијание на веќе претходно објавените спомени и литература. Сепак може да се издвои неговата информацја дека Даме Груев во 1894 година ги поставил темелите на Организаицјата во Тиквешкиот регион[462] и неговиот краток опис на Солунската афера и последиците од неа во Тиквешкиот регион. На крајот пишува за Тиквешкото востание, но спомените му се недовршени.

39. Спомените на **Тодор Камчев**[463] исто така не содржат многу корисниии информации. Тие се оптеретени со имиња на револуционери кои работеле во Тиквешко, при што податоците се само нафрлени без соодветни појаснувања. И тој како и другите го потврдува фактот дека првиот комитет во Кавадарци бил основан од Даме Груев во 1894 година. Можеби поинтересно во неговите спомени е тенденцијата премолчано да ги обвини браќата Поп Антови за проневерата на пари. Во таа смсисла вели: „Некои од кавадаречките чорбаџии сметаа дека парите не се украдени, туку злоупотребени".[464] Според него најистакнат војвода во Тиквешијата бил Петар Јуруков, а по востанието Добри Даскалов и Пешо Самарџиев. Притоа спомнува повеќе афери што се случуваат во овј регион во 1905 година. Сепак, поинтересен е податок за околискиот конгрес во Тиквешко, кој се одржал на Ѓурѓовден, 1905 година.

На крајот од спомените, кога пишува за Младотурската револуција, цитира една интересна изјава на рускиот преставник во Македонија, Сурин, која гласи: „Македонија ќе беше целосна и слободна..., ќе дојдеше ден да го смениме Хилми - паша со некој Европеец, христијанин и ете ти слободна Македонија. Но Младотурците со Уриетот го спречија тоа."[465]

40. **Петар Ацев**[466] своите спомени ги запишал во 1938 година, додека престојувал во Александриската болница, кратко време пред својата смрт. Иако е истакнат раководител и

---

462 Револуционерните борби во Тиквешијата, книга 1..., 132.

463 Активист на МРО Роден е во 1880 година во Неготино. Учесник и организатор на Тиквешкото востание.

464 Револуционерните борби во Тиквешијата, книга 1..., 167.

465 Исто, 175.

466 Роден е во 1877 година, во село Ореовец, Прилепско. Раководител на МРО во Прилепско. Учесник на Смилевскиот Конгрес, како делегат од Прилепско, каде заедно со Лазар Поп Трајков и Георги Поп Христов е избран за резервен член на главниот востанички штаб. Учесник е во Балканските војни и во Првата Светска војна. Починал во Пловдив, Република Бугарија, во 1939 година.

војвода на МРО, сепак неговите спомени се многу кракти и се однесуваат само на средбата на П. Ацев со Тиквешкиот војвода Петар Јуруков, кој бил испратен од ЦК да го замени убиениот Марко Леринскиот. Тој го опишува движењето на двете чети во 1902 година, во обид да се помине Прилепскиот регион и четата на Јуруков да замине за Леринско.

41. Спомените на **Иван Љомчев**[467] претежно се однесуват на неговата учителска дејност и истите се оптеретени со неговиот престој во турските затвори. Што се однесува за МРО, Љомчев ги споменува во своите спомени: Јуруков, Добри Даскалов, Лазар Мишев, Александар Станоев и други истакнати членови на Органидзаицјата, но не дава никакви податоци за нивите активности во регионот.

42. **Михаил Шоклев**[468] ги запишал своите спомени во 1937 година. Спомените на Шоклев се многу кратки и практично се однесуваат само на едно навлегување на четата на Петар Јуруков од Ќустендил во Тиквешко, преку Малешевијата. Притоа опишува неколку битки кои ги имале со турскиот аскер.

43. **Душо Желев**[469] своите спомени ги запишал по Втората Светска војна, поточно во 1946 година во Софија. Тој самиот вели дека во своите спомени нафрла само голи факти. Сепак и како такви, тие содржат некои интересни податоци за состојбата во Тиквешко во 1905 година. Во овој период, Д. Желев се движел со здружените чети на Јуруков, Даскалов и Самарџиев со намера да го поткрепат духот на населението по неуспешното востание. Тој го бележи и доаѓањето на Стефан Димитров за војвода во Велешко. Притоа спомнува дека едно време со неговата чета се движел и Ѓорче Петров со намера да се префрли во Битолско каде требало да се одржи Окружен конгрес.[470] Покрај тоа накратко се задржува на Прилепскиот подвижен конгрес, каде од Тиквешко, како делегати учествувале Добри Даскалов и Пешо Самарџиев.[471] Во ноември 1904 година со четата на П. Јуруков заминал за Бугарија со што завршуват неговите спомени.

---

[467] Активист на МРО. Учител во Кавадарци и легален член на МРО во Тиквешијата.
[468] Активист на МРО. Секретар во четата на Петар Јуруков и негов близок соработник.
[469] Член на МРО во Тиквешкиот регион.
[470] Револуционерните борби во Тиквешијата, книга 1..., 407.
[471] Исто, 439.

44. Спомените на **Коста Тодоров**[472] се сосема кратки. Во нив зборува за своето запознавање со војводата Самарџиев во Софија и своето заминување со него во Македонија.

45. **Тодор Поп Антов**[473] своите спомени ги запишал во 1950 година. Според редакторот, Зоран Тодоровски, ситуацијата во Бугарија во периодот кога се пишувани спомените била главен виновник што Поп Антов во своите спомени претерува со наметнување на бугарскиот карактер, врз целокупната револуционерна борба во Тиквешијата и во Македонија. Меѓутоа, ако внимателно се анализираат спомените, ќе се забележи дека многу често, Поп Антов го истакнува македонскиот карактер на Револуционерната Организација.

Нашиот впечаток е дека поголем проблем претставува стилот на Тодор Поп Антов, бидејќи неговите спомени се опширни, но тие се натрупани со непотребни информации, кои само го зголемуваат општиот впечаток за квалитетот на спомените. Така на пример Т. П. Антов кога раскажува за еден состанок во Прилеп во 1898 година, на кој зборувал Груев, вели дека биле донесени решенија, но не кажува какви и во врска со што. Понатаму тој вели дека Груев прифатил да преспие во неговата куќа, при што разврзале меѓусебен разговор. Но Поп Антов не зборува за содржинта на разговорот, туку дека неговиот помал брат не можел да спие цела ноќ и слушал што зборувале, поради што следното утро не можел да се разбуди за на училиште.[474] Додека кога зборува за Кадинската афера и загинувањето на Методија Патчев, настанот го опишува од аспект на неправедното затворањето на неговиот брат, како последица на аферата.

Независно од непотребните пикантерии, спомените на Тодор Поп Антов содржат драгоцени информации за историјата на МРО, не само во Тиквешко, туку и пошироко на ниво на Македонија. Тодор Поп Антов дава податоци за основањето на првиот комитет во Тиквешко во летото 1894 година од страна на Даме Груев во тој регион. Притоа ги наведува и

[472] Член на МРО во Тиквешкиот регион.

[473] Раководител на МРО во Тиквешкиот регион. Учесник е на Рилскиот конгрес, каде бил избран за член на ЦК. Роден е во 1876 г. во Ваташа, Кавадаречко. Учесник е во Балканските и во Првата Светска војна. По војните емигрирал во Бугарија. Умира во Пловдив, во 1954 година.

[474] Т. П. Антов, Спомени..., 67.

првите членови на Организацијата.[475] Понатаму тој зборува за начинот на именување на учители од страна на Егзархијата под притисок на Организацијата.[476]

Во 1901 година Т. П. Антов станал учител во Пехчево. Кога зборува за овој период во спомените тој изнесува значајни информации за проблемите со врховистичките чети во Малешевско. Според него: „Овие туѓински чети со нивното влегување внатре, на земјата и нанесуваа само штета, зашто не им служеа на интересите на Внатрешната организација, туку на оние што ги облекуваа и вооружуваа. А тоа беше инспираторот на бугарската надворешна политика – Дворецот“.[477] Додека пак за Горноџумајското востание вели дека тоа било бесмислена врховистичка акција на која: „Намерно и го дадоа големото име - востание, за Турците, па и големите сили, да бидат почуствителни спрема некои барања на Бугарија“.[478]

Т. П. Антов, како и повеќемина други смета дека Тиквешкиот регион не бил обезбеден со доволно оружје за да земе учество во востанието. Мошне интересни се податоците што ги дава Т. П. Антов за состојбите во Серско по востанието. Тој се задржува на конгресот во Мелничко од 1905 година на кој биле избрани делегати за окружниот серски конгрес.[479] Понатаму зборува за Серскиот окружен конгрес од 29 јули 1905 година на кој самиот тој бил избран за претседател, а Илија Балтов за секретар. Притоа зборува за текот на конгресот, за составот на делегатите и распределбата на војводите по региони.

На Рилскиот конгрес, Т. П. Антов бил избран за член на ЦК на ВМОРО. Во врска со овој Конгрес, Т. П. Антов се задржува на тензиите во врска со прашањето за демократизација на Организацијата. Додека за т.н. Ќустендилскиот конгрес (советување) од 1908 годна, информира дека не присуствувале делагати од Серскиот округ поради убиството на Сарафов и Гарванов, а делагатите од Струмичкиот округ не присуствувале во знак на протест поради затворањето на Х. Чернопеев. Заради неприсуството на овие делегати, овој собир неможе да се окфалификува како кнгрес.

Особено интересен е ставот на Т. П. Антов за Македонците кои ја напуштиле Македонија и се населиле во Бугарија, од каде потоа настојувале да се мешаат во македонските работи. Во врска со тоа Т. П. Антов пишува: „Таквите Македонци, кои ги прекинале врските со внатрешноста и не знаат каква е ситуацијата таму и какви се потребите

[475] Исто, 41.
[476] Исто, 70.
[477] Исто, 78.
[478] Исто, 79.
[479] Исто, 107.

на Револуционерната организација - можат ли, велам, таквите Македонци да бидат корисни и дали како делегати достојно ќе ја завршат својата задача? НЕ И САМО НЕ!“[480]

Кога раскажува за Младотурската револуција вели дека Организацијата имала можност за соработка, но таа соработка би требало да биде фиктивна, бидејќи програмите на двете организации биле спротивни. Додека Младотурците се залагале за демократизациија на државата без промена на постојните граници, целта на МРО била: „отцепување на Македонија во нејзините географски граници и нејзино издигнување во Македонска држава“.[481] Интересен е неговиот реален став за Младотурците и за позадината на револуцијата кога вели: „На тој начин Младотурците имаа цел да се спречи европската мисија за воведување реформи и евентуално давање автономија на Македонија. Сеништето на европската контрола многу ги плашеше турските патриоти и тие решија да ја играат благородната улога - спасување на државата од распаѓање“.[482]

При крајот од своите спомени, Т. П. Антов раскажува за неговото учество во Балканските војни во македонските доброволни единици т.н. “Македонско Ополчение“ и фрустрацијата од крајниот резултат за Македонија од војните. Чувствата на изманипулираните Македонците, а осебно на Ополчениците, Поп Антов пишува: „Но имаше друго, што навеваше тага во душата на Македонецот – доброволец. Тоа беше содржината на тајниот договор помеѓу Бугарија и Србија во врска со судбината на Македонија ... На Македонецот – доброволец му беше тажно да помисли дека неговата татковина, за која беа дадени неброени жртви во епските револуционерни борби за да се реализира идеалот за слобода на целокупната Македонија во нејзините географски граници, сега, со Балканскта војна, таа се кине на делови кои како плен им се даваат на балканските сојузници“.[483]

Спомените на Поп Антов продолжуваат со податоци од Првата Светска војна, меѓутоа тој период не е во доменот на овој труд.

---

480 Исто, 147.
481 Исто, 151-152.
482 Исто, 154.
483 Исто, 179.

46. **Спомените на Андон (Антон) Димитров**[484] не се датирани кога за запишани. Ако се земе предвид, дека А. Димитров во спомените опфаќаат еден подолг период се до 1923 година, тогаш евидентно е дека тие се напишани по оваа година, или некаде до триесетите години. Од спомените на А. Димитров во нашата тема се вклопува само делот на зачетоците на МРО. Но со оглед на фактот дека тој е еден од основачите на МРО, овој дел од неговите спомени не задолжува да ги вреднуваме како важен и неодминлив извор.

Неговите спомени се обемни, но исполнети со многу несуштински прашања за самата Организација. Ова го потенцирам затоа што е јасно и од самите спомени дека А. Димитров, освен што учествувал на основачкиот состанок на МРО и што зел учество на Првиот конгрес на Организацијата во Солун во 1896 година, не пројавил некоја особена активност. Впрочем и другите извори не го потврдуват неговиот натамошен ангажман во развојот на Организацијата. Настаните кои ги опишува А. Димитров, со исклучок на создавањето на МРО, повеќе наликуваат на приказни и самовеличење, отколку на информации вредни за посериозно истражување на историја на МРО. Освен на почетокот кога ги наведува основачите на МРО, во подоцнежниот тек, не дава никакви суштински информации.

Кога се анализираат неговите спомени треба да се има предвид, дека А. Димитров во 1908 година зема активно учество во Бугарските конституциони клубови, а подоцна работел во неколку бугарски министерства. Ако се има во предвид дека мемоарите ги пишувал после овие ангажмани, постои реална можност Димитров да пишува субјективно и пристрасно од аспект на домицилната држава каде градел кариера.

Интересно е да се спомене дека исто како и другите основачи, кога пишува за девизата на Организацијата, Андон Димитров вели: „Истата 1893 г. пред октомври ги поставивме основите на ВМР Организацијата со девизите „Автономна Македонија“ и „Македонија за Македонците“.[485] Секако овде ќе забележиме дека додавката “внатрешна“ не е компатибилна за периодот за кој зборува, но тоа е заеднички проблем скоро на сета мемоарска литература.

Освен што пишува за чинот на формирањето, А. Димитров дава кратки информации и за Солунскиот конгрес од 1896 година. Во врска со тоа вели: „се донесе решение да се предупредат раководителите на ВМК да не се мешаат во внатрешните работи на Македонија

[484] Еден од основоположниците на МРО и член на Ц. К.. Роден во 1867 година, во село Ајватово, Солунско. По основањето на МРО, а особено по Солунскиот конгрес (1896), неговата активност постепено спласнува. Умира во 1933 година во Софија.
[485] ВМОРО, През погледа на ненийте основатели, Спомени на Антон Димитров..., 141.

и да не пакостат на делото со своите четнички акции".[486] Понатаму истакнува дека проегзархиската групација во Солун под водство на Иван Гарванов формирале контра - комитет во Солун под името Револуционерно братство. Во врска со Братството А. Димитров пишува: „Со тој комитет се стави расколот во македонското ослободително движење".[487] Од друга страна, А. Димитров упатува остри зборови на адреса на ВМК. Во тој контекст пишува: „ќе забележам, дека истовремено кога се ставија основите на Внатрешната револуционерна организација во Солун, во Софија од Македонците се создаде еден Врховен комитет, кој што си беше поставил за цел да работи од таму за присоединување на Македонија кон Бугарија".[488]

Останатите информации од спомените на А. Димитров се штури и беззначајни за историјата на МРО. А. Димитров во своите спомени се осврнува и на Балканските војни, но не е директен учесник во нив и не дава важни податоци кои би можеле да се исползуваат во нашата теза.

47. Спомените на **Аргир Наков Манасиев,**[489] ги запишал Бојан Мирчев, на почетокот на 1932 година, неколку месеци пред смртта на А. Манасиев. Спомените на Аргир Манасиев се доста опширни. Тие изобилуват со информации за развојот на македонското револуционерно движење во Гевгелискиот регион, каде Манасиев бил раководител повеќе години. А. Манасиев во своите спомени зборува за соработката со повеќе дејци на Организацијата меѓу кои: Апостол Петков, Лука Иванов, Крсто Бугаријата, Михаил Попето, Сава Михајлов и секако со главниот инспектор на четите на МРО - Гоце Делчев. Неговите спомени преставуваат значен извор за ситуацијата во Гевгелиско за време на востанието и состојбите по донесувањето на Мирцштегските реформи. Манасиев во спомените дава и краток осврт на Рилскиот конгрес на кој и самиот учествувал. Мошне интересно е, тоа што Манасиев дава информации и за начинот на преживување на четите по селата. Овие информации можеби некому изгледаат непотребни и одвишни, но ако гледаме од друга

---

[486] Исто, 144.
[487] Исто.
[488] Исто, 143.
[489] Истакнат член и раководител на МРО во Гевгелиско. Роден е во 1873 година, во Сехово, Гевгелиско. Во Организацијата влегува во 1894 година, а од 1901 до 1905 година е Гевгелиски околиски војвода. Учесник е во Илиндеснкото востание, а по востанието е активен во борбата со грчките андартски чети. Во 1905 година учествува на Рилскиот конгрес, а во 1906 година ја завршува својата активност и се повлекува во Бугарија. Во 1932 година, по тешко боледување, умира во Горна Џумаја, денешен Благоевград, Република Бугарија.

страна тие даваат слика за секојдневниот живот на четите, што е мошне податливо за анализа бидејќи овие информации не може да се добијат од официјални документи.

На почетокот на спомените тој дава опис на еден настан кога бил повикан пред суд, бидејќи отворил бугарско училште. Притоа мошне интересна е за анализа неговата изјава пред судот: „Го отворив, по своја желба, како чесен учител. (Го отворив училиштето не како Бугарин, туку како унијат)“.[490] Оваа изјава оди во прилог на тезата дека Македонците со декларирањето како Бугари, всушност ја истакнувале својата верска припадност.

А. Манасиев два интересни информации за формирањето на првата чета во Гевгелиско под водство на Иван Карасулијата и Апостол Петков. Тој ги презентирра обиколките во Гевгелиско на Пере Тошев, Михаил Попето, Андон Ќосето, Иван Карасулијата и Апостол Петков. Освен тоа дава интересни информации за Валандовската афера, за Виничката провала, а секако и за Солунската провала.[491] Понатаму ја опишува Бајалската афера, која била предизвикана од четата на Х. Чернопеев, поради што А. Манасиев станал нелегален движејќи се од чета во чета. По средбата со Делчев во Ќустендил, бил кооптиран како секретар во четата на А. Ќосето, во која главен војвода бил М. Попето.

Понатаму, А. Манасиев се задржува и на намерите на полковникот Јанков, кој на пат кон Југозападна Македонија, поминал низ Гевгелиско и тука, како на секаде настојувал да испровоцира востание.[492] Покрај тоа, А. Манасиев ги опишува подготовките за востанието во овој дел од Македонија во кои покрај него биле вклучени Сава Михајлов и Крсто Бугаријата. Сепак според Манасиев, на територијата на Солунскиот вилает поради недостаток на оружје и сплет други активности не дошло до масовно востание, туку се ограничиле на засилени партизанско - терористички акции од страна на четите.

По востанаието, Аргир Манасиев се задржува на советувањата во Софија кадешто се засолниле повеќето војводи и раководители на МРО. Според него на овие средби учествувале: „Христо Чернопеев, Јане Сандански, Сава Михајлов, војводи од Битолско, Штипско и од други места. Освен членовите на Задграничното претставништво, на собранието земал учество и членот на ЦК, Христо Попкоцев“.[493] А. Манасиев дава значајни информации и за судирите со грчките андартски чети, кои на своевиден начин биле

[490] Аргир Манасиев, Македония в пламъци..., 124.
[491] Исто, 129.
[492] Исто, 138.
[493] Исто, 149.

поттикнувани од страна на османлиските власти“.[494] Во врска со Андартите, тој опишува повеќе масакри што биле изведени од нивна страна врз македонските села. При еден таков масакар во с. Мрзенци, биле убиени 13 селани, но благодарение на интервенцијата на четата на А. Манасиев, бил спречен поголем погром.[495]

А. Манасиев во своите спомени се задржува и на засилениот прогон на четите на МРО од специјалните османлиски одреди, кои успеале да уништат многу чети во 1905 година во Струмичко, Малешевско и Гевгелиско.[496] Освен тоа А. Манасиев се задржува и на Рилскиот конгрес, на кој бил избран за секретар.[497] Мошне интересна е информацијата кога тој вели дека Х. Чернопеев не отишол на конгресот бидејќи според него конгресите на МРО требало да се држаат на „територијата на Револуционерна Македонија“.[498] По конгресот, некаде во август 1906 година А. Манасиев се повлекува од активноста во Организацијата. На крајот на спомените дава кратко известување за заземањето на Гевгелија од страна на Српската војска во 1912 година.

48. Спомените на **Христо Николов Пасков,**[499] ги запишал Бојан Мирчев во 1931 година во Софија. Спомените на Христо Пасхов се релативно кратки и се однесуваат на активноста на Пасхов во Демирхисарско за време на Илинденското востание и кратко потоа.

Според Х. Пасхов, во Демирхисарското во реонско началство за време на востанието, влегувале: „Јордан Силјанов Пиперката, Димитар Дечев, поп Кузман и Христо Пасхов“.[500] Според Пасков, за време на востанието во Демирхисарскиот регион се движеле околу 1000 востаници.[501] Пасков ја опишува битката кај с. Цер во која загинал Јордан Пиперката. Според него во таа битка: „Битолски Демирхисар го загуби својот познат војвода Јордан Пиперката …Човекот, бестрашниот комита... “.[502] Понатаму во спомените, Пасков раскажува за своето движење во Битолскиот округ, непосредно по задушувањето на востнието во придружба на Д.

[494] Исто, 150.
[495] Исто, 152.
[496] Исто, 157.
[497] Исто, 158.
[498] Исто.
[499] Активист на МРО. Роден во 1874 година во с. Петеле, Леринско. Учесник е на Смилевскиот конгрес, каде бил назначен за реонски началник на Демирхисарскиот регион. По востанието се движи низ Битолскиот регион, заедно со Даме Груев. Умира во Софија во 1936 година.
[500] Христо Пасхов, Македония в пламъци…, 164.
[501] Исто, 165.
[502] Исто, 167.

Груев, Ѓ. Сугарев и ѓаконот Евстатиј и нивните напори за реорганизирање на селските комитети. Неговите спомени иако се кратки содржат интересни инфопрмации за востанието во Демирхисарскиот регион.

49. Спомените на **Крсто Лазаров Иванов**,[503] или познат како Крсто Кумановски, ги запишал Бојан Мирчев при една средба со К. Лазаров во 1931 година во Софија. Првичните белешки се стенографски. Овие белешки, Б. Мирчев, конечно ги средил во 1933 година. Самиот тој факт укажува, како треба да се пристапи при анализирањето на овие спомени. Крсто Лазаров бил локален четник и не располагал со информации и знаења за главните активности на Организацијата. Од друга страна, фактот што спомените се запишани 30 години по настаните, уште повеќе ги доведува под сомнеж нивната вредност и објективност. Во основа станува збор за конфузни искажувања со несредно спомнување на имиња и судири, без извлекување на поента. Неговата конфузност најдобро се гледа од описот на една битка, во која според него загинал само Мирасчиев, а малку понатаму вели: „Мирасчиев беше со повредени очи од динамитот“.[504] Оваа неточна информација за наводно загинување на Мирасчиев во своите спомени ја пренесува и Н. Пушкаров.[505]

Спомените на К. Лазаров започнуват со Виничката провала.[506] Меѓутоа, неговата револуционерна активност, започнала преку Врховниот комитет. Откако го согледал бесцелното навлегување на врховистичките чети во Македонија, К. Лазаров се придружил на Скопско - Кумановската чета на МРО под водство на Никола Пушкаров.[507]

К. Лазаров, кој бил четник, изнесува неколку информации за диверзантски акции за време на востанието во Скопскиот округ. За отсуството на поента во неговите спомени најдобро сведочи фактот кога зборува за некаков состаниок во с. Живине – Кумановско во 1905 г., каде присуствувале: „Више Развигоров, во својство на Штипски војвода, Петар

[503] Активист на МРО. Роден е во 1881 г., во с. Коњу, Кумановско. Во периодот од 1901-1903 г., бил во четата бна врховистот Јордан Стојанов, но во 1903 гоидна преминал во четите на МРО. За време на Илинденското востание, учествува во четата на војводата Никола Пушкаров. Во годините по востанието продолжува да дејствува во Кумановско, а во 1944 година е убиен во Куманово од некоја партизанска чета.

[504] Спомени на Кръсто Лазаров, Македония в пламъци…, 195.

[505] Движението отсам Вардара..., Никола Пушкаров..., 193. Меѓутоа треба да истакнеме дека Димитар Мирасчиев починал дури во 1917 година во Софија. Овој момент не наведува на сомнеж дека Крсто Лазаров, всушност како свои спомени го прераскажувал тоа што го прочитал и кај Н. Пушкаров. Тоа е уште еден доказ повеќе за вредноста на спомените на К. Лазаров.

[506] Спомени на Кръсто Лазаров, Македония в пламъци... , 189.

[507] Исто, 193.

Анѓелов, паланечки војвода, Атанас Бабата - кратовски војвода, Костадин Нунков - кумановски, Крсто Бугаријата - кочански војвода и Даме Мартинов, којшто ги обиколувал Велешко и Скопско со едно одделение".[508] Но, Лазаров освен што ги наведува имињата на војводите, не дава никава инфомација за содржината на состанокот.

Сепак, Крсто Лазаров како четник во Кумановскиот регион ја забележува појавата на српските чети во овој крај и нивното влијание за засилувањето на српската пропаганда.[509] Лазаров има голем проблем и со хронологијата. Така на пример кога зборува за настаните од 1908 година, вели дека „сите состаноци се одржувале во Кратовско, каде често навраќал Д. Груев".[510] Меѓутоа Д. Груев загинал уште во декември 1906 година. Тоа е уште еден многу сериозен момент, кој не упатува на строго критичко разгледување на спомените на Лазаров, бидејќи во спротивно може да се извлечат многу погрешни податоци. Очигледно К. Лазаров меша време, простор, мртви и живи во една приказна.

Кога зборува за предвечерието на Балканските војни, вели дека од Централниот Комитет на Организацијата, во која во тоа време влегувале: Тодор Александров, Чаулев и Протогеров, било издадено окружно, во кое се велело дека треба да се прекинат меѓусебните борби на сите христијански војски.[511] За време на Балканските војни, К. Лазаров учествува најпрво со чета, а подоцна и во составот на Македонското ополчение, но и од овој период спомените се доста несредени и неможе да се извлечат квалитетни заклучоци. Спомените продолжуваат и со настани од Првата Светска војна, но тој период не е тема на обработка во овој труд.

50. Спомените на **Екатерина Измирлиева Паница,**[512] се запишани во 1957 година од страна на Бојан Мирчев. Станува збор за релативно кратки спомени кои во поголемиот дел се однесуваат на нејзиниот сопруг - Тодор Паница. Екатерина споменува дека во една пригода имала можност во Кукуш да го запознае и Гоце Делчев, кој наскоро потоа загинал.

Во своите спомени, Екатерина зборува како се запознала со Тодор Паница кога станала учителка. Во тоа време според неа, војвода во Драмско бил Михаил Даев, а Паница, бил негов

---

[508] Исто, 196.
[509] Исто, 198.
[510] Исто, 204.
[511] Исто, 206-207.
[512] Сопруга на Тодор Паница. Родена е во 1882 г., во Кукуш. Била учителка и уште од млада возраст влегува во Организацијата. Умира во Софија во 1967 година.

помошник.[513] Во своите спомени Екатерина зборува за Конгресот во Серско на кој било разгледано поведението на Даев.[514] Притоа Даев ја признал својата вина и се заколнал на верност. Таа зборува и за Драмскиот околиски конгрес во с. Ловча. Притоа само ги наведува присутните: „Г. Скрижовски, Ч. Кантарџиев, А. Бујнов, Д. Арнаудов, како и делегати од Серската, Демирхисарската, Разложката, Неврокопската и Горноџумајската околија. Конгресот траел 7 дена под претседателство на Јане Сандански“.[515]

Според спомените, Екатерина Паница не знаела за планот на Т. Паница за ликвидација на Б. Срафов и И. Гарванов, бидејќи Т. Паница на заминување и кажал само дека заминува да заврши некоја работа во Македонија. Меѓутоа, откако ја слушнала веста за нивното убиство и дека сомнежите се упатени кон Паница, таа извикала: „Тој е. Се сетив дека Паница ми рече дека има да заврши некоја работа“.[516]

Во продолжение на спомените, Екатерина зборува за заложбите на Сандански и неговите Серчани за решавање на аграрното прашање за време на Уриетот. Според неа било изработено ултимативно барање до Младотурците за уредување на бегалското, аграрното и други прашања.[517] За време на Балканските војни, Екатерина и Т. Паница биле во близина на Драма, но по завршувањето на војната и окупирањето на Драмско од страна на грчката држава, тие се населиле во Неврокоп, за да бидат во близина на Драма.[518]

51. Своите спомени **Илија Костадинов Докторов,**[519] ги завршил на 25 март, 1929 година. Во 2004 година, под редакција на Кирил Прличев се објавени по повод 110 годишнината на ВМРО. Во 2005 година, се преобјавени под редакција на Борис Јорданов Николов, заедно со спомените на В. Драгомиров, Г. Рајков, Д. Марковски и Отец Герасим.

Во овие спомени има интересни и драгоцени информации за револуционерното движење под водство на МРО, но од локално ниво, поточно за Гевгелискиот и Струмичкиот регион. Освен тоа во овие спомени има значајни информации за повеќе истакнати активисти

---

[513] Спомени на Екатерина Паница, Македония в пламъци..., 223.
[514] Исто, 225.
[515] Исто, 226.
[516] Исто, 227.
[517] Исто, 229.
[518] Исто, 231.
[519] Активист и раководител на МРО. Роден е во 1874 година во Гевгелија. Раководител на околискиот комитет на МРО во Гевгелија во периодот од 1903 до 1905 година. Учесник е во Балканските војни, во четите на Македонското ополчение.

на Организацијата од овој крај. Меѓу нив се вбројуваат Апостол Петков Терзиев, Аргир Манасиев, Алексо Поројлијата, Иван Карасулијата, Сава Михајлов и други.

Доктров се обидува да го престави и создавањето на МРО и нејзините почетоци, меѓутоа се добива јасен впечаток, дека овие негови видувања се врз основа на веќе претходно објавените спомени, бидејќи тој не учествува во тие настани. Иако Кирил Прличев настојува на овие спомени да им даде поголемо значење, притоа наведувајќи дека И. Доктров бил близок соработник со Даме Груев и Гоце Делчев, таков впечаток не може да се стекне ниту од спомените на Доктров, ниту пак тоа го потврдуват другите материјали.

Спомените на И. Доктров се особено важен извор за фомирањето на првите комитети на МРО во Гевгелиско, бидејќи тој ги дава првите членови на овие комитети во сите села од овој регион,[520] но и за првите раководители на чети на МРО. Така тој ги споменува: Спиро Иванов, Иванчо Карасулијата, Апостол Петков, Аргир Манасиев и др, како едни од првите раководители во овој регион.[521] Потоа дава информација за киднапирањето на Туран ага,[522] во обид да се изнуди откуп за внесување финансии во Организацијата.[523] По оваа акција, Апостол Петков се одделил од четата на Иванчо Карасулијата и формирал своја чета во Еницевардарско.[524]

Во своите спомени, И. Доктров известува и за Бајалската афера која ја предизвикала четата на Христо Чернопеев и за апсењата како последица на истата.[525]

Ја опишува Солунската провала, како и арестувањето на членовите на ЦК и дава детален опис на сите што биле интернирани во Бодрум кале.[526] Во понатамошниот текст, опишува повеќе битки во Гевгелискиот регион и повторно дава списоци на членовите на МРО во Гевгелиските села.[527]

На крајот на спомените ја опишува Валандовската афера која според него започнала со откривањето на една револуционерна чета во с. Валандово, Дојранско и со неа биле опфатени

---

[520] Борбите в Македоня, Спомени на Илия Докторов..., 49-53.
[521] Исто, 56.
[522] Се мисли на грабнувањето на Туран Бег вио 1898 г., од страна на војводите Апостол Петков и Иванчо Карасулијата.
[523] Борбите в Македоня, Спомени на Илия Докторов..., 59.
[524] Исто, 60.
[525] Исто, 65-67.
[526] Исто, 69-71.
[527] Исто, 130-135.

селата од Дојранската околија: „ Валандово, Брајковци, Балинци, Мравинци и с. Богданци, Гевгелиската околија, а последиците се почувствувале и во Еницевардарската околија.[528]

Со оглед на фактот дека Докторов не бил на висока позиција во Организацијата, во своите спомени главно се задржува на локални настани од Гевегелискиот регион. Сепак, како современик на настаните, спомените на Докторов си наоѓаат свое место во истражувањето на историјата на МРО.

52. Своите спомени **Васил Драгомиров**,[529] ги запишал во поодмината возраст, според редакторот Борис Јорданов Николов и тие за жал се недовршени.

Васил Драгомиров бил учител во неколку Струмички села и таму се поврзал со Организацијата. Неговите спомени се повеќе насочени кон неговата учителска дејност, но поради членувањето во МРО, Драгомиров дава интересни податоци за состојбата во Струмичкиот регион, по завршувањето на Илинденското востание. Неговите спомени се од локален карактер.

Тој е учесник на Струмичкиот окружен конгрес во 1904 година, кој се одржал во месноста Широки дол, помеѓу селата Нивичани, Струмишко и Владимирово, Малешевско.[530] За жал не дава податоци поврзани со некој одлуки од овој конгрес, само дека добиле пушки од дедо Атанас (Нивички), по наредба на Христо Чернопеев и дека А. Нивички не дозволил да навлезат во неговиот реон Врховистичките чети.[531]

Според Драгомиров, тој на 8 мај, 1905 г. бил повикан со писмо од Х. Чернопеев, на конгрес во Огражден, во месноста "Црвено поле".[532] За жал и за овој конгрес не дава никакви податоци.

За време на Уриетот пишува дека се запознал со некои Младотурци, а за време на Балканските војни, дава оскудни информации за ослободувањето на Радовиш,[533] и за состојбата во Струмица помеѓу двете балкански војни. На крајот на спомените, дава неколку информации за Првата Светска војна, но тој период не е во доменот на нашето истражување.

---

[528] Исто, 138-140.

[529] Учител во Струмичко и член на МРО. Роден е во 1881 г. во с. Драгомирово, Струмичко. Учесник е на Струмичките окружни конгреси во 1904 и 1905 г. Умира во 1969 г. во Софија.

[530] Борбите в Македония, Спомени на Васил Драгомиров..., 167.

[531] Исто, 167-168.

[532] Исто, 173.

[533] Исто, 193.

53. Спомените на **Ѓорѓи Рајков Палчев,**[534] практично се однесуваат единствено за еден напад на селото Костинец, на 3 мај, 1907 година, од страна на грчките андартски чети. Според Рајков: „Андартите, по заповед на капитан Вардас, се зближија со турските офицери во Биглица".[535] Во своите спомени, како учесник во битката, ја опишува доста интересно. За жал, освен за битката, не дава никакви други податоци.

54. Спомените на **Петко К'нев**[536] се запишани од неговиот соборец Васил Балевски. Самиот факт што се приклучува по Илинденското востание во четите на Организацијата, укажува на тоа дека П. К'нев бил маргинална личност во Организацијата или еден од многумината четници. Оттука, информациите што ги нуди тој се од локлано ниво низ погледот на еден обичен четник. Притоа во неговите спомени се среќават информации за Кратовско, Велешко и регионот на Азот. Во неговите спомени се опишани борбите на Организацијата со српските чети кои дејствувале во овој регион. Исто така во неговите спомени се среќаваат информации за Иван Алабакот, потоа за Сугарев, Лигушев, бесењето на легендарниот војвода Александар Турунџев во 1905 година во Битола итн.

Можеби највредните податоци од овие спомени се во описот на битката во која загинала Г. Сугарев со четата, кај селото Паралово. Петко К'нев е еден од двајцата преживеани четници во оваа битка. Во врска со овј настан вели:: „Од 30 четника, 28 беа убиени, меѓу кој и војводата Сугарев, кој тешко ранет се самоуби. Останатите двајца четници беа Петко К'нев и Крсто Буфчето од с. Буф".[537]

Освен, тоа Петко бил испратен од ВМОРО да го убие Хилми Паша, но поради силното обезбедувања, не успеал да ја исполни задачата. Понатаму тој информира за средбата помеѓу Даме Груев и Васил Аџиларски во ноември 1906 година на која се разгледувале прашања од организациски и тактички карактер.[538] Спомените на Петко се мошне интересни и за битката на врвот „Ножот", во која тој учествува во четата на Алабакот. По битката Алабакот, К'нев и уште еден четник заминуват за конгрес во Битолско, но кај Белица, Кичевско, биле предадени и немајќи излез се самоубиле.

---

[534] Учител и член на МРО во Костурско. Роден е во 1864 г. во с, Трново, Костурско. Во 1923 г. емигрира во Софија.

[535] Борбите в Македония, Спомени на Георги Райков..., 32.

[536] Четник на МРО, роден во с. Колибито, Бугарија. Загинал во с. Белица во 1907 година.

[537] Кънев Петко, Спомени на двама четници…, 12.

[538] Исто, 17.

Малку е невообичаен самиот концепт на спомените, бидејќи авторот тврди дека Балевски ги запишал по искази на К'нев, но според текстот, се гледа дека практично Балевски ги раскажува настаните.

55. Спомените на **Васил Балевски,**[539] се многу кратки, практично без многу употребливи податоци. Васил Балевски по Илинденското востание бил четник на МРО во Мариовскиот регион. Меѓутоа во неговите спомени има оскудни податоци, кои можеби ќе најдат некава употреба во некој научен труд, кој би се однесувал за делувањето на Организацијата во Мариово.

56. **Димитар Мирчев,**[540] своите спомени ги запишал во во Сливен, Бугарија, во 1929 година. Спомените на Д. Мирчев се обемни и во убав стил, бидејќи Мирчев поседувал литературни квалитети. Веројатно под влијание на времето и условите кога ги пишувал спомените, Д. Мирчев во спомените се обидува да му даде бугарски карактер на македонското ослободително движење. Меѓутоа, тој сепак многу јасно ја одсликува позицијата на Бугарија и Фердинанд, кон македонското прашање, кога вели: „Тој не сакаше Автономна Македонија... Фердинанд сакаше, макар и еден дел од Македонија, да присоедини кон неговиот скиптар".[541] Д. Мирчев има остри ставови кон Ѓ. Петров, а особено кон Гемиџиите. Од друга страна, овие спомени многу се оптеретени со неговиот престој во турските затвори.

Д. Мирчев е особено важен извор за активноста на Даме Груев во почетоците на неговата револуционерна дејност, бидејќи како студенти, во тој период биле истомисленици во врска со револуционерните прашања. Кога упатените познавачи на проблематиката ќе погледнат во спомените на Мирчев, веднаш ќе забележат дека Мирчев кога зборува за почетоците на револуционерното движење, си дозволува да се постави себе си на исто ниво

[539] Роден во градот Тројан, Бугарија. Зема учество во четите на ВМОРО по Илинденското востание.

[540] Роден е во 1865 година, во Прилеп. Еден од основачите на Младата македонска книжевна дружина. Во 1894 година влегува во Македонскиот комитет во Софија, а заедно со Иван Гарванов е еден од основачите на Револуционерното братство во Солун. По помирувањето со МРО, Мирчев влегува во Организацијата и краток период во 1903г. е член на ЦК. По Солунските атентати бил уапсен и осуден на 101 година затвор. Амнестиран е во 1904 година и продолжил да работи во Организацијата. По избувнувањето на Балканските војни повторно е уапсен, а по ослободувањето во 1923 година се повлекува во Сливен, Бугарија, кадешто работи како учител. Умира во 1938 година, во Вршец, Бугарија.

[541] Димитар Мирчев, Спомени..., 179.

со Даме Груев. Во таа смисла вели дека идејата за создавање Организација кај Даме се родила по негова заслуга и дека тоа не било по убиството на министерот Белчев, како што кажува Даме во своите спомени. Во контекст на тоа вели: „Спомените на Даме се нецелосни. Многу нешта тој заборавил и пропуштил“.[542] Нормално, Груев, кога ги раскажувал своите спомени, во главата имал многу поважни мисли за тековните прашања на Организацијата, отколку да размислува дали тоа што го кажал подоцна ќе му се допадне некому.

Д. Мирчев во спомените се задржува на Младата македонска книжевна дружина и списанието Лоза. За него вели: „Списанието излезе без ерови на крајот од зборовите и со членовите „от“- според македонските дијалекти. Тоа беше доволен повод да се заклучи дека во срцето на Бугарија, во Софија, среде студентската младина, се пропагира за одвојување на Македонија од Бугарија“.[543] Заради блискоста на Д. Мирчев со Коне Самарџиев, опонентот на МРО, Груев ја изгубил довербата во поранешниот истомисленик и се помалку комуницирале.[544] Мирчев се одалечил од луѓето од МРО и поради нејзината вмешаност во ученичките бунтови против Егзархијата. Затоа, како што вели тој, со Гарванов дошле на идеја да создадат друга организација за „да ги организира сите посвесни и поинтелегентни сили во земјата“.[545] На тој начин во 1897 година според Мирчев, било создадено Револуционерно Братство во Солун. Мирчев во спомените дава интересни информации за односите помеѓу МРО и Братсвото. Интересна е и констатацијата на Мирчев, во врска со самораспуштањето на Братството и помирувањето со МРО. Во врска со тоа пишува: „Ние отстапивме од поголеми претензии, макар што беше јасно дека не се дозволи во Централниот комитет да влезе Гарванов, туку го примија Јосиф Кондов, кој не беше за таму. Така се случи зошто се плашеа од Гарванов како поморално лице, од една страна, а од друга - уште немаа доверба“.[546]

Д. Мирчев во овој дел од спомените, па и понатаму на неколку места, упатува остри критики по адреса на Ѓ. Петров, најверојатно поради тоа што Ѓорче никогаш не го прифатил помирувањето со Братсвото. Освен тоа, Мирчев изнесува информации за обидот на Јанков за кревање востание, како и за т.н. Горноџумајско востание. За Солунскиот конгрес и за донесенето решение за востание истакнува: „Писмата што ги добивавме од раководното тело

---

542 Исто, 59.
543 Исто, 66.
544 Исто, 76.
545 Исто, 80.
546 Исто, 91.

во Битола, пишувани од Ан. Лозанчев, беа ултимативни“.[547] Во таа смисла опширно зборува за Солунскиот конгрес 1903 година. Според него, Анастас Лозанчев се заканувал дека ако не се донесе одлука, тие секако ќе кренат востание, заради неподносливата ситуација. За Даме вели дека решението го примил без радост, не пак да помогне за него...“,[548] додека Делчев настојувал за одлагање на востанието.[549] Сепак, тој додава: „А Гоце бездруго требаше да се согласи со решението, инаку ќе имавме недоразбирања и делби“.[550] Од друга страна, Мирчев, го брани И. Гарванов, додека за Гемициите вели дека тие биле анархисти, испратени од Сарафов, кои со одобрение на Делчев, подготвувале динамитни атентати.[551] Според Мирчев, Гарванов не само што не ги одобрувал атентатите, туку и бил на мислење да испрати неколку момчиња во локалот каде се собирале Гемициите и да ги убијат.[552]

Сепак, Мирчев, иако се обидува да ја оспори величината на Груев, зборувајќи за настаните од Уриетот констатира дека: „убиството на Даме, снемувањето на едно авторитетно лице како него, речиси ја оневозможија Организацијата да ја продолжи својата дејност“.[553]

57. Американскиот новинар и публицист **Алберт Сониксен**,[554] во потрага по возбудлива приказна во 1906 година допатувал во Македонија и се приклучил кон четите со намера директно да за запознае со нивниот живот и борба. Притоа подолго време престојувал во Еницевардарското блато, а потоа и во Битола. Своето искуство од Македонија го презентирал во книгата „Исповед на еден македонски четник“, кое за прв пат го објавил во 1909 година во Њујорк, САД.[555]

Во оваа книга, Сониксен оставил извонредно интересни сведоштва за активноста на четите на Лука Иванов, Апостол Петков, Петар Чаулев, Крсто Преспански и други.

На почетокот се движи во четата на Лука Иванов која е стационирана во Еницевардарското езеро или мочуриште и дава интересни податоци за животот на четниците

[547] Исто, 101.
[548] Исто, 105.
[549] Исто, 112.
[550] Исто.
[551] Исто, 114.
[552] Исто, 118.
[553] Исто, 171.
[554] Новинар од САД. Член на Македонскиот комитет во Њујорк, формиран по иницијатива на мис Елен Стоун. Алберт Сониксен е роден во 1878 година во Сан Франциско, САД. По Илинденското востание се заинтересиранал за активностите на МРО и во 1906 г. ги обиколувал четите на МРО во Македонија. Во 1911 година, Алберт Сониксен бил претставник на ВМРО во САД. Умира во 1931 г.
[555] A. Sonnichsen, Confessions of a Macedonian Bandit…,New York, 1909.

во тие услови. Притоа истакнува дека со Лука Иванов се запознал претходно во Софија или како што вели: „ При една од неговите годишни посети во Бугарија, правени за доставување на воени материјали, коишто Централниот комитет ги купуваше од австриски трговци, јас му бев претставен на Лука од Дамјан Груев, главниот организатор на Револуционерната организација“.[556] Во овој дел соопштува и за запознавањето со Апостол Петков за кого вели: „Апостол беше македонскиот Робин Худ. Тринаесет години тој носел оружје. Уште пред Дамјан Груев да го организира прочуениот Централен комитет, Апостол ги крстосувал планините“.[557] За состојбите во овој реон, ги опишува борбите со андартските чети, како и опожарувањето на грчкото село Ниса, како последица на нападот на Андартите врз Македонците од селото Мориново.[558] Притоа интересено го пренесува писмото на андартскиот капетан Константин Акритас до селаните на македонските села Мориново, Лековиштница и Јанчишта, на кои тој им се заканува заради нивната подршка на четите на МРО и им вели: „Оние, што не ќе послушаат, ќе ги казнам. Таквите ќе бидат убиени; нема да бидат поштедени ни нивните жени, ни деца. Телата нивни ќе ги раскинеме на парчиња. Ќе го убиеме секој  што не е со нас“.[559] Писмото стигнало до рацете на Лука Иванов кој го препратил до Балканскиот комите во Лондон за да добијат престава во Англија за типичниот современ „грчки хумор“.[560]

Во своите спомени зборува и за формирањето на МК во Софија и за Борис Сарафов за кого вели: „Но како новинар тој и го престави на цела Европа, дури и на Америка, името на „Македонскиот комитет“. До ден денешен уредниците се со уверување дека Сарафов беше шефот на револуционерната Македонија, зашто скромноста не му беше одлика. Но тој на многу посуштински начин даде најуспешни резултати; како собирач на прилози од македонските доселеници во Бугарија.[561]

Интересен е неговиот став за растежот на МРО и за воспоставувањето на паралелна власт во Македонија. А. Сониксен за ова вели: „Кога една Организација ќе стигне до бројка од два милиони членови, вклучвајќи масовно цели градови и области, таа престанува да биде клуб или комитет. Оттогаш треба да биде јасно дека „Македонско – одринската внатрешна

[556] Алберт Сониксен, Исповед на еден..., 44.
[557] Исто, 46.
[558] Исто, 60-61.
[559] Исто, 61.
[560] Исто.
[561] Исто, 101.

револуционерна организација“ го надрасна своето име, дека таа, всушност, стана привремен систем на владеење, воспоставен од страна на македонското селанство за да се замени турската анархија. Макар што несовршеноста во детали, поради силата од пречките на опозицијата, сепак беше добро артикулирана република...“[562] Во овој контекст подоцна е и неговото пишување за средбата со Петар Чаулев (Петруш војвода), кога го прашува зошто носи реонски архиви во чантата, при што Чаулев му вели дека тоа се дела, кој тој ги разгледува, бидејќи според статутот на Организацијата „Војводата решава спорови и слично...“. И продолжува: „Вие знаете дека сме ги бојкотирале турските судови.“[563] Потоа продолжува: „Трите недели, кои ги поминавме во Охридско, беа нешто како странствување на подвижен суд. Освен со судски дела, се занимававме и со избори, какви што предвидуваше статутот. Секој избор го придружававме со лекции по граѓанската управа“.[564]

Сониксен, ја опишува состојбата во Организацијата непосредно по востанието и вели дека фракционерството особено било остро изразено во Битола. Од еден конструктивен разговор со една членка на МРО во Битолско, извесна Елена, Сониксен пренесува интересни факти за тамошната состојба. Елена вака ја пренесува тамошната ситуација: „Тукашната организација е уништена, нашите најдобри луѓе се испотепани или побараа засолниште зад граница, никогаш нема да можеме да закрепниме“.[565] Таа вели дека членовите почнале да се делат на Сарафисти и Груевисти и дека Сарафов полека но сигурно, преку поставување негови доверливи луѓе, ја превземал контролата во Битолско. Елена дури го обвинува Сарафов и неговите соработници: Петар Лигушев и Црниот Петар од Дебар, дека се виновни за предавството на Сугарев. Еве што пренесува Сониксен од разговрот со Елена во врска со ова: „ Нивната следна задача беше да воспостават целосна контрола во реоните. Ние знаеме само дека Сугарев беше нивната главна пречка... Немаме никакви писмени докази, но убедени сме дека Сугарев бил наговорен да дојде долу во рамнината, за да учествува на состанокот и дека Лигушев го предал, знаејќи дека Сугарев никогаш нема да остави да го фатат жив. Убедени сме исто така дека Сугарев се спасил од борбата, и покрај тоа што бил тешко ранет.

---

[562] Исто, 103-104.
[563] Исто, 155.
[564] Исто, 157.
[565] Исто, 179.

Пристигнал во градот за медицинска помош, без да се посомнева во предавството, и тука бил убиен. Ниту неговиот труп, ниту пушката никогаш не беа најдени“.[566]

Сониксен од Битола заминал во Ресен, кај војводата Крсто Ресенски, па во Воден, каде се запознава со Митре Влавот. Сониксен за оваа средба запишал: „Една вечер нам ни се придружи една чета, којашто беше од реонот на војводата Пандо Кљашев. Двајца војводи си ја беа разделиле администрацијата на Костур меѓу себе. Едниот се викаше Митре Влавот, од пред петнаесет години илегален... Разбирајќи дека неговите способности имаат само воена цена, тој побара да ја подели командата со Пандо Кљашев и овој да му помага во административната работа, којашто Митре ја сметаше за поважна“.[567] За П. Кљашев пишува со восхит и вели: „По Лука, јас не сум сретнал друг војвода, подобро подготвен интелектуално за војвода од Пандо Кљашев. Тој беше со правилни црти, аристократски млад човек“.[568]

На крајот на своите спомени, пишува за средбата со Х. Чернопеев и како тој во детали му ја раскажал приказната за Аферата “Мис Стон“.[569] Иако е запишано во допадлив стил, сметам дека таа тема е доволно исцрпена во останатите мемоари, но сакам да го пренесам интересниот став на Х. Чернопеев од овој разговор, во врска со Бугарската политика кон Македонија. Според Сониксен, Х. Чернопеев истакнал: „ Тоа беше по падот на Сарафов, и откако кнезот Фердинанд ја заплени нашата машинерија на нашиот Задграничен комитет во Софија сместувајќи го Цончев во него. Цончев, пријателот на кнезот. Се разбира дека ние го отфрливме. Ние, во внатрешноста немавме намера да признаеме како наш претставник еден бугарски генерал, назначен од кнезот Фердинанд, но Цончев инсистираше не само дека е наш претставник, туку и дека тој треба да управува со сета македонска револуционерна организација. Замислете си некој германски адмирал да пристигне во вашите Соединети Држави и да изјави дека ви е премиер. Вие или ќе го избркате, или ќе му се изнасмеете“.[570]

Книгата на Сониксен која има форма на литературно дело во форма на роман, претставува извонредно интересен извор за проучување на историјата на МРО, која според него успеала да создаде „една подземна република“ во рамките на Османската држава.

---

[566] Исто, 182.
[567] Исто, 207.
[568] Исто.
[569] Исто, 224.
[570] Исто, 226.

58. **Артур Смит**[571] пристигнал во Македонија, во септември 1907 година и се приклучил кон четатата на војводата Петар Милев, кој дејствува во Неврокопскиот регион. Притоа во четата останал околу два месеци. Своите впечатоци ги опишал по враќањето во Њујорк во 1908 година во книгата „Спомени од Македонија“.[572]

За разлика од Сониксен, делото на Артур Смит има помала вредност за историјата на МРО. Како прво, краткиот престој и непознавањето на јазикот, не му дозволиле на А. Смит попширно да се запознае со состојбите во Македонија. Тој изгледа не ја разбрал суштината на македонското движење, ниту пак посебноста на Македонците. Па така според него од 4 милиони жители во Македонија, 2.5 милиони биле Бугари. Едноставно тој дошол со форматирани погледи и ставови. Во предговорот на книгата и во заклучокот под наслов „Малку историја и неколку можности“, Смит го води читателот кон заблуда, бидејќи во книгата „Спомени од Македонија“, всушност му презентира историјата на Бугарија. Оттука оваа книга иако носи наслов „Спомени од Македонија“, а нејзиниот автор два месеци се движел со четите не нуди нешто особено.

59. Австро - Унгарскиот дипломат **Алфред Рапапорт,**[573] своите впечатоци и искуства од Македонија ги запишал во книгата „Во земјата на мачениците“, која најпрво ја објавил во Париз.[574]

Интересно, А. Рапапорт спомените ги започнува со убиството на Тодор Паница од страна на Менче Карничева, во Бургтеатар, кадешто бил присутен и самиот автор.[575] Потоа зборува за Сан Стефано и Берлин, и штетноста на одлуките од истите по Македонија.[576]

А. Рапапорт меѓу другото се задржува на Илинденското востание, иако во тој период не бил во Македонија. Според него: „Илинденското востание е и останува засекогаш голем настан, најголем во историјата на македонската кауза. Макар да таа револуција не беше ни прва ни последна за Македонците, ќе биде засекогаш херојска епоха за Македонците - како

---

[571] Америкаснки новинар. Роден е во 1887 г. во САД. Прествојувал во чета на МРО во 1907 г. и за својот престој во Македонија, во 1908 г. објавил спомени. Умрел во 1945 г.

[572] Smith Arthur D. Howden, Fighting the Turk in the Balkans; an American's adventures with the Macedonian revolutionists, New York, London, G. P. Putnam's Sons, 1908.

[573] Австро - унгарски генерален конзул во Македонија од 1904 до 1909 година. Роден е во 1868 г. во Виена. Во јануари 1904 г., е назначен за генрерален конзул во Скопје. За своите искуства од Македонија напишал спомени. Умира во Виена, во 1946 г.

[574] A. Rappoport, Au PAYS des MARTYRS...Paris, 1927.

[575] Исто, 6.

[576] Исто, 12-17.

што е за Србите подвизите на Кара Ѓеорги, за Елините подвизите на Колокотронис, Мавромихалис и Мијули, а за Бугарите од Царството Бугарија - незаборавното востание во 1876.“[577] Очигледно Рапапорт овде направил извонредно вреднување на Илинденското востание како дел од борбата на Македонците за слобода, притоа правејќи паралела со другите такви настани кај соседните балкански држави.

Неговите ставови се многу важни, бидејќи како што ќе истакнат некои бугарски историчари и новинари, Рапапорт е автор кој не подлежи на фалсификати. Во остантите делови од своите спомени, тој ги опишува поголемите градови во Македонија, пишува за македонското прашање, за политиката на големите сили, особено Австро-Унгарија и Русија, за реформите, Хусеин Хилми паша и т.н.

Интересен податок дава во делот кога ги опишува четниците на МРО т.н. Комитаџии или поточно Гемиџиите, кога вели: „Тука се сетив на еден поразителен факт, дека младите Македонци, солунски атентатори, одбиле да се фотографираат, пред да се докажат на дело, бидејќи, тие сакале нивните дела, а не нивните личности да им останат во историјата“.[578]

Интересна е изјавата на неговиот помошник од Кукуш, за кој Рапапорт вели дека знаел дека е патриот и дека подвизите на неговиот сограѓанин Г. Делчев имале големо влијание врз него. Рапапорт е инспириран од изјавата на својот помошникод Македонија: „Уште многу народ ќе ја пролее својата крв, додека да се ослободи Македонија“.[579] Оваа мисла се врежала во главата на Рапапорт, и честопати се повикува на наеа, дури кога зборува за масовните братоубиства меѓу македонските дејци во 1924.

Неговите записи за смртта на Даме Груев се со непроценлива вредност. Тој вели дека во 1907 г., во конзулатот извесен Турчин му покажал слика на мртовец. Интересното било што откако биле погребани, властите дознале дека едниот од нив е Даме Груев - душата на Илинденското востание од 1903 година. Притоа Рапапорт направил скица од фотографијата на на мртвиот Груев и истата ја вметнал во својата книга на самиот почеток.[580]

Интересни за анализа се неговите ставови за националната свест на балканските народи. Притоа, ги презентира ставовите на грчката и српската политика, за „Грчка

[577] Исто,19.
[578] Исто, 64.
[579] Исто,
[580] Исто, 89.

Македонија“ и „Стара Србија“ и притоа го наведува фактот дека жителите на Пирот, по Берлинскиот договор, иако подпаднале под власт на Србија, се декларирале како Бугари.[581]

Сепак, најважно значење неговите спомени за историјата на МРО имаат во делот во кој зборува за целите на Организацијата, при што покажува големо познавање на случувањата во Македонија и активноста на МРО. Заради важноста на овие ставови, ќе ги пренесам во целост поголемиот дел од истите. Според Рапопорт, Организацијата создала паралелна власт, која во даден момент т.е. по стекнувањето Автономија, требало да ја преземе власта во државата. Во овј контекст Рапапорт вели: „Ако тргнеме од премисата дека македонските чети дејствуваат како органи на идната влада и како воени единици на Генералштаб, кои се борат за идната слобода, нема да се чудиме повеќе зошто македонските револуционери си ги присвојуваат административните, судските и дури и фискални права на една влада и се однесуваат како завојувана страна. Ова не само што ги објаснува македонските акции против Турци и другите балкански народи, туку осветлува и еден друг, деликатен проблем. Внатрешната организација никогаш не се откажала од целосна независност во однос на владата во Софија.[582]

Оваа книга на Рапапорт дава извонредно интересен материјал за анализа, бидејќи изнесените ставови во неа се низ призмата на еден дипломат кој директно бил инволвиран во реформската акција на големите сили во Македонија, која всушност била предизвикана, токму од активноста на МРО. Низ спомените е очигледно дека А. Рапапорт е сведок на многу настани во Македонија.

60. **Германос Каравангелис,**[583] бил патријаршиски владика во Костур, човек предводник на грчката вооружена акција во Македонија, која меѓу другото била насочена и против македонското револуционерно движење. Оттука, неговите спомени најдоа место во овој труд.

Спомените на Каравангелис се директно сведоштва за жестоката грчка македонска борба, или поточно за грчката вооружена пропаганда во Македонија, конкретно во нејзиниот југозападен дел. Каравангелис во спомените ја потврдува соработката со Коте од Руља (отпадникот од МРО) и ја признава својата вмешаност во убиството на Лазар Поп Трајков,

---

[581] Исто, 126-127.

[582] Исто, 61-62.

[583] Патријаршиски костурски митрополит, еден од пионерите на грчката воружена пропаганда во Македонија. Роден е под името Стилианос Каравангелис во 1866 г. на грчкиот остров Лезбос. Во 1900 година Каравангелис бил поставен за патријаршиски митрополит во градот Костур. Умрел во 1935 г. во Виена.

истакнат деец на МРО во Костурскиот регион. Освен тоа во неговите спомени има интересни податоци за борбата на андартските чети со четите на МРО под водство на В. Чекаларов и Митре Влаот. Се разбира тоа е поглед од грчка страна.

Освен тоа, Каравангелис во спомените јасно признава дека во андартските четнички акции во Македонија биле ангажирани грчки војници од Крит, па дури и Турци и Албанци. Така на едно место во спомените вели: „Така се собраа околу педесетина луѓе, Грци, Турци, Албанци, 25 на Рустем-беј; 15 на Вангел и 10 Критјани".[584] Со ова, Каравнгелис, го потврдува општопознатиот факт дека, грчката борба во Југозападна Македонија, била подржувана и толерирана од страна на Турците. Спомените на Каравенгелис, претставуват интересен мемоарски извор за проучување на судирите помеѓу Андартите и четите на МРО во југозападниот дел на Македонија.

61. Текстот на спомените на **Симеон Радев,**[585] е неколку пати пречистуван, заради тоталирастичкиот режим во Бугарија. Поради тоа, неговиот син Трајан Радев, инсистирал да се отпечати третото издание, за да се врати повторно оригиналниот текст. На тој начин во 1994 година излезе новото корегирано и дополнето издание во редакција на Трајан Радев. Кога се анализираат спомените на С. Радев, секако треба да се има во предвид неговата долгогодишна дипломатска кариера во Бугарија, доцното запишување на спомените, како и нивното пречистување и редактирање.

С. Радев, спомените ги запишал дури во 1954 година, многу години по настаните што се опишани. Тогаш Радев бил во одминати години, па можеби затоа често зборува за настани од своето детство. Освен тоа треба да се има предвид и фактот кога овие спомени се користат за историјата на МРО, дека улогата на Радев во оваа Организација е маргинална. Како и да е, во претпоследната глава под наслов „Посветен во Организацијата" Радев нафрла неколку податоци за историјата на МРО. Притоа очигледно е дека многу факти се погрешни, што само по себе потврдува дека Радев не бил запознаен со почетните активности на МРО. Малку е чудно што и покрај веќе обемно отпечатена литература за МРО, Радев изнесува неточни

[584] Германос Каравангелис, Македонската борба..., 29.

[585] Новинар и бугарски дипломат. Роден е во Ресен, во 1879 година. Бил близок до ЦК на МРО и МК на Сарафов. Редактор е на весникот Македонско движење . Прв бугарски претставник во Друштвото на народите во Женева. Член е на бугарската делегација при потпишувањето на Букурешкиот договор во 1913 г. Умира во Софија во 1967 г.

податоци. Така на пример Радев основањето на МРО го лоцира во Ресен во 1894 година, [586] кога всушност било одржано Ресенското советување. Неспорно оваа грешка се провлекува и на други места во литературата. Најверојатно тоа е последица на несвесното препишување на онаа што своевремено го напишал Хенри Брејлсфорд.[587] Оттука е евидентно колку може да се потпре некој на податоците кај С. Радев.

На почетокот во делот на своите спомени за МРО, С. Радев известува за основањето на првите два комитета од страна на Даме Груев, во Кавадарци, па во Прилеп, а за Битола вели: „Пере Тошев образува во Битола комитет заедно со двајцата трговци, Георги Пешков и Григор Попев, комитет во кој по еден месец влезе и Ѓорче Петров.[588] Потоа пишува дека бил зачленет во Организацијата лично од Гоце Делчев, а истиот ден бил зачленет и Владимир Робев.[589]

Во своите спомени Радев меѓу другото пишува за врховистичката провокација на МК во 1895 година. Интересен е неговиот став за кнезот Фердинанд, за кого вели: „Ние, македонската интелегенција, го обвинуваваме (се мисли на Фердинанд) дека се послужи со македонското востание (1895), за да го добие своето признание“.[590]

Потоа пишува за притисокот на МРО врз егзархот Јосиф за именување на учители активисти на МРО на одредени места преку Т.К, Танев, кој според Радев бил „единстевениот Македонец“ меѓу „поголемите егзархиски чиновници“.[591] Т. К. Танев му ја доверил задачата на С. Радев да им пренесе на членовите на ЦК во Солун, дека нивното барање за назначување на наставници од нивната листа е многу опасно и може да стави крај на постоењето на самата Егзархија. За таа цел С. Радев, заминал во куќата на Х. Татарчев во Солун, каде бил присутен и Д. Груев.[592]

Спомените на С. Радев, иако со доста опширни, сепак за неговото учество во Организацијата се многу кратки. Сепак, бидејќи е во корелација со ЦК во Солун, поточно со Д. Груев и Х. Татарчев и во ваква форма преставувват интересен извор за историјата на МРО, особено за нејзините релации со Егзархијата.

---

[586] Симеон Радев, Ранни спомени..., 199.
[587] H. N. Brailsford, Macedonia, its races and their future, Methuen & Co., London, 1906.
[588] Симеон Радев, Ранни спомени…, 109.
[589] Исто, 201.
[590] Исто, 203.
[591] Исто, 207.
[592] Исто, 207-208.

62. **Тома Николов Христов (Поп Тома)**[593] своите спомени ги запишал во 1940 година, кога бил во длабока старост. Затоа хронологијата во овие спомени е многу непрецизна.

Неговите спомени започнуваат со опис на карактерите и активноста на големите имиња во Организацијата: Даме Груев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, а интересно и така завршуваат. Тој бил нивни соученик во Солунската гимназија и бил сведок дека нешто тајно се спрема.

Спомените на Тома Николов се специфични по својот карактер, бидејќи Ѓаконот Тома како што го нарекувале, го опишува своето работење како свештено лице, но секаде каде што бил праќан на служба, тој се поврзувал со Организацијата и дава информации за нејзината активност.

Тома Николов во своите спомени ни дава податок дека: „Во 1894 г. се воспоставија основите на револуционерното дело во Битола од Дамјан Груев, родум од с. Смилево, Битолско“,[594] додека во Кичевско пишува дека основите на МРО биле поставени од Анастас Лозанчев во 1894 година“.[595]

Во своите спомени, Поп Тома дава информации за Доневата и Поп Ставревата афера, поради која и самиот се нашол во затвор. Во затворот бил заедно со Груев за кого вели дека со своето умно држење станал централна личност помеѓу затворениците, дури бил почитуван и од самата управа на затворот. Освен тоа Поп Тома соопштува дека во затворот биле често посетувани од акивисти на Организацијата меѓу кои: Георги Пешков, Георги Сугарев и Георги Поп Христов. Притоа за време на посетите тие добивале инструквции од Груев во врска со организациските активности. Поп Тома соопштува, дека додека Груев бил во затвор раководството на организацијата во Битолскиот округ го презел А. Лозанчев, но истиот брзо се повлекол, бидејќи, Груев продолжил да дава инструкции од затворот. Оттогаш формалното управување во Битолскиот округ го презел Георги Поп Христов.[596]

Поп Тома дава опширни информации за Организацијата и нејзините раководители во Југозападна Македонија, бидејќи во овој регион њјадолго се задржал на служба. Особено интересни се неговите информации за Смилевскиот конгрес на кој што учествувал. Освен тоа

---

[593] Македонски свештеник, близок соработник на МРО. Роден е во 1863 година, во с. Вранештица, Кичевско. Краток период поминува во четата на Тома Давидов, а потоа во четата на С. Арсов. Учесник е на Смилевскиот конгрес. По востанието учествува на неколку конгреси на ВМОРО, а по Балканските војни работи како поп во Бугарија. Умира во Софија во 1946 година.

[594] Спомени от моето минало, Тома Николов..., 49.

[595] Исто, 89.

[596] Исто, 96.

го опишува своето патешествие за исполнување на обврската со која бил задолжен од конгресот за да го пренесе протоколот од Конгресот од Смилево до Софија и да го предаде на задграничните претставници. Поп Тома вели дека Груев немал многу доверба во Сарафов. Во таа смисла Груев пред заминување на Поп Тома му порачал да им пренесе на задграничните претставници дека: „иако Сарафов е избран за член на генералштабот, тоа е само проформа, бидејќи е офицер, но ситуацијата во округот е во наши раце.“[597] Од друга страна, Сарафов го тргнал Поп Тома на страна и му порачал да ги поздрави неговите пријатели во Софија, а особено бившиот министер Радославов, и да им каже дека тој ја држи Организацијата во раце и се чувствува како кнез.[598]

Спомените на Поп Тома се особено интересни за периодот по востанието во Битолско. По завршувањето на востанието, во 1904 година тој се сретнал со Груев, кој бил видно разочаран од ситуацијата и состојбите во Организацијата. Според Поп Тома во тој период од поинтелегентните сили во Македонија останале само Дамјан Груев, Христо Узунов, Петар Чаулев, Георги Сугарев, Петар Ацев и Наум Буфчето.[599] Другите раководители од Битолскиот округ или загинале во востанието или се засолниле во Бугарија.

Понатаму во своите спомени дава податок за загинувањето на Ѓорѓи Сугарев и вели дека: „по убиството на Сугарев, се роди едно сомнение меѓу приврзаниците на Даме, дека Петар Лигушев, член на окружниот комитет, го предал Ѓорги Сугарев...[600]

Поп Тома дава информации и за окружниот битолски конгрес од 1906 година, на кој за делегати за престојниот општ конгрес биле избрани: Даме Груев, Пере Тошев, Ѓорче Петров и Борис Сарафов, кои поради нивното минато, ги сметале за столбови на Организацијата.[601]

За време на Уриетот Поп Тома се нашол во Еницеврадарско. Оттука неговите спомени за тој период нудат интерсни информаци за неговата соработка со Апостол Петков и Кирил Прличев, кој бил раководител во Воденско.[602] Поп Тома ја опишува и кампањата за избор на пратеници во вториот турски парламент.[603]

[597] Исто, 127.
[598] Исто.
[599] Исто, 164.
[600] Исто, 199.
[601] Исто, 207.
[602] Исто, 288-310.
[603] Исто, 329-332.

На крајот на спомените дава информации за Балканските војни, но од овој дел може да го истакнеме само влегувањето на Тодор Александров и Георги Мончев во Солун при што истакнува: „Тогаш за прв пат се запознав со Тодор Александров, којшто дојде со група четници“.[604] Исто така ќе ја забележиме и информацијата за пристигнувањето на Јане Сандански во градот. За Сандански Тома вели: „Јане Сандански со својата група се стационираше во турските погранични пунктови, кадешто ги избрка Турците, коишто биле оставени за чување на редот“.[605]

Генерално гледано, спомените на Поп Тома се опширни и зафаќаат разни прашања од повеќе аспекти. Тие се неизбежен мемоарски извор за повеќе региони и прашања.

63. Своите спомени **Анастас Јанков**[606] ги завршил своите спомени на 19.04.1905 година. Неговите спомени се обработени во овој труд, со цел да се види ставот на ВМК кон Организацијата, бидејќи во секој случај дејствувањата на двете организации неизбежно се вкрстувале. Спомените на Јанков се оптеретени со остри критики кон членовите на МРО, со што ги прават многу тенденциозни. Притоа, цинично, полковникот Јанков членовите на МРО ги нарекува коцкари, бидејќи според него тие им ги краделе парите на селаните. Јанков во спомените многу тенденциозно ги критикува раководителите на Организацијата, пред се Ѓорче, Сандански и Делчев, но и другите раководители како: Кљашев, Москов, Чекаларов и т.н., а притоа ги величи отпадниците од МРО како Коте и Геле. Во Македонија соработува со истакнатите врховисити: Саев, Дончо Златков и капетан Јурданов.

На почетокот на своите спомени, полковникот Јанков раскажува дека бил повикан од генералот Цончев, претседателот на ВМК во тој период, при што добил наредба да замине во Македонија, за да му помогне на македонското население, кое повеќе патело од локалните патриоти, отколку од Турците.[607] Во тој контекст Јанков истакнува дека на Цончев му се обратил со зборовите: „Вие ги гледате средствата на Делчев и Ѓорче Петров, со бомби во Плевен, Шумен, Варна и Русе сакаат да добијат пари, божем за македонско – одринското

[604] Исто, 337.
[605] Исто.
[606] Истакнат член на ВМК во Софија, офицер во бугарската армија. Роден е во 1857 г., во село Загоричане, Костурско. Во 1902 година навлегува со чета во Македонија, во обид да крене востание во Костурско, но е спречен од Организацијата. Загинал во 1905 година во близина на селото Влахи, Мелничко.
[607] От София до Костур, Спомени, Полковник Анастас Янков..., 116.

дело, а всушност тие сакаат да ја засилат својата тајфа, која после тоа, ќе се распрска по Македонија и Одринско и ќе проплаче дете во утробата на мајката“.[608]

На почетокот на својата авантура која ја имал во Македонија во 1902 година, А. Јанков навлегол со чета во с. Селиште, кадешто според него селаните му се пожалиле од Трајко Христов и Чернопеев, кои земале пари за пушки, но ниту една пушка не добиле.[609] Интересно е писмото кое го праќа до селаните од Лешко, со цел да направи собир во селото Падеж, при што се потпишува како „Началник на сите вооружени македонски сили - Полковник Јанков“.[610] На тој собир, Јанков практично признава дека селаните не ги прифаќаат кога вели: „Селаните Лешковјани речиси сите молчеа, зборуваше некој си Никола, дека тие самите ќе се ослободеле, дека не треба да се грижи комитетот од Софија и да не праќа чети“.[611] Во с. Митрашинци вели дека му се жалеле од Делчев, но истакнуваат дека при аферата Мис Стон тие ги криеле актерите и жените, бидејќи членовите на МРО ги убедувале дека ќе земат многу пари, со кои ќе купат пушки и бомби и ќе ја ослободат Македонија сами, без помош на бугарската војска.[612] На друго место во спомените, во истиот контекст, изнесува еден интересен дијалог со некој селанец во Македонија и за тој настан вели: „едно велешанче, социјалист, ми рече дека сум сакал кнезот да го направам крал, дека сме биле царедворци, дека не сме работеле за народот, туку за Бугарија, сме сакале да ја соединиме Македонија со Бугарија...“[613] И при еден собир во Костурско, како што вели во своите спомени, некој ученик од с. Бапчор му дал до знаење, дека Македонија нема да ја ослободи бугарската војска и бугарските офицери и бугарскиот кнез, дека таа ќе се ослободи сама и кога ќе се ослободи нема да ги храни офицерите и чиновниците.[614]

По неуспехот за кревање востание, поради очигледниот отпор од страна на месното население, но и од раководителите не МРО во Леринско и Костурско, полковникот Јанков се повлекува во Бугарија и тоа го правда со тоа дека навлекол големо внимание кај Турците со своето присуство, па морал да ја напушти Македонија, за да не им наштети на селаните.

Колку е контрадикторен Јанков во своите спомени, се гледа во последниот дел од спомените, кога престојувал во Белград. Имено во една дискусија со рускиот капетан

---

[608] Исто, 117.
[609] Исто, 118
[610] Исто.
[611] Исто, 119.
[612] Исто, 122.
[613] Исто, 130.
[614] Исто, 138.

Стефанович, кој тврдел дека не постои македонска нација, полковникот Јанков му одговара: „Ами цар Самоил, со каква народност тргна во битка со Грците, тогаш кога Бугарите и Србите беа под Византија?“[615] Притоа Стефанович му одговорил дека тоа било словенска нација, а Јанков му вратил: „Ако вие ги гледате само српските и бугарските интереси и тоа може да биде“.[616] На крајот на оваа конверзација, побарале мислење и од извесен господин Величков која им одговорил: „за Бугарија македонското прашање е решено. Македонија за македонските народи. Значи Македонија автономна.“[617]

Спомените на А. Јанков, се доста специфични, бидејќи иако настојува постојано да ја критикува работата на МРО, сепак, во своите спомени не го крие ставот на месното население против ВМК. На крајот, иако е истакнат член на ВМК и полковник во бугарската армија, жестоко ја брани тезата за Автономна Македонија, дури и за посебна македонска нација. Со ваквите ставови, ги прави своите ставови многу контрадикторни.

64. Спомените на **Димитар Атанасов Думбалков**[618] под наслов „Кратко изложување на моите учества во трите македонски востанија во 1895, 1902 и 1903 г.“ најверојатно се пишувани непосредно по Илинденското востание, бидејќи Думбалков во самите спомени наведува дека повеќе ќе се задржи на настаните во 1895 година, бидејќи настаните од 1902 и 1903 година се сеуште свежи. Инаку и самиот наслов кажува дека Д. Думбалков во своите спомени ги опишува настаните поврзани со неговото учество во двете врховистички провокации од 1895 и 1902 година и од востанието во Серско во 1903 година. Неговите спомени се кратки и не изобилуваат со посебни информации кои се од интерес за историјата на МРО.

Во своите спомени, сосема кратко зборува за односите на ВМК со МРО, за периодот по т.н. Мелничко востание, кога Николаев се одделил од МК и формирала нов комитет. Притоа Думбалков вели: „Внатрешната организација се согласуваше со нас и беше против комитетот на Николаев“.[619] Во овој дел ги пренесува и своите ставови за видните авторитети во МРО. Па така за Делчев има високо мислење како човек и организатор на

---

[615] Исто, 155.
[616] Исто.
[617] Исто.
[618] Роден е во 1872 година, во село Сухо, Солунско. Член на ВМК и учесник во Мелничкото и Горноџумајско востание. Во 1903 година, учествува со чета во Серското востание, а во 1915 година, во една битка со Француската војска во I Светска војна, загинува како офицер во Бугарската армија.
[619] От София до Костур, Спомени, Димитар Думбалков, 99.

револуционерното движење во Македонија, кој му бил соученик во воената гимназија. Според Думбалков: „Најголемиот недостаток на Делчев бил што потпаѓал под туѓи ласкања и трикови, меѓу кој на прво место стои Ѓорче Петорв“.[620] За Сарафов вели дека не може да каже ниту една добра мисла, иако му бил соученик и другар од Военото училиште, бидејќи тој бил човек на страстите.[621]

За неговото учество во т.н. Мелничко востание, пишува дека бил во Третата востаничка чета или т.н. Серска Дружина, која била раководена од војводата **Дедо** Стојо,[622] а главниот успех на оваа чета била опожарувањето на помашкото село Доспат. Во оваа акција учествувале офицерите Георги Иванов, подоцна попознат како Марко Лерински и Тома Давидов.

За настаните во 1902 не дава скоро никакви податоци, освен дека во т.н. Горноџумајско востание, покрај него учество земале и Софрониј Стојанов, Саракинов, Дарвингов и др.[623] За настаните во 1903 година и неговото учество во Серското востание, главно ја критикува организираноста на четите на МРО во Банско под раководство на Вапцаров, кој бил близок соработник на Сандански и Чернопеев, кој го сметале за голем стратег.[624]

---

620 Исто.
621 Исто, 100.
622 Исто, 88.
623 Исто, 101.
624 Исто, 111.

## V. 2. Вреднување на мемоарската литература како извор за МРО

Мемоарската литература која се однесува на историјата на Македонската революционерна организација, пополнува една значајна и голема празнина од историјата на македонското револуционерно движење. Тоа особено доаѓа до израз ако се има предвид недостигот на оригинална документација за почетниот период на МРО. Запишаните мемоари пополнуват и многу други настани и процеси како единствени извори за овој период. Од друга страна, мемоарската литература многу често се јавува како второстепен извор и за оние настани и процеси за кои постои документација. Сите мемоари без исклучок, треба да ги вреднуваме како особено важни и интересени извори за историјата на оваа Организација. Сепак, треба да напоменеме, дека некои од нив се со непроценливо значење и како такви се неодминливи, но и дека постојат и такви мемоари кои се однесуваат само на локални настани и активности. Зависно од темата што се истражува, како и од местотото и улогата на личноста во хиерахијата на МРО, едноставно може да констаираме дека сета мемоарска литература, помалку или повеќе има свое место при проучувањето на историјата на македонското револуционерно движење. Сепак некои мемоари се од непроценливо и неодминливо значење, а други се помалку интересни за прочувачите.

Во овој контекст, секако дека е неблагодарно да се прави некоја поделба за вредноста на мемоарската литература што се однесува на МРО, но сепак за да можеме полесно да ги прпепознаеме вредностите на повеќето мемоари, ќе се обидеме да ги рангираме во неколку категории, според тежината и важноста на информациите за МРО, кои произлегуваат од самите спомени.

1. Во првата категорија би ги споменале спомените кои даваат информации за формирањето на Организацијата. Овие спомени се во врвот на ова рангирање, бидејќи зборуваат за периодот што претходел за создавањето на Организацијата, за напорите пред се на Д. Груев и И. Х. Николов за сондирање на соодветни личности кои би ги вклучиле во Организацијата и секако за самиот чин на формирањето на МРО.

Треба да имаме предвид, дека за основањето на МРО се зборува во повеќето спомени, меѓутоа, неизбежно на прво место се спомените од самите основачи на Организацијата. Другите кои зборуват за овој настан во основа ги прераскажуваат информациите од спомените на основачите. Оттука, спомените на осоновачите на Организацијата се неизбежни и единствен извор за формирањето на МРО.

2. На второ место при нашево вреднување би ги ставиле спомените кои се однесуваат на функционирањето на организациските институции на МРО: Централниот комитет; Задграничното претставништво; окружните и околиски комитети; како и четничкиот институт. Тука неминовно е да ги споменеме спомените на Ѓорче Петров, кој како член на ЦК, задграничен преставник и најблизок соработник на основачот на четничкиот институт Гоце Делчев, бил во тек со сите поважни настани.

Спомените во кои се зборува за функционирањето на институциите на МРО, изобилуват со интересни информации за активноста на ЦК и Задграничното преставништво, потоа за начинот на функционирање на окружните и околиските комитети; создавањето и активноста на првите чети и воспоставувањето на четничкиот институт и т.н. Поради конспиративниот карактер на Организацијата и ограничените можности од создавање и чување на протоколарна документација, особено во Предилинденскиот период, мемоарите при многу случаи се јавуват као единствен извор преку кои го осознаваме растежот на институциите кои биле задолжени за беспрекорното функционирање на Организацијата и воспоставувањето на нејзината базична мрежа.

3. Во третата категорија би ги поставиле спомените кои нудаат информации за стратешките политики на МРО. Овде пред се мислиме на спомните кои даваат информации за односите со Егзархијата при именувањето на учителскиот персонал; борбата за контрола над црковно -училишните општини; воспоставувањето на соработка со македонската емиграција во Бугарија и пред се со ВМК; проблемите со Тајното бугарско революционерно братство; ставот на МРО кон другите пропаганди во Македонија. За овие прашања постојат информации во повеќе меоари. Сепак, овде како неизбежни би ги вброиле споменитена Ѓорче Петров, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Даме Груев, Иван Гарванов, Борис Сарафов, Димитар Мирчев. Притоа, треба да се има предвид позициите што секој од нив ги застапува зависно од тоа на која Организација, или групацуија припаѓал во дадениот момент.

Секако значајни информации за споменативе прашања се среќаваат и во другите спомени, овде ги потенциравме само позначајните.

4. Во четвртата категорија на спомени би можело да се наведат сите спомени кои даваaaт информации за секојдневното функционирање на Организацијата на теренот во секој поглед. Вообичаено, тоа се спомени на окружни и околиски раководители, од кои некои во еден период биле легални раководители, а потоа станале илегални, а други цело време функционирале како илегални активисти првенствено како окружни и околиски војводи. Во нивните спомени се среќаваат информаци за секојдевното функционирање на Организавцијата на теренот, како на пример за начинот на агитација, финасирањето, приемот на револуционерната идеја кај населението, функционирање на тајната пошта и курирската служба, белешките за поистакнатите активисти на Организацијата, и разни настани поврзани со револуционерното движење на локално ниво. Во ова категорија влегуваат повеќе спомени. За илустарција би ги навеле спомените на Јане Сандански, Христо Чернопеев, Андон Ќосето, Христо Куслев, Славејко Арсов, Георги Поп Христов, Пандо Кљашев, Михаил Герџиков, Сава Михајлов, Аргир Манасиев и други.

5. Како посебна категорија може да се вбројат спомените кои даваат информации за воспоставувањето на т.н. паралелен систем на МРО. И овде влегува голем дел од мемоарската литература. Овде мислиме на спомените кои нудаат информации за воспоставувањето на организациските судови, за културно економската и просветната политика на организацијата, за разните мерки и ограничувања при традиционалното обичајно право, за подигање на моралните норми и искоренувањето на суеверијата, подигање на стандардот на животот и бојкотот на официјалните османски институции. Сите овие активности преставуват подготовка на населението за слободен живот при евентуално воспоставување на посакуваната автономија. Токму таквите активности на Организацијата го изградиле впечатокот дека таа на своевиден начин преставува држава во држава. Информациите од овој тип се содржани во спомените на повеќе локалните раководители и активисти. Покрај нив овде неизбежно треба да ги спомнеме видувањата на американскиот новинар и публицист Алберт Сониксен и на Австроунграскиот конзул Алфред Рапапорт. Нивните записи добиваат уште повеќе на тежина, ако се има предвид фактот дека станува збор за странци од кои едниот е има новинарско - публицистичка кариера, а другиот дипломатска.

6. Како одделна група треба да ги издвиме спомените во кои се зборува за активноста на вооружените сили на МРО и воопшто за четничкиот институт. Овие спомени се од извоpедно значење бидејќи даваат информации за тоа кога и како се создавале првите вооружени чети на Организацијата; кои биле првите раководители на четите во различни региони; за улогата на главниот ревизор на четите - Г. Делечв; за држењето на четите на МРО спрема уфрлените од надвор врховистичките чети, но и за борбата на МРО со четите на другите пропагандни чети (српски и грчки) во Македонија. Понатаму од овие спомени добиваме информации за борбената тактика на четите на МРО и нивните судири со османлиската власт; за улогата на четите во текот на Илинденското востание, како главни актери во востанието. Освен тоа од овие спомени се добиваат информации за организациските канали по кои се движеле четите, за начиниот на вооружувањето итн. Покрај тоа, бидејќи низ овие спомени се опишани сите позначајни воени судири со осмалискатsа власт од нив може да се извлечат драгоцени и единствени информации од самите преживенаи очевидци за загинувањето на многу истакнати активисти и раководители на Организацијата. Во овие спомени се опишани речиси сите поважни битки на четите на МРО со турскиот аскер и загинувањето на повеќето истакнати раководители на МРО. Во оваа категорија влегуват спомените на сите окружни и околиски војводи и други илегални активисти на Организацијата.

7. Во контекст на претходното, посебно би ги издвоиле спомените кои се однесуваат на Илинденското востание. Овие спомени претставуваат единствен извор за Илинденската епопеја. Тие содржат драгоцени податоци за подготовките на востанието, неговиот тек, ослободувањето на повеќе населени места, за односот на османлиската војска спрема востанатото население и секако за положбата по демобилизацијата на востаничките сили. Во оваа категорија влегуваат спомените на сите учесници во востанието од 1903 година. Меѓутоа, информациите во нив се разновидни, зависно од улогата на личноста во востанието и неговата хиерархија во Организацијата. Така оние што биле погоре во хиерархијата даваат аналитички податоци во еден поширок контекст на востанието. Додека оние што биле подолу во хиерархијата се задоволуват со сликовито и детално раскажување на настаните во кои лично учествувале. Сепак кога зборуваме за Востанието во Битолскиот револуционерен округ неизбежни се спомените на Дамјан Груев, Борис Сарафов, Анастас Лозанчев (членови на Главниот штаб), а потоа доаѓаат другите раководители: Ѓорче Петров, Пандо Кљашев,

Славејко Арсов, Лука Ѓеров, Г. П. Христов, Петар Ацев, Никола Петров Русински и редица други.

Додека кога станува збор за востаничките активности во другите окрузи треба да се споменат спомените на Христо Чернопеев, Јане Сандански, Сава Михајлов, Аргир Манасиев, Никола Пушкаров и други.

8. Во посебна категорија може и треба да се издвојат сите спомени кои дават информации за конгресите и слични советување на Организацијата. Тоа пред се спомени на раководители на Организацијата од различен ранг, кои зависно од хиерархијата што ја заземале во Организацијата, учествувале во работата во највисоките форуми каде се креирала организациската политика. Секако овде на прво место стојат спомените на раководителите кои учествувале на општите организациски конгреси (Солунскиот 1896, Солунскиот 1903 и Рилскиот од 1905 година), потоа доаѓат учесниците на Смилевскиот конгрес и на другите окружни конгреси, а потоа и околиски конгреси. За некои од овие конгреси постојат официјални документи, а за некои не. Така на пример мемоарите се единствениот извор за Солунскиот конгрес од 1896 година и за Ресенското советување (1894). Додека за оние конгреси за кои постои протоколарна документација за донесените одлуки, спомените се јавуват како извонреден извор за доловување на амбиентот на конгресот, за разните ставови и дискуси за време на конгресните дебати итн.

Така на пример ако се раководиме само по официјалните протокли од Солунскиот (1903) и Смилевскиот конгрес (1903), никогаш нема да ги дознаеме противречностите и различните ставови за најкруцијалното прашање од историјата на МРО – прашањето за востание. Меѓутоа, мемоарската литература го дава тоа што официјалните документи никогаш неможе да ни го дадаат, а тоа атмосфертата на самите конгреси и различните ставови во врска со прашањето за востание. Секако, мемоарската литература во тој контекст претставува неизбежен извор за Постилинденските окружни конгреси, но и за Рилскиот конгрес, кога во Организацијата започнало да се појавува фракционерството.

За Ресенското советување (1894) интересни информации има во спомените на И. Х. Николов, Анастас Лозанчев и Симеон Радев, додека за Солунскиот конгрес (1903) и донесеното решение за востание, најопширни податоци дава Л. Димиторв во своите спомени, но и повеќето останати раководители на МРО, пред се: С. Арсов, П. Кљашев, Н. Пушкаров, како и Д. Мирчев.

За Смилевскиот конгрес (1903), од непроценлива важност се информациите од дневникот на В. Чекаларов, во кој се запишани и протоколите од конгресот. За овој конгрес интересни информации има и во спомените на повеќето учесници, као што се: Д. Груев, Г. П. Христов, С. Арсов, Б. Сарафов, П. Кљашев, Н. П. Русински и други.

За околиските и окружните конгреси по Илинденското востание, како и за општиот Рилски конгрес (1905), известуваат повеќето автори на спомените, меѓу кои особено опширни информации во своите спомени ни дава Г. П. Христов, но тука мора да ги споменеме и мемоарите на: Ѓ. Петров, К. Прличев, А. Стефанов, А. Мартулков и А. Ќосето.

9. И на самиот крај би дошле спомените кои дават информации за трансформирањето на македонското революциоерно движење во време на Уриетот, како и местото и позиционирањето на македонските револуционерни дејци во време на балканските војни. Повеќето учесници во овие војни, членови и раководители на МРО, во своите спомени пишуваат за текот на војните на територијата на Македонија и нивното учество како доброволци во т.н. Македонско ополчение и разочарувањето од исходот на овие војни и поделбата на Македонија.

За атмосферата за време на Уриетот, вредни информации се содржани во спомените на: Т. Николов, Е. Паница, В. Драгомиров, Д. Мирчев и Т. Камчев, додека за ситуацијата за време на Балканските војни дознаваме главно од самите учесници во Македонското ополчение и тука неодминливе се спомените на : Г. П. Христов, Х. Силјанов, А. Стефанов, К. Лазаров и Т. П. Антов.

# ЗАКЛУЧОК

1. Кога зборуваме за значењето на мемоарската литература како извор за МРО треба да имаме предвид дека, заради недостигот на оригинална документација, особено за времето на создавање на МРО, мемоарската литература преставува единствен извор за овој период. Некои од мемоарите запишани од современиците и учесниците во самите настани, се со непроценливо значење и како такви се неодминливи. Мемоарската литература, засега останува како единствен извор за повеќе настани: за чинот на формирањето на МРО; Ресенското советување; Солунскиот конгрес (1896); Софиското советување и ставот за востанието (1903). Исто така запишувачите на настаните ни даваат директни сведоштва за целите на Организацијата и како започнало воспоставувањето на нејзината базична мрежа; начинот на агитација, како функционирале нејзините институции; за повеќе провали и афери, подготовките и текот на Илинденското востание; каква била ситуацијата и атмосферата по востанието итн.

Во други ситуации мемоарската литература пополнува празнини и таму каде што постои оригинална документација. Пример за тоа се: Солунскиот конгрес (1903); Смилевскиот конгрес; Рилскиот конгрес (1905) и други настани.

Другата причина која ја истакнува вредноста на мемоарската литература е фактот што оригиналната документација не може така описно да ги прикаже настаните како што тоа го опишуваат самите актери во истите. Класичен пример за тоа е начинот на агитација и функционирање на организациските судови. Овие активности најсликовито се опишани во мемоарската литератра. Понатаму оваа литература претставува најдобар извор за начинот на преживувањето на четите на МРО по македонските села и планини. Освен тоа мемоарската литература е основен извор за борбените активности на четите на МРО, а во тој контекст и за Илинденското востание. Оттука наведеното не обврзува со почит и респект да се однесуваме кон мемоарската литература како извор за историјата на МРО, и покрај сите нејзини недостатоци.

2. Мемоарската литература за историјата на МРО настанува во еден подолг период, од првите спомени кои се запишани речиси веднаш по Илинденското востание па се до педесетите - шеесетите години на XX век.

Непосредно по востанието, спомените ги запишува бугарскиот професор Љубомир Милетич и тие спомени се најинтересни по својата содржина. Всушност, професорот Милетич имал можност да го собере поголемиот дел од спомените на најекспонираните раководители и активисти на Организацијата. Затоа овие спомени изобилуваат со интересни информации за создавањето и развојот на МРО. Всушност тие претставуват основа за сета подоцнежна литература пишувана за историјата на македонското револуционерно движење. Овие спомени се запишани веднаш по востанието или во временски распон од неколку години потоа. Тоа е време кога природно сеќавањата се свежи, а луѓето сеуште биле под импресии од настаните и малку воделе сметка за судот на историјата. Оттука вредноста на овие спомени во однос на оние што се запишани меѓу двете светски војни, па и подоцана е многу поголема.

Спомените запишани меѓу двете светски војни во најголем дел се заслуга на Бојан Мирчев. Повеќето од нив Б. Мирчев ги запишал неколку години по објавувањето на спомените што ги запишал професорот Милетич. Претходно констатиравме дека професорот Милетич го собрал најдобриот дел од спомените на дејците на МРО, меѓутоа Бојан Мирчев го продолжил неговото дело. Фактот што повеќето спомени на Мирчев се запишани повеќе години по настаните, за разлика од тие на Милетич, кои се запишани непосредно по завршувањето на Илинденското востание, ги определува овие спомени како второстепени. Како и да е, заслугите на Мирчев за запишувањето на повеќето спомени на македонски революционери се неоспорни.

Освен Љубомир Милетич и Бојан Мирчев, спомени запишале и повеќе актери во самите настани, но и тие се запишани по повеќе години од самите настани.

Во Македонија, спомени за својата револуционерна дејност, запишале и објавиле, Мартулков Алексо и Димитар Влахов.

3. Мемоарската литература која се однесува на историјата на Македонската Револуционерна Организација, настанува во различни временски периоди и под различни политички идеологии и притисоци. Забележливо е дека времето во кое е пишувана мемоарската литература, а особено општествените процеси, имаат силно влијание врз нејзиниот карактер. Спомените запишани од Милетич, непосредно по востанието, се лишени во голема мерка од овие притисоци. Раскажувачите се лишени од надворешните притисоци, бидејќи во тој период, идејата за Автономна Македонија е сеуште активна во мислите на

самите запишувачи. Во овие спомени, не се поштедени актертите од бугарската политика и од ВМК, туку напротив, дури се подложени на жестока критика. На крај, овие луѓе не воделе многу сметка за да го задоволат вкусот на бугарската политика и општество, бидејќи не сметале дека еден ден ќе мора да живеат во Бугарија.

Мемоарската литература која настанува меѓу двете светски војни, за разлика од претходно запишаните спомени, настанува во еден многу потежок период за македонската историја и за историјата на Организацијата. По востанието се појавиле првите несогласувања и поделби во Организацијата. На Рилскиот конгрес во 1905 година, се појавиле две групации, демократска и конзервативна. На површина избиле несогласувањата во Организацијата, кои по смртта на најавторитетната личност, Даме Груев, довеле до целосно разидување на двете струи. Балканските војни и Првата Светска војна, само го продлабочиле расколот и фракционерството. Македонија по Балканските војни била поделена. Веќе по Првата светска војна, надежите за нејзино обединување, почнале да избледуват.

Актерите на спомените во овој период веќе се класични емигранти во Бугарија, а тоа им дава поинаква содржина на спомените. Нормално, во овие соседни држави, притисокот да им се наметне државната идеологија бил многу силен, поради тоа, самите автори, веќе не ги гледаат настаните од аспект на периодот за кои пишуваат, туку од аспект на моменталната реална ситуација во која биле затеканати. Приказната во овие спомени, во висок степен е свртена во прилог на бугарската идеја. Затоа во овие мемоари е очигледно застранувањето кон Бугарија и негирањето на македонскиот карактер на МРО, односно, македонското прашање од секој аспект тесно се поврзува со бугарската политика. Дури и да нема притисок врз авторите, тие веќе неколку години живееле во едно ново општество кое им дало прибежиште, па полека почнале да ја губата надежта за Автономна Македонија и нормално идеолошки се приврзуваат кон земјата во која егзистираат, при што свесно или несвесно внесуваат субјективни елементи во нивните раскажувања. Од друга страна, поради поделбите во македонското движење, протагонистите веќе заземаат своја страна во фракциите на Организаицјата, а тоа неверојатно се одразува и во спомените. Притоа субјективниот и идеолошкиот моменет доаѓаат до полн израз.

4. Основните недостатоци на мемоарската литература, на кој треба да се обрне посебно внимание при нејзиното користење се: присутноста на субјективниот фактор, непрецизната

хронологија и разните идеолошки примеси кои не се последица на реалното време за кое се зборува, туку на подоцнежните идеолошки определби на авторот.

Длабоките иделошки поделби кај членовите на МРО се последица на подоцнежното време. Ти почнале да се оцртуваат по Рилскиот конгрес, за многу посериозно да се продлабочат по Балканските војни и да кулминираат по Првата севтска војна. При една поделена Македонија, како емигранти во Бугарија, при недостиг на институционална и финасниски поткрепа во прилог на идејата за создавање на самостојна македонска држава, неизбежно, најголемиот дел од поранешните членови на МРО затекнати во Бугарија, започнуваат да потпаѓаат под бугарската идеологија. Поради тоа, повеќето мемоари настанати меѓу двете светски војни и оние запишани по завршувањето на Втората Светска војна, имаат бугарски колорит. Во прилог на ова оди и фактот што се пишувани во Бугарија и логично е авторите да ја променат идеологијата, доколку сакаат нивните мемоари да бидат објавени и да станат дел од историјата на МРО.

Од друга страна, идеолошкиот момент е присутен и во мемоарите настанати по втората светска војна во Народна Федеративна Македонија, како дел од СФРЈ. Во овие мемоари, се форсира анти - бугарската идеологија, со силна присутност на социјалистичките догми на општеството.

Еден од поголемите проблеми кога станува збор за мемоарската литература, секако е непрецизната хронологија, бидејќи, дури и најстарите спомени, запишани непосредно по востанието, се подложни на погрешна хронологија, бидејќи обработуваат настани постари од 10 години. Но сепак, поголемите проблеми доаѓаат во подоцнежните мемоари, кога раскажувачите интепретираат настани кои се случиле пред повеќе од 20-30 години. Но вредноста на мемоарите не е во хронолошката рамка на настаните, туку во природата на настаните, така што не треба слепо да и веруваме на хронологијата во мемоарите, без претходна компаративна консултација и на други извори.

5. Мемоарската литература за историјата на МРО обемно се користи во историографијата, како во македонската, така и во бугарската. Секако, некои историчари критички се настроени кон оваа литература, додека други не обрнуват никаво внимание на пропустите и слабостите на мемоарската литература, а некои дури воглавно се потпират на неа.

Во бугарската историографија, издавањето на спомените редактирани од Љубомир Милетич, во периодот од 1927 до 1929 година, извршиле силно влијание врз историчарите, кои во голема мерка ги користеле овие спомени во своите истражувања за историјата за македонското револуционерно движење.

Големо влијание врз бугарската и македонскта историографија која се занимава со МРО, извршиле книгите на Христо Силјанов, "Ослободителните борби во Македонија" 1 и 2. Овие книги, кои се сметаат за појдовна основа за македонското револуционерно движење во висок степен се потпираат врз мемоарскат литература, првенствено, објавена од Милетич.

6. Квалитетот на мемоарката литература, во висок степен зависи од нивото на образование на самите раскажувачи. Тоа осебно доѓа до израз ако се споредат на една страна спомените на Христо Татарчев, Даме Груев, Михаил Герџиков, Ѓорче Петров, Димитар Мирчев, Христо Сиљанов и други, наспроти спомените на обичните четници, од кои некои немале ниту елементарно образование.

Од друга страна, постојат учесници во револуционерната борба кои не биле вични во пишувањето, па поради тоа, нивните спомени изобилуваат со небитни податоци и приказни од секојдневниот живот на авторите, иако овие личности заземале високи позиции во хиерархијата на Организацијата. Такви се спомените на Анастас Лозанчев, Андон Димитров, Васил Чекаларов и други.

Како втор важен момент кој битно влијаел врз содржината на квалитетот на спомените, секако е местото што го заземале раскажувачите во македонското револуционерно движење. При читање на спомените, веднаш се чуствува тежината, значењето и квалитетот на информациите кој е присутен кај поистакнатите раководители на МРО.

Тука треба да ги споменеме спомените на Даме Груев, кои иако се многу кратки и недовршени, сепак изобилуваат со клучни информации за историјата на МРО. Даме бил првиот секретар на МРО и целиот свој животен век бил во самиот врв на Организаицјата. Тој учествувал во носењето на сите клучни одлики и креирањето на политиката на Организацијата. Ѓорче Петров, поради позицијата што ја заземал во Организацијата, особено како нејзин долгогодишен задграничен претставник и член на ЦК кој на своевиден начин ја креирал политиката спрема ВМК и бугарската влада, имал неограничена можност да остави извонредно богати и содржајни спомени за многу клучни прашања за историјата на МРО. Спомените на Х. Татарчев, првиот Претседател на ЦК на МРО, исто така изобилуваат со

извонредно заначајни информации, осебно за создавањето и почетоците на Организацијата, нејзините напори за масовизирање на членството, за првите советувања и конгреси итн. Иван Хаџи Николов, оставил извонредно содржајни спомени за создавањето на Оорганизацијата, но и за нејзините главни препреки во почетниот развој.

Квалитени информации се запишани и кај останатите раководители кои биле во постојана коресподенција со централата, како: Сандански, Ѓ. Поп Христов, Лука Ѓеров, Славејко Арсов, Пандо Кљашев и други.

Недостатокот на квалитетни информации, може да се види во спомените на повеќето дејци на МРО, кои во Организацијата имале маргинални должности, но по загинувањето на повеќето истакнати дејци, се обиделе да го земат приматот. Тука ќе ги спомeнеме мемоарите на Илија Докторов, Папанчев, Баждаров, Андон Димитров и други. Секако најдолу на скалилото според квалиетот на информациите стојат спомените на локалните четници кои запишувале настани од нивните незначајни епизоди во функционирањето на МРО. Тука ќе ги споменеме спомените на Крсто Лазаров, Петко Кнев, Васил Балевски и др. Секако, има спомени кои се напишани од образовани личнсоти, но слаби познавачи на приликите но МРО и како такви, нивните спомени немаат голем придонес во историјата на МРО. Такви се спомените на Симеон Радев, Артур Смит, Ѓерманос Караванѓелис и др.

7. Мемоарската литература вообичаено се вреднува како второстепен извор, поради низата можни недостатоци и субјективни моменти. Меѓутоа, ако зборуваме за мемоаркста литература која ја обработува историјата на МРО, треба да истакнеме дека таа е непроценлив извор за повеќето настани, особено во почетните години на функционирањето на Организацијата. Преку анализа на мемоарската литература која се однесува на МРО, добиваме важни информации за создавањето на Организацијата; нејзиното функционирање по региони; раководењето и структурата на месните и околиските комитети; односите на МРО со ВМК, односите со Егзархијата и бугарската влада; врховистичките провокации; фунционирањето на ЦК; начинот на коресподенцијата; создавањето четничкиот институт; за бројни афери и провали; за реконструирање на биографиите на најмаркантните фигури на МРО; за реконструирање на регионалнта и локалната историја; за културно-просветната и економска дејност на Организацијата; за секојдневниот живот на четите; начинот на вооружување и војување; за текот на Илинденското востание; состојбите за време на Младотурската револуција; атмосферата пред и за време на Балканските војни и т.н.

Нормално сите спомени не изобилуваат со квалитетни информации. Меѓутоа понекогаш и на прв поглед небитните настани, преставуваат извонреден извор за некој сегмент од историјата на МРО. Секако мораме да ги земеме во предвид и аномалиите на овие мемоари, како несовршеноста на памтењето на раскажувачите; природната пристрасност на авторот кон неговата улога во настаните; притисокот на времето врз неговата објективност и на крајот, настаните кои ги опишува авторот на мемоарите, се гледани низ неговата призма, онака како тие се врежале во неговата меморија.

Сепак, и во ваква форма, свесни за сите ризици кои ги носи овој вид на литература, ако истата се користи критички, таа дава широки можности за разновидни истражувања, анализи и синтези за историјата на МРО и нејзиниот севкупен придонес во афирмирањето на идејата за македонската национална и државна посебност.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## 1. Мемоарска литература

Арсов Ташко, Записки, редакција, коментари и поговор: Христо Андонов Полјански, Н. И. О. Студентски збор, Скопје, 1983.

Баждаров Георги, Моите Спомени, (предговор, съставителство и бележки, Ангел Джонев), Институт – „България – Македония“, София, 2001.

Балевски Васил, Кънев Петко, Спомени на двама четници на ВМОРО 1904-1908, И. К. Акшеана 2007, София, 2008.

Борбата въ Костурско и Охридско. По спомени на Иванъ Поповъ, Смиле Войдановъ, Деян Димитровъ и Никола Митревъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга III, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1926.

Борбите в Македония, Спомени на Отец Герсаим, Георги Райков, Дельо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Йордан Николов, И. К. Звезди, Софија, 2005.

Борбите во Југозападна Македонија по спомените на Лука Ѓеров и Лазар Димитров, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев, Институт за национална историја, Скопје, 1952.

Влахов, Димитар, Мемоари, предговор и редакција: Ванѓа и Коле Чашуле, Н. И. П. Нова Македонија, Скопје, 1970.

Влахов Димитар, Мемоари, второ издание, предговор и редакција: Ванѓа и Коле Чашуле, Издавачка куќа„Слово“, Скопје, 2003.

Въ Македония и Одринско. Спомени на Михаилъ Герджиковъ. II. Първиятъ централенъ комитетъ на ВМРО. Спомени на Д-р Христо Татарчевъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга IX, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1928.

ВМОРО, През погледа на нейните основатели, Спомени на Дамян Груев, Д-р Христо Татарчев, Иван Хаджиниколов, Антон Димитров, Петър Попарсов, (съставители: д-р Тодор Петров, Цочо Билярски), военно издателство, София 2002.

Възстаническото движение въ Югозападна Македония (до 1904 год.). По спомени на Славейко Арсовъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга I, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ,София 1925.

Востаничкото движење во Југозападна Македонија во спомените на Славејко Арсов, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев, Институт за национална историја, Скопје, 1950.

Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ. По спомени на Яне Сандански, Черньо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга VII, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1927.

Д-р. Татарчев Христо, Вътрешната македоно-одринска революциона организация като митологична и реална същност, торино 1934-1936, (съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов), Македония прес, София, 1995.

Илинденско - Преображенското въстание 1903—1968, Отг. редактори: Дино Кьосев и Ламби Данаилов, Редактори на спомените: Йордан Анастасов, Тодор Браянов и Илия Славков, Издателство на Националния съвет на Отечествения фронт, София, 1968.

Καραβαγγέλη, Γερμανού, "Ο Μακεδονικός Αγών (Απομνημονεύματα), Εταιρία Μακεδονικών Σπουδών, Ίδρυμα Μελετών Χερσονήσου του Αίμου", 1959.

Каравангелис Германос, „Македонската борба (спомени)“, Превод от гръцки: Илия Корбец, в: Васил Чекаларов, Дневник 1901-1903 г., Съставителство Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК „Синева” София, 2001.

Каравангелис Германос, Македонската борба.Мемоари, *Превод од грчки* Васко Караџа, Култура, Скопје 2000.

Къмъ борбитѣ в Югозападна Македония (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебърско). По спомени на Лука Джеров, Георги поп Христов, Ангел Андреев, Георги Папанчев и Лазар Димитров. Съобщава Л. Милетич, Книга IV, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1926.

Лозанчев Анастас, Илинденското востание, Култура, Скопје 2003.

Македония в пламъци, Спомени на Андон Къосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница, Записал Боян Мирчев, Съставителство: Ива Бурликова, Цочо Билярски, ИК Синева, София, 2003.

Мартулков Алексо, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Институт за национална историја, Скопје 1954.

Мирчев Димитар, Спомени, предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Државен архив на Република Македонија, Скопје 2010.

Освободителната борба въ Костурско (до 1904 год.). По спомени на Пандо Кляшевъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга II, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1925.

От София до Костур, Спомени, Полковник Анастас Янков, Майор Димитър Думбалков, Поручник Борис Сарафов, Инж. Христо Станишев, Георги Белев,Коста Шахов, Съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК Синева, София 2003.

Петров Ѓорче, Спомени. Коресподенција, (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје, 1984.

Петров Русински Никола, Спомени, предговор, редакција и коментар: проф.д-р. Даринка Пачемска-Петреска и проф.др. Војо Кушевски, Институт за национална историја, Скопје, 1997.

Поп Антов Тодор, Спомени, предговор и редакција: Зоран Тодоровски, Државен архив на Република Македонија, Скопје 2002.

Ранни спомени, Симеон, Радев, Български писател, София, 1967.

Ранни спомени, Симеон, Радев, Ново, коригирано и допълнено издание под редакцията на Траян Радев, Изд. къща Стрелец, София, 1994.

Rappoport Alfred, Au PAYS des MARTYRS, notes et souvenirs d'un ancient consul general d'autriche-hongrie en Macedoine (1904-1909), librairie universitaire j. gamber, Paris, 1927.

Рапапорт Алфред, В страната на мъчениците, Спомени на генералния консул на Австро-Унгария в Македония (1904-1909), Изд. къща Стрелец, София, 2002.

Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга.1, избор и редакција: Ц. Билјарски, И. Бурликова, З. Тодоровски, П. Камчевски, заедничко издание на Државниот архив на Македонија и на Главната управа на Архивите при Министерскиот совет на Република Бугарија, Скопје и Софија, 2001.

Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга.2, избор и редакција: Цочо Билјарски, Ива Бурликова, д-р Зоран Тодоровски, Петре Камчевски, заедничко издание на Државниот архив на Македонија и на Главната управа на Архивите при Министерскиот совет на Република Бугарија, Скопје и Софија, 2001.

Революционната борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов, София 1953.

Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов, съставител: Кирил Григоров Прличев, издателство Македония прес, София 2004.

Революционната дейност въ Демирхисаръ (Битолско). По спомени на Алексо Стефановъ (демирхисарски войвода). Съобщава Боянъ Мирчевъ, Книга XI, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1931.

Революционнитѣ борби въ Азотъ (Велешко) и Порѣчието. От Стефанъ Н. Аврамовъ, Книга X, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1929.

Силянов Христо, От Витоша до Грамос (Походът на една чета през Освободителната война - 1912 г.), издание на Костурското благотворително братство - София, 1920.

Силянов Христо, Писма и изповеди на един четник, Македонски научен иститут, София, 1927.

Силянов Христо, Спомени от Странджа (Бележки по Преображенското въстание в Одринско - 1903 г.), Книгоиздателство Хемус, София, 1934.

Силянов Христо, Писма и изповеди на един четник 1902 г., Състав.: Ив.Бурин, София, 1967.

Силянов Хр., Писма и исповед на един четник, Спомени од Странджа, от Витоша до Грамос, София, Съставителство и редакция - Михаил Неделчев, Български писател, София, 1984.

Smith Arthur D. Howden, Fighting the Turk in the Balkans; an American's adventures with the Macedonian revolutionists, New York, London, G. P. Putnam's Sons, 1908.

Смит Артър, Спомени от Македония, превод: Михаил Стоянов, Владимир Желязков, Изд. на Отеч. фронт, София, 1983.

Солунският атентат и заточеницитѣ във Фезан. По спомени на Павел Шатев. Съобщава Л. Милетич, Книга VI, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1927.

Sonnichsen Albert, Confessions of a Macedonian Bandit: A Californian in the Balkan Wars, New York, 1909.

Сониксен Алберт, Изповедта на един македонски четник, Трето издание, Изд. на Отечествения фронт София, 1983.

Сониксен Алберт, Исповед на еден македонски четник, (превод: Илија Милчин, соработник на преводот Ема Маркоска, стручна редакција и предговор Иван Катарџиев), Култура, Скопје, 1997.

Спомени на Гьорчо Петровъ. Съобщава Л. Милетич, Книга VIII, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1927.

Спомени на Ѓорче Петров, Материјали за македонската национално-револуционерна историја, книга 1, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев, Институт за национална историја, Скопје, 1950.

Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ. Съобщава Л. Милетичъ, Книга V, издава Македонскиятъ Наученъ Институтъ, София 1927.

Спомени на И.Х.Николов, Д.Груев, Б.Сарафов, Ј.Сандански, М.Герџиков д-р. Х.Татарчев редакција Иван Катарџиев, Култура, Скопје 1995.

Спомени на Јане Сандански, Сава Михајлов, Христо Куслев, Иван Анастасов- Грчето, Н. И. П. Илинден, предговор и редакција: Ѓорѓи Абаџиев, Скопје, 1951.

Спомени на Кирил Пърличев, 36 Години във ВМРО, Съставител:и редактор: Кирил Пърличев, издателство ВЕДА-МЖ, София 1999.

Спомени на Коце Ципушевъ, 19 години въ сръбските затвори, съ предговоръ отъ Симеонъ Радевъ, книжарница Св. Климентъ, София, 1943.

Спомени на С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г.Папанчев, Л. Димитров, редакција Иван Катарџиев, Култура, Скопје, 1997.

Спомени от моето минало, Тома Николов, Изд. на Отеч. фронт, София, 1989.

Татарчев Хр., Спомени, документи, материали, (съставител: цочо в.билярски), Наука и изкуство, София 1989.

Чекаларов Васил, Дневник, 1901-1903 г., съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК Синева, София, 2001.

**2. Литература**

Андонов Х., Полјански, Гоце Делчев, том. I – VI, Култура, Скопје, 1972.

Андонов Х., Полјански, Гоце Делчев во спомените на современиците, Култура, Скопје, 1963.

Аферата, „Мис Стоун", Спомени, документи и материали, Съставители: Константин Пандев, Мая Вапцаров, Издателство на Отечествения фронт, София, 1983.

Битоски Крсте, Македонија и кнежевството Бугарија (1893-1903), ИНИ, Скопје, 1977.

Битовки, Крсте, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Архив на Македонија, Скопје, 1983.

Битоски Крсте, Солунските атентати, ИНИ, Скопје, 1985.

Brailsford H. N., Macedonia, its races and their future, Methuen & Co., London, 1906.

Ѓорѓиев Ванчо, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Матица Македонска, Скопје, 1997.

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт, Македонското револуционерно национално ослободително движење во солунскиот вилает 1893-1903 година, Скопје, 2003.

Ѓорѓиев Ванчо, Подземната република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2010.

Димески Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), Студентски збор, Скопје, 1981.

Димески Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), II издание, Студентски збор, Скопје, 1982.

Димески Димитар, Гоце Делчев, јубилејно издание - 100 години од смртта на Гоце Делчев (1903-2003), Матица македонска, Скопје, 2003.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Универзитет Кирил и Методиј : Факултет за филозофско-историски науки, Скопје, 1981.

Катарџиев Иван, Борба до победа, т. 1-4, Скопје, 1983.

Катарџиев Иван, Македонија во XX век, Култура, Скопје, 2006.

Къосев Дино, Борбите на македонския народ за освобождение, София, 1950.

Къосев Дино, Историја на македонското движение, София, 1954.

Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ : (1800-1919), II дел, Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, 1976.

Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (1800-1919), II дел, Универзитет Кирил и Методиј, Скопје, 1976.

Лапе Љубен, Проект правилници донесени на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓ. Петров, ГИНИ, XVII/1, Скопје, 1973.

Лапе Љубен, Пере Тошев во спомените на своите современици, Филозофски факултет на универзитетот, Скопје, 1973.

Лапе Љубен, Нови документи за Илинденското востание, Илиндеснки зборник 1903-1955, Скопје, 1953.

Лапе Љубен, Македонија во VII, XIX и XX век, Култура, Скопје, 1992.

Историја на Македонскиот народ, книга втора, Институт за национална историја, Скопје, 1969.

Пандев Константин, Гоце Делчев, Спомени, документи и материали, съставител: Любомир Панайотов, Наука и изкуство, София, 1978.

Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878-1903, Наука и изкуство, София, 1979.

Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903, Гутенберг, София, 2000.

Пандевски Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. 1-4, Мисла, Скопје, 1987.

Пандевска Марија, Струмички револуционерен округ (1893-1903), Кн. 1, ИНИ, Скопје, 2002.

Петровъ Гьорчо, материали по изучуванието на Македония, София, 1896.

Приноси към историята на Въстаничкото движение в Одринско (1895-1903) кн. III, Революционното движение в Малкотрновския районъ, Съст. Ив. Орманджиев, София, 1933.

Силянов Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, том I, Илинденското възстание, Издателство на Илинденската организация, София, 1933.

Силянов Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, том II, Следъ Илинденското възстание, Издателство на Илинденската организация, София, 1943.

Тодоровски Гане, Формирањето на ВМРО според ракописните мемоари на Иван Хаџи-Николов, Разгледи, г. XI, бр. 10, Скопје, 1969.

Тодоровски Гане, Трактати за сонцељубивите (есеи и записи), Скопје, 1974.

Тодоровски Гане, Можно ли е и нужно ли е датирањето на раѓањето на македонската нација. (Уште еднаш над спомените на Иван Х. Николов ), Зборник, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, прилози од научен собир, одржан на 21-23. октомври 1993 год. (уредувачки одбор Ксенте Богоев , Манол Пандевски, Иван Катарџиев, Крсте Битовски) МАНУ, Скопје, 1994.

Трајановски Александар, Бугарската егзархија и македонското националноослободително движење (1893-1908), Култура, Скопје, 1982.

Христов Александар, Создавање на македонската држава 1878-1978, Скопје, 1985.

Христов Христо, Аграрните отношения в Македония през XIX и началото на XX век, София, 1964.

Шатев Павел, Заточението въ. Сахара - Фезанъ, печатница п. Глушковъ, София, 1910.

### 3. Весници и Списанија

Ацевъ П. Следъ Илинденъ 1902 (Спомени). Ил.Илинденъ, София 1939, г. XI, кн. 10 (110).

Димитров Лазаръ, Участието на Дебърско въ Илинденското въстание, Ил. Илинденъ, IX/5 (85), София, 1937.

Димитров Лазаръ, Моето участие въ револющионото движение въ Македония, Ил. Илинденъ, XIV/9(139), София, 1942.

Димитров Лазаръ, Презъ време на учелствуването ми въ Солунъ, Ил. Илинденъ, XIV/10(140), София, 1942.

Историја, Списание на сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, год. XII, број 1-2, Скопје, 1976.

Историја, Списание на сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, год. XIX, број 1, Скопје, 1983.

Мирчев Боянъ Спомени на някои активни дейци в македонското революционо движение (Ан.Лозанчев, Гр. Ст. Попев, М. Хаджи Мишев).- Известия на Института на БАН, София, 1956.

Pierre d'Espagnat – Avant le massacre (Roman de la Macedoine actuelle) – Македония – политическо и научно литературно списание г. I, кн. VII, София, 1922.

Спомени на Лука Джеров, сп. Македонска мисъл, I/7-8, София, 1946.

Татарчевъ д-р. Христо, Спомени отъ миналото, Сб. Илинденъ, София, 1922.

Хаджи Николовъ Ив., Основането на ВМРО. (Изъ запсикитѣ на Ив. Николовъ). Съобщава Хр. Шалдевъ. Ил. Илинденъ, VIII/1 (71), София, 1936.